# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 17-то продолжение на 50-тата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24.02.2004

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 50-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Наташа Биковска, Владо Илиевски, Ванчо Георгиев, Тито Петковски, Љупчо Георгиевски, Петар Георгиевски, Никола Груевски, Ристо Пеовски, Али Ахмети и Мите Николов, ме исвестија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуват на седницата.

Продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на закон за Град Скопје.

За процедурално се јави гопоѓица Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сметам дека со сабајлешниот земјотрес во Скопје, господ ни прати добра порака. Вели не го чепкајте Скопје, оставете го таков каков што е со таа територијална поделба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може и обратно тоа да се интерпретира. Господ пратил порака да се прифати предложената територијална поделба.

Повелете г-дине Чашуле, нека се подготви пратеникот Ангелка Пеева - Лауренчич.

Инаку вчера бев корегиран. По Уставот нема пратеничка туку пратеник.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Колешката Којзеклиска, намето вода и шеќер, се обиде да ни го протолкува земјотресот и на некој начин ни го зеде подготвениот шлагборд. Шега настрана,

фактот што сме тука и фактот што зад нас се претседателот на Собранието, кој е по токму тие работи експерт, значи тоа беше само скопски земјотре, еден од многуте малку посилен од другите на кој сме навикнати, а животот тече понатаму, според тоа и ова Собрание ќе продолжи да работи.

Меѓутоа, денеска за мене, ќе ми дозволите господине претседател уште една дигресија, не е во врска со темата, ама во општиот контекст и темата се сместува во него, да кажам дека е ден со симболично значење, за мене барем лично, а претпоставувам и за вас кој ќе ви кажам многу важен.

Вчера, министерскиот совет на ЕУ, ја прогласи Македонија за придружна членка на Унијата. Ние од денеска сме значи првата, во моментот единствена придружна членка на ЕУ, бидејќи спогодбата за стабилизација и асоцијација на чие што донесување имав чест да преговарам е прогласена за важечка и од овој момент, ние веќе чекориме кон тоа наше заедничко семејство на народите и се надевам дека завршницата ќе биде успешна, како што беше успешна и таа фаза.

Оттаму, честитајќи го ова со Вас, би сакал да нагласам дека земјите во унијата и воопшто земјите кои држат до европските стандарди, имено ги обединува една најважна, најтешко дефинирлива категорија, а таа е демократијата. А таа пак се темели на правото на граѓанинот да не се согласи.

Општествата и државите каде што согласноста е однапред дадена немаат место во Унијата, прочитајте ги пораките на Европарламентот и ќе видите во кој параметри треба да се движиме. Така што, ако на патот кон таа наша заедничка цел во овој парламент има битка на мислење, ако во овој парламент има разлики, ако во овој парламент има несогласувања, тоа значи дека сме витална демократија и ништо повеќе, а нашето од денеска да го сметам забрзано одење кон Унијата, ќе заврши успешно, се зависно од тоа како работите кои ќе ги договараме, а демократијата е долгорочен макотрпен процес на преговарање, како договорените работи ќе ги спроведуваме.

Оттаму, сакам да кажам дека во сегашнава фаза задвата закона, овој за Град Скопје што го гледаме денес и оној што го гледавме за територијалната организација е само договор да пристапиме кон нивно видоизменување. Ние мислиме дека не треба да се видоизменува мнозинството претставено од Владата како овластен, според Уставот предлагач, смета дека треба да се прават измени. И во тоа што тука се разликуваме, нема ништо да ни успори во нашите стремежи да станеме делови на ЕУ.

Фактот што денеска сме придружна членка доволно говори, и покрај сите проблеми што ги имавме во тој период од преговарањето, потпишувањето до ратификацијата.

Јас во правата расправа не зедов учество, заради тоа што ме раководи исто така, еден европски принцип, а тоа е волјата на избирачите. Во мојата изборна единица се одржаа неколку референдуми и тие референдуми замене, за Владата според нашиот Устав и не мора да бидат и тоа е така според нашиот поредок, но за мене според принципите со кој јас се раководам, со кој се раководи опозицијата ВРМО-ДПНЕ, тие се обврзувачки. Оттаму и нашиот глас против предлогот да се пристапи кон измена и оттаму заложбата кога ќе дојде време да влеземе во детаљи да ги изнесуваме нивните ставови.

Исто така, е обврзувачки и фактот што денеска започна собирањето на потписи за евентуалниот референдум каде што сите граѓани на оваа држава ќе се изјаснат за или против новата територијална организација и за разлика од овие локални референдуми тој ќе биде обврзувачки за сите нас, без оглед на тоа каков ќе биде исходот и не сакам да го прејудицирам, затоа што тој ќе биде мое навлегување во токлување нанешто што граѓаните треба да го кажат и нешто што допрва треба да се случи.

Меѓутоа, кога дојде ред за Скопје, Градот кој во оваа држава и покрај тоа што е најбогат, најнаселен, кој е центар, еве сега и престолнина, е град со најмногу проблеми и јас не можам да одменам преку фактот дека истата, по мое длабоко убедување непотребна активност што ја правиме и при редефинирањето на територијалната организација по другите општини, ја правиме овде, со таа разлика, што она што јас го мислам дека е грешка го удвојуваме. Во случајот на Скопје јас мислам дека е време токму сега пред конечно да се обврзиме пред Унијата дека сме цврсто решени да станеме членка, да кажеме и за тие проблеми.

Бидејќи не сум експерт за оваа работа, сега читав, проучував, се среќавав со граѓаните во пратеничката канцеларија, што  благодарејќи на американската помош и на ИБЈ ја имаме отворено, за да поднаучам, да видам, што е тоа што тие го бараат од градот, да поднаучам од експертите како тоа се прави, бидејќи и ние како граѓани ќе ги трпиме последиците, дали позитивни или негативни од ова што ќе го сториме овде, откако ќе ги донесеме, или нема да ги донесеме законите за кои станува збор. Знам, меѓутоа од праксата, а тука имам и колеги кои малку по моето студирање завршиле на природно математичкиот факултет кој ќе ви кажат дека равенка со една непозната се решава тешко ако не знаеш, со две непознати е малку покомпликувано,

ама се решава, меѓутоа, со три непознати е многу тешко. А ние, обидувајќи се да излеземе во пресрет на потребите на нашите граѓани за модернизација нанашата држава која ќени ги донесе стандардите и вредностите на Европа, па ќе влеземе и во тоа демократско семејство одиме и менуваме три работи и трр付нуваме во една длабинска реформа, како една од најзначајните реформи по донесувањето на Уставот, бидејќи ги засега непосредните интереси на граѓаните со три новитета. Децентрализацијата, персе, по себе сама во Законот за локалната самоуправа, кој е добар, кој треба да го испробаме, а бидејќи нема вечен закон кој е пропишан од сега, па до крај на векот, да видиме кои ни се неотпорностите и да видиме како заедно со развојот на нашето општество и на односите во него, би можеле да го подобруваме.

Вториот новитет во овој компексен потфат кој е навистина сериозна работа, која не треба за нас да биде важна, бидејќи стои во Уставот како последица на Рамковниот договор, мировните преговори и конфликтот што го имавме, или заради тоа што го бара Европа, туку заради тоа што нам ни треба во оваа извонредно централизирана држава, децентрализација. Јас така гледам на работите. А патем правејќи го тоа, треба да водиме сметка за рамките. Едната е уставна, а другите се нашите меѓународни обврски. И бидејќи немаат тотална слобода и државите ако сакаат да бидат делови на тој комплексен оркестар на нации, треба да се раководат според нотите што се определени заедно да ни свират и во крајна линија да бидат во тоа неатемични, туку синхрони, да излезе некаква мелодија.

Според тоа, ние ова што го правиме го правиме за нас. Сега замислете, немаме нови овластувања во една држава која од најширокиот можен облик на развластување ако се сеќавате, тие што се приближно на мојата возраст, со години не убедуваа дека државата умира, па 1991 година добивме држава, која ни стежна дотолку што пиштат сите од неа и овдека сите разговараме на линијата дека имаме строго централизирана држава. Што значи ги водовме двете крајности и сега треба да одиме кон онаа вистинската, демократската, а тоа е на граѓанинот да му овозможиме да има директен пристап до луѓето на кои преку данокот издвојуваат свои пари и преку гласот издвојуваат свој суверенитет, да му ги решаваат работите. Ѓубрето да им го собираат, тротоарите да им бидат чисти, улиците да им бидат асвалтирани, уличните светилки да горат, да има пристојна инфраструктура. Верувајте ми луѓе. Ние можеме овде да бидеме безкрајно експресни за три дена сите закони што ни требаат за европската унија формално да ги усвоиме, меѓутоа треба да погледнеме дали на улиците на нашите градови имаме Европа. Мислите ли дека на улиците треба да имаме Европа, прво заради нашите граѓани, а потоа за да

не прифати Брисел и да дојде овде во некаква си набљудувачка мисија и да рече на овие и законите и животот им е таков, нема да бидат опасно за нас, не треба повеќе да ги држиме во карантин, треба да ги примиме и да ги интегрираме, бидејќи произведуваат вредности кои ќе ни придонесат за заедничките цели. Инаку, ова го правиме за нас. Иако е така, ако излегуваме од фазата на престрога централизација во децентрализација, зарем не мислите дека поумно, барем според мојот облик така гледам на работите, начинот кој е кодифициран веќе закон за сите важечки обврзувачки за децентрализацијата и начинот на кој тоа ќе го изведеме, да ги поставиме на постојните контури да не експериментираме и со нив, заради тоа што ќе ни се случи граѓаните, управата, децентрализацијата, државата да се соочи со три новитета и тоа среде година на која треба да се избере нова управа, значи четвртата нова абота. Во тој случај ќе дојдеме во ситуација да не знаеме каде попрво, како во равенката со 3 непознати да се свртиме. Ние ќе ја решиме и нема работа што човекот не може да ја стори, доколку е цврсто решен да ја изведе. Меѓутоа, однапред кога тргнува кон таквиот потфат треба да ги согледа последиците и да реши дали со нив може да живее, без разлика дали се позитивни, или негативни. И сега доаѓаме до тоа па прашањето, па последиците, па дел од тие последици ги гледаме и во оваа парламентарна расправа и по повод Скопје и по повод другите општини, но на случајот Скопје се гледа многу подрастично и по аромантно и би требало да не замисли дали навистина ни треба сега откако тоа што ни е нужна потреба да ја децентрализираме државата, како тоа што ни е обврска заради нашите амбиции да бидеме дел на Европа и на  НАТО го правиме, зошто мораме да го отвараме и сега и ова ново прашање, кое за многумина овде се нарекува граници на општините, кој за многумина значи разделување, или интегрирање, вештачко спојување или вештачко етничко прочистување.Значи отвараме по мое длабоко убедување нешто што сега, ако веќе мора нешто да се отвори, сега не е време.

Второ, јас сум убеден дека и тоа се гледа најмногу на Скопје, дека ние не правиме до крај изведена децентрализација. А уште помалку, разликуваме сериозен концепт кон односот кон руралното и урбаното. Ние и натаму гледаме на село и на град по старомодни согледби. Ние треба да гледаме на производители на храна и на производители на други добра кои се прават во урбана средина. Не треба да гледаме на фактот што некој ќе остане општина надвор од градот, а нашиот град е веќе повеќе од една четвртина од вкупната популација на државата и претставува проблем за себе, за неговите граѓани и за државата, да ни биде тешко ако некоја

општина нема да ја припоиме кон овој мамут, кој не може самиот да си даде себе си одвед, па од урбана средина по квалитеетот на животот станува село. И тука не е виновен еден, друг, трет политичар, градоначалник или граѓанин. Природата на нештата е да имате таква дебалансирана концентрација на нселениеи потребно е толку алку пари, да дојдеме до такви резултати.. Знаете што, Минхен е еден од најорганизираните градови во Баварија, во Германија и во Европа. Неговата соседна општина е урбана. Која е разликата меѓу Минхен и таа општина. Во тоа што во таа општина можете да гледате крава, можете да имате добиток, а во Минехн не. Но стандардите и таму и тука се градски во таа урбана општина се повеќе градски, луѓето бегаат од Центарот на Градот, кој по природата на дотрајувањето на урбаната инфраструктура станува непогоден за живот, па одат надвор, меѓутоа, не значи дека изгубиле статус на граѓани дека во пежуративна смисла се поселанчиле, па сега треба ајде и таа општина каде што се преселиле да ја припоиме и наеднаш ќе добиеме во Република Македонија една општина скопска со 600 илјади жители, рече министерот, и јас му верувам, ги гледав податоците и тоа е така. Потесното градско подрачје половина милион и повеќе, општините кои логично гравитираат кон еден ваков мамутски центар му придодаваат уште стотина илјади кој ќе видите дека на 10-тина километри се Куманово и Тетово, ќе видите дека ние имаме дебалансирана држава во која се обидуваме да изведеме децентрализација и наместо да се фатиме со овој проблем, па да ја погледнеме таа иста Словенија, да не одиме до Баварија, па да видиме како водеше Репбулика Словенија од фазата на Народна Социјалистичка до денешна самостојна сметка за Љубљана, меѓутоа не за градот, туку сметка за државата да не дојде до нејзино дебалансирање. Ние сега што правиме. Водиме овде битка бидејќи покрај децентрализацијата и начинот на кој неја ќе ја издржиме за тоа кој каде ќе го сместиме, водиме битка дали да придодадеме една или друга општина, наместо да видиме што ќе правиме со тололкав град и дали тој град може да функционира.

На тоа ако додадеме факт дека Уставот имаме, да ми простите на изразот, хермафродитска дефиниција за Скопје, ниту е двостепена локална самоуправа, ниту едностепена. Во таквата стапица сме фатени сите. Како да го решиме тоа. Уставот вели дека општината, а и логично е, потребите на граѓанинот се тие, општината да му биде таа каде што својот непосреден интерес ќе го остварува се тоа. Ние сега во Скопје додаваме нова инстанца која и досега беше нефункционална, имаше крупни проблеми, сега се обидуваме со дотерувања да ја доведеме во некаква поголема функционалност. Се плашам дека зачекоруваме на просторот кој нема да даде не

само резултати, туку тешко ќе може да се правда од уставна гледна точка. Јас сум жител на општина Центар, јас не сакам мојата општина да биде иницијативен одбор во заедницата на општини наречена Град Скопје. Или ќе биде општина, или да ја нема да го направиме Скопје една општина. Значи, опциите се чисти, ние не треба заради една или друга консеквенца, или последица, а ние со последиците мора да се соочиме, мора да изградиме стратегија како со нив ќе продолжиме, па да се решиме. Или ќе имаме автохтони општини здружени во заедница на општини наречена главен град на Република Македонија со своја метрополитенска зона која ќе се обидува да ја интегрира целината на интересите на сите жители во сите општини, или ќе имаме една општина. Јас можеби не знам, а најверојатно некој ќе ме исправи, ќе најде причина и некој експерт да каже не е баш така, меѓутоа не гледам некоја причина дека ќе имаме еден облик на ограничена самоуправа ќе го дооослободиме и доцентрализираме ако му додадеме друг облик на самоуправа, кој не живее во Скопје не знае, до кој тешко се доаѓа. Во овој момент на нашата пресконцентрирана држава треба да поминете низ општинта, низ подрачната единица и после да стасате до градот. Ако ние општините во Скопје ги дивестираме од последното, а тоа е урбанистичкиот план и директно општење со граѓаните тогаш навистина зошто ги правиме. Плус тоа држејќи до некаков си политички компромис ги нарекуваме општини а ги сметаме за организациони целина на друга општина. Добро е што сме во прва фаза, добро е што се повеќе фази, добро што станавме придружена членка, добро е аплицираме заради тоа што во целиот овој период до довршувањето на оваа извонредно комплексна задача ќе мораме не само декларативно, туку и фактички да се осврнеме кон овие работи и да видиме што ќе направиме со главниот град на Република Македонија. Дали и ова решение е најдобро, јас не сум убеден дека е така, луѓето што ги консултирав, на маса имам едно брдо хартија и размислување на експерти од областа на урбанизмот, од областа на комуналното живеење кои велат дека не се тоа најсоодветни решенија.

Но, она што е за мене важно и за претходниот и за овој закон е зошто мора да правиме при волку комплексен потфат со децентрализацијата на државата, на Скопје и хармонизацијата на неговите општини да правиме нов територијален распоред во градот. Што добиваме со тоа? Во случајот на државата се три непознати, во случајот на Скопје ќе бидат 4 и изборната фаза која од сето ова ќе направи маркетиншка каша, ќе биде петтиот елемент на непознато со кој ние догодина кога ќе бидеме навистина под лупата на тие што ќе ни ги постават прашањата врз основа на нашата апликација ќе имаме безмалку крупни

непознаници, крупни предизвици на кои не знам дали сме во овој момент соодветно екипирани да одговориме. Според тоа немојте да мислите дека мојата заложба, заложбата на ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија, на опозицијата е да задржиме макар едно препознатливо сидро при позитивната радикална промена на другите две за да може да ни успее потфатот, па потоа во еден преоден период не менувајќи ги општините во внатрешноста и во Скопје да видиме дали овој облик на децентрализација за Република Македонија е функционален, дали овој облик на финансирање е добар.

Ние во оваа децентрализација не одиме до некогашните општествено политички заедници наречени општини кои ги имавме во самоуправувањето, кои беа држави со свои изворни приходи и со свои изворни државни ингеренции, ние одиме во еден доста сериозен исчекор од сегашната децентрализација кон еден поблаг од тој облик на децентрализација. Нас општините со исклучоци не ни создаваат изворни приходи кадарни тие општини да ги држат на нозе па да видиме ако не знае со нив да управува да се смени управата, советот и градоначалникот, или ако според изворите што ги има на својата територија не може да создаде простор да опстане тогаш да прогласиме банкрот и да ја припоиме кон друга поуспешна. Ние имаме повторно алокација на пари. Буџетот се полни од даночните обврзници, кои се тие во Република Македонија, некаде околу 400 илјади. Тие истите се распоредени по сите овие општини. Тие истите ги даваат парите кои ние овде со одлука во Законот за финансирање на локалната самоуправа ги определивме 1% ваму, 2% таму, од данокот уште толку на приходи на имот толку и повторно истиот круг на луѓе ги финансира истите функции.

Според тоа, ако општина Бач или ако општина Арачиново или ако општина Другово ги припоиме кон други општини ние само до некаде го намалуваме бројот на вработените во управата на тие општини. Но, општината што ќе ги земе ингеренциите на себе ќе мора ако не во толкав број во помал број, но сепак ќе мора да има по некој вработен повеќе. Ние всушност не ја менуваме композицијата, ниту ја зголемуваме, ниту ја намалуваме, изворната моќ за финансирање на општините. Тие 500 жители на Бач во Битола или не, пак некој ќе мора да им овозможи да ги остваруваат своите пари и тие повторно од истиот куп на пари ќе бидат земени предвид, со таа разлика што не сум убеден дека моќните урбани средини, Битола е повторно град во помала мерка со слични проблеми како Скопје, дека ќе може при таква една комбинација на рурално и градско, во областа на финансирање, со оглед на тоа што парите во својот поголем дел доаѓаат од исто место да даде таков одвет

за проблемите на таа општина, која би требало да ја развиваме како област или место за производство на храна, нешто што во овој момент во светот е индустријата на иднината. Ние не треба да бегаме од тоа затоа што некој се плаши дека на село значи да живееш како во 19 или 18 век. Не, ние треба да направиме таков механизам за развој на севкупната наша држава од тие средини за производството на храна да правиме по квалитетот на животот град, а да ги задржиме нивните територијални одлики за да може производството на храна да се одвива така како што треба.

Значи ако е веќе така, ако навистина коренито задираме во областа на децентрализација, ако ја финансираме на извонредно деликатен и комплексен начин и ако во изворите ништо не се менува тогаш дајте да останеме на постојниот модел кој според сите експерти е добар и не е добар, ама нема идеален и 70 не наоѓа, првичниот предлог беше и помал, на прием, имаме од сите страни забелешки ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чашуле вие преминавме на претходната точка, која веќе ја апсолвиравме.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Во случајот во Градот Скопје имаме формирање, создавање на нови општини, редистрибуција на општини кои било нови било стари, било со промена на нивната внатрешна територија не го решаваат проблемот, а придодаваат само кон него, така што тоа што важи за целината на земјата најмногу важи за Скопје. Средиштето на финансирањето на се се даночните обврзници кои по несреќа, заради погрешното планирање со години во оваа држава се сконцентрирани тука. Ако општината ја сваќаме според нејзината вистинска карактеристика местото каде што граѓанинот со најмалку напор ќе дојде да ги оствари своите непосредни интереси тогаш не ни треба прекројување, бидејќи прекројувањето не ни носо поголема ефикасност во финансирањето, не носи поголема ефикасност во работата, а по најмалку тоа ќе го води во Скопје, затоа што навистина ако ме прашате дали меѓу мојот проблем и моето решение ми требаат две инстанци, државата како три, како граѓанин на Скопје јас ќе ви кажам, а мислам дека и граѓаните тоа го споделуваат со мене, барем од она што го слушав од средбите во пратничката канцеларија тие не ќе сакаат за решавање на еден проблем да финансираат три инстанци. Тука се губи господине

претседателе таа енергија и тука е врската меѓу двата закона кои ние не можеме да ги гледаме во принцип раздвоено само заради тоа што се две точки на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

Има збор пратеникот Ангелка Пеева Лауренчиќ, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Постојат најмалку три причини за донесување на нов закон за Градот Скопје.

Првата е заради тоа што последниот закон за Градот Скопје му нанесе можеби и поголема архитектонска штета од онаа од земјотресот 1963 година. Денеска имавме среќа и немавме таква штета.

Второ, заради тоа што постојниот Закон за Град Скопје не го ограничува политичкото влијание на државната власт врз градот, а имавме примери Скопје да не може да обезбеди локација за капитални објети во корист на сите граѓани, или пак години кога имаше за 13 пати помал годишен буџет, дури и од еден Нови Сад, кој што не е главен град на држава.

Трето, заради тоа што постојниот Закон за Градот Скопје доведе до паралелизам во одлучувањето помеѓу општините и во таква недефинирана ситуација најмногу и најчесто страдаа граѓаните и беа незадоволни од сервисите и услугите што градот и градоначалниците во Градот Скопје им ги даваа.

Разгледувајќи го статусот на територијално организационата поставеност на Градот Скопје согласно предложеното решение за кое денес разговараме не може а да не се тргне од глобалниот концепт на кој се темели предложениот и понудениот закон.

Овој концепт на делегирана одговорност помеѓу општините и Градот Скпје во пракса повторно може да не одведе до дуализам во одговорностите и надлежностите. Многу почист, појасен, попрактичен, пофункционален и поодговорен е моделот на лоцирана одговорност па да се знае кој ја завршил работата, кој сработил нешто, а кој не сработил ништо. Значи, се залагам за Скопје како град со еден градоначалник и совет и соодветен број на реони, дискрити, или како ќе ги

наречеме и како ќе одлучиме во овој Парламент кој ќе бидат раководени од градоначалникот и советот на Градот Скопје.

Во корист на овој концепт говори сегашната реална состојба на комплетна архитектонска дисхармонија на градот и драстично различното ниво на стандардот на живеење на граѓаните во Градот Скопје. Еден пратеник од опозицијата вчера спомена дека имама кал до колена во центарот на Скопје, а јас би додала дека состојбата не е така лоша на пример во Карпош. Заради тоа многу е важно да се направи баланс и да се обезбеди барем приближно еднакво ниво на урбанистичка и инфраструктурна обезбедност на општините, а со тоа и еднаков стандард на живеење на граѓаните во сите општини во Градот Скопје.

Во поткрепа на концептот за кој се залагам одат и многу делови од законот кој што денес го разгледуваме. Да тргнеме од начелата на кои се темели предложениот закон.

Едно од вкупно петте начела вели - економичност која подразбира функционална и економска оправданост за определување на нивото на кое Ќе се извршуваат надлежностите. Ако се тргне во почитување на ова начело ќе стигнеме до концептот за кој што јас се залагам - еден градоначалник и еден совет за целата територија на Градот Скопје.

Начелото три - рационалност, ефикасност и квалитет во извршувањето на надлежностите. Една градска администрација е многу порационална од 7, 8, 9 или 10 администрации. Многу поефикасна и многу поодговорна.

Начелото број пет - почитување на природната, функционална и административна неделивост на одделни функции на Градот Скопје. Сите функции на Градот Скопје се неделиви ако тргнеме од тоа дека сите граѓани на Скопје треба да имаат еднаков стандард на живеење. Значи, и начелата врз кои се заснова понудениот законски текст соодветствуваат за евентуална промена на глобалниот концепт на овој закон т.е. концепт на јасна и лоцирана одговорност.

Многу е карактеристичен членот 18 од предложениот закон кој вели: “Градот Скопје е одговорен за вршење на работите од негова надлежност утврдени со Законот за локална самоуправа и е супстидијарно одговорен за вршењето на работите кои со овој закон се утврдени како надлежност на општините во Градот Скопје”. Ако убаво се анализира членот 18 излегува дека општините ќе работат и доколку работат добро се е во ред, но доколку нешто им тргне наопаку и не можат да си ја завршат работата тогаш супстидијарно е одговорен Градот Скопје.

Почитувани колеги пратеници,

Ова се крупни работи и треба да бидеме подготвени да носиме и крупни одлуки. Да донесеме закон со кој јасно ќе ја лоцираме одговорноста или пак да ја укинеме функцијата градоначалник на Град Скопје и совет на Град Скопје и да го немаме начелото на супстидиарност. Да знаеме точно кој и за што одговара во локалната самоуправа на градско ниво. Во тој случај да ги остаме општините да си ја тераат својата политика во своите граници на територијата што ја претставуваат, секоја за себе согласно умешноста на администрацијата и градоначалникот што ја води истата.

Бидејќи не сум до крај убедена дека е можна промена на концептот на кој е поставен понудениот закон, а заклучокот го изведувам врз основа на сите дискусии кои во текот на вчерашниот ден ги чувме од сите пратеници кои што говореа на парламентарната говорница, дозволете ми накратко неколку сугестии за предложениот текст на законот.

Законот одлично го регулира прашањето на деталниот урбанистички план што сега преминува во надлежност на Градот Скопје и може да обезбеди планиран развој на урбанизмот, но како надлежност на општината е оставено донесувањето на програмата за поставување на времените објекти, кои многу често можат да ја нарушат сликата ако се земе во предвид досегашното искуство во Градот Скопје. Значи, програмата за поставување на времени објекти да ја нови градот, а општината да ги издава потребните дозволи за таа намена.

Во делот на основнот образование апсолутно сум против истото да биде во надлежност на општините. Сметам дека квалитетот на условите по кои се изведува наставата на подрачјето на Градот Скопје треба да бидат воедначени и стандардизирани, а не да зависат од менаџерските способности на секој градоначалник по општините на територијата на градот.

Во делот на распределбата на средствата остварени од изворните приходи на градот и општините во Градот Скопје предлагачот предлага формула утврдена по претходно усогласување на општините и градот и тоа до месец јуни во тековната година за наредната година. Би му честитала на оптимизмот на министерот и на Владата доколку мислат дека 7, 8 или 9, колку градоначалници ќе можат да се усогласат за тоа колку пари на кого му треба за извршување на нивните програми. Заради тоа јас сметам дека е неопходно во законот да се прецизира уделот на средствата од изворните приходи кои што ќе припаднат во општините и кои што ќе останат во градот.

Непотребен е членот 31 во кој што се вели дека градоначалниците и градоначалникот на Градот Скопје треба најмалку еднаш месечно да се состануваат и да разговараат за нивните прашања. Тоа е сепак право на лична одлука на нивната соработка и дијалог.

На крајот уште еднаш да потсетам за почетокот, стојам на становиште дека поефикасен, поодговорен е концептот на еден градоначалник и еден совет на територијата на Градот Скопје. Причините ги образложив и се надевам дека пратениците ќе размислат околу ова прашање и во втората фаза би можеле да тргнеме со тој концепт.

На крај, дозволете ми да му честитам на министерот за локална самоуправа за големата енергија и напор што го направи во предпарламентарната расправа, вклучувајќи го во неа невладиниот сектор, заинтересираната јавност, стручната јавност што секако ја олеснува и нашата пратеничка работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Претходната говорничка сеуште во својата глава има моноумие, едноумие, па не може да заборави дека Скопје имаше 50 години еден претседател и еден совет. Ние можеме да видиме дека десната страна од Вардар е навистина една урбана целина која што прилега на Европа, а додека левата страна прилега на едно село кое што навистина не треба да го имаме во Скопје. Јас сум за тоа Скопје да нема десет општини доколку ме прашува мене, туку да има две општини, една од десната страна, а другата од левата страна на Вардар. Мислам дека тие полесно ќе се разбираат меѓу себе, не со еден претседател, туку со два претседатели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, госпоѓа Пеева.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Незнам зошто колегата и за вакви прашања се оптоварува со работи кои што не прилегаат да ги дискутираме во однос на законот за Градот Скопје. Дајте еднаш да ги тргнеме етничките односи и да размислуваме воопшто за граѓаните. Еден пратеник вчера кажа: за едните месото, за другите сосот. Јас мислам  дека сме сите

во иста каша. И градот е главен град на Република Македонија и треба да биде убав, среден и хармоничен, затоа што срамота е кога ќе дојдат странски делегации во него. И тука не станува збор ни за лева, ни за десна страна, станува збор за граѓаните на Градот Скопје и Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во излагањето на госпоѓа Пеева се препознав кога рече дека вчера пратеник кажа дека во центарот на Скопје газиме кал. И навистина тој е единствен европски град каде што денеска во центарот газиме кал, а дека во општина Карпош нема кал. Точно е, јас живеам во општина Карпош, ние немавме кал ни пред градоначалникот Стевче Јакимовски, тоа е добро. Така што добро би било и во центар да нема веќе кал.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Јас не го споменав господинот Стевче Јакимовски. Тоа е дело и на господинот Владо Станковски, пред господинот Стевче Јакимовски. Воопшто не алудирав на вашата дискусија. Имаше и други пратеници кои го споменаа центарот на Скопје кал до колена. Значи во секој случај на Скопје му е потребен еден хармоничен развој и еден градоначалник кој што ќе се грижи за сите негови делови подеднакво. Вашата реплика оди во правец на мојата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само између Станковски и Стевче Јакимовски имаше уште еден градоначалник таму.

За реплика се јави господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана госпоѓо, вистина е дека Скопје е административен центар и главен град на Република Македонија. Меѓутоа, и сите други главни градови на другите држави се главни градови на жителите кои што живеат во тие главни градови. Рим е главен град на Италија, меѓутоа таму живеат италијаните. Скопје е главен град на Македонија каде што живеат македонци и албанци. За да го

докажеме ова дека е главен град на овие народи кои што живеат тука, тогаш треба и сообраќајните знаци да бидат двојазични, тогаш треба сите фирми на разните претпријатија да бидат на два јазика, сите објекти кои што ќе се изградат да бидат за граѓаните на Скопје. Зарем не може да одлучи претседателот на Скопје дали ќе се изградат основни училишта на албански јазик. Затоа бараме во главниот град Скопје како административен центар, како главен град на Република Македонија каде што ќе има рамноправност за сите што живеат во Скопје. Скопје е град каде што живее поголем број на албанци во Македонија и до доцна бил центар повеќе населен со албанци и од Приштина и од Тирана. Тогаш, како можеме ние сега сите објекти, сите натписи кои што се во Градот Скопје да бидат само на македонски јазик. Каде вие гледате дека овој центар ќе биде космополитски центар, а натписите да бидат само на кирилско писмо и на македонски јазик.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Незнам зошто мене ми реплицирате за прашање за кое што воопшто не говорев. Прашањето за кое што говоревте е регулирано со некои други законски акти и некои договори кои што претходно биле склучувани. Инаку, се согласувам со вас дека Скопје треба да биде космополитски град и треба да биде метропола. И токму заради тоа го предложив овој концепт со еден градоначалник за целата територија на Градот Скопје. Во Скопје ќе живееме сите со еднакви услови и стандарди на живеење. Затоа е потребен градоначалник што ќе се грижи подеднакво за сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници, на дневен ред е законот за Градот Скопје, еден од последните закони од пакетот на закони за децентрализација. Пред малку го имавме законот за територијална организација на Република Македонија  кој што побуди голем интерес. Со оглед на тоа што меѓу другото и овде има една територијална реорганизација, Градот Скопје е скоро една четвртина според последниот попис од бројот на жителите во Република Македонија главен град на Република Македонија. Исто така, сметам дека побудува голем интерес кај граѓаните во Република Македонија  на каков начин ќе биде решен. Како и за секој закон кој што го донесуваме првото прашање кое што го поставуваме,

велиме, дали овој закон треба да се донесе. Која е целисходноста на неговото донесување, што не обврзува да го донесеме овој закон, или да не го донесеме овој закон, т.е. да работиме според постојниот закон. Во предлогот на Владата во причините поради кои што треба да се донесе овој закон наведено е, дека поради усогласување со Уставот на Република Македонија каде во членот 117 во став 1, 2,3,4 и 5 децидно стои што се треба да се направи за Градот Скопје за да биде усогласен со Уставот на Република Македонија. Меѓу другото во ставот 1 од член 117 дека треба да биде посебна единица на локална самоуправа. Во ставот 2 наведени се надлежностите кои што треба да се децентрализираат и да ги има Градот Скопје, исто така надзорот, законитоста и сето она кое што треба да му се довери на Градот Скопје. Покрај тоа се вели дека како втора причина поради која што треба да го донесеме овој закон е поради тоа што во членот 4 од законот за локална самоуправа децидно се кажува дека Скопје е посебна единица на локална самоуправа и за него важат сите одредби од законот за локална самоуправа доколку со закон, нормално за Градот Скопје поинаку не се уреди. Сакам да кажам дека не е изрично наведено дека мора да има закон за Градот Скопје, туку вели, доколку со закон поинаку не се уреди.

Трето, поради надминување на слабостите кои што се јавуваат во досегашното функционирање на Градот Скопје како една сложена организација на единица на локална самоуправа со општините во неговиот состав. Јас се согласувам дека се оправдани причините поради кои што треба да се донесе овој закон за Градот Скопје, меѓутоа не се согласувам токму со вакво решение, иако можеби не можеме да најдеме, сигурно не можеме да најдеме некое апсолутно точно решение, сите решенија се помалку, или повеќе компромис меѓу повеќе решенија. Се прашувам дали мораше да се направи токму вакво решение. Со овој закон т.е. со начинот на кој што е решен овој закон, сметам дека посебно се вознемирија граѓаните на Градот Скопје, особено од левата страна на Вардар, бидејќи знаеме дека војната беше неодамна, само неколку години, повторно се вознемирија страстите, значи повторно се отвараат старите рани. Дали оправдано, или неоправдано, со нивните постапки, ќе го кажат граѓаните. Меѓутоа, се поставува прашањето која е таа позадина и која е вистинската причина за донесување на овој закон и токму во делот на новата организациона поделба, или на новите граници на Градот Скопје. Сметам дека при донесувањето на овој закон требаше повеќе да бидат консултирани експертите, ние ги читаме сите, тие пишуваат по весниците, но друго е да пишуваат, друго е кога официјално ќе бидат вклучени во некоја екипа, во

некој тим од надлежните министерства, од ресорните министерства за да би нивното мислење било многу порелевантно. Исто така, сметам дека требаше да биде ова после пописот во кој што покрај бројот и структурата на жителите на Градот Скопје ќе можеше да се види нивната економска состојба и сето она, сите оние податоци што ги дава пописот за да би можеле порелевантно да одлучуваме за новиот предлог, или каков ќе биде новиот предлог на организација, или целосно за Градот Скопје. Исто така, сметам дека и градоначалниците не беа доволно консултирани. Тие дури направија свој предлог на закон. Не знам колку Министерството ги разгледа, ги усвои тие предлози, меѓутоа очигледна е нивната преписка преку медиумите и нивното да речам несогласување, или нивниот револт поради недоволната нивна вклученост. Можеби е маркетинг, меѓутоа сметам дека исто така би требало и тие да бидат вклучени во некои официјални тимови со оглед на тоа што се сега актуелни градоначалници на скопските општини и тие се од различни политички партии, значи не се од една. И тоа е доста значајно што сите тие застанаа поради еден свој заеднички предлог, значи може да се исклучи партиската определба на одредени градоначалници.

Исто така, сметам дека требаше да се направи некоја поголема анкета за да би можеле да се видат размислувањата на граѓаните особено во оние делови во кои што се проблематични, или се менува нивната припадност кон една, или кон друга општина. Исто така, јас би ги кажал оние мои конкретни забелешки и размислувања по однос на овој закон. Имено, во овој закон општините во Градот Скопје се практично недефинирани, бидејќи ниту се единици на локална самоуправа, ниту се, ниту не се. Значи, според законот за локална самоуправа ние имаме два типа на единици на локална самоуправа, тоа се тие единици на локална самоуправа во внатрешноста и Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа која што и со овој закон се третира. Меѓутоа, општините во Градот Скопје тие се во овој закон во член 1 се наведуваат како организациони делови на Градот Скопје, потоа се делат како градски општини, како општини на Градот Скопје. Сметам дека тие на некој начин произлегува дека се некој трет вид на општини, како што некој колега мој кажа овде, ниту жена, ниту риба, значи некогаш општини според надлежности, некогаш не се општини. Поради тоа сметам дека овој дел кој го регулира ова прашање законот за Градот Скопје не е доволно разработен и сметам дека на општините на Градот Скопје требаше да им се даде поголема самостојност за да би можеле овие општини да функционираат подобро и поблиску до граѓаните, бидејќи на некој начин според сето ова што се нуди во законот имаме извесна поголема

централизација отколку децентрализација, иако министерот во својот говор рече дека тие надлежности се спуштаат од државата спрема Градот Скопје и тоа е она практично објаснувањето што би значело децентрализација. Јас ќе речам да, меѓутоа децентрализацијата значи што поблиску до граѓаните. Значи, граѓаните имаа некоја поголема блискост со сегашната поделба на Градот Скопје со постојните општини. Сега на овој начин таа се дига на втор степен, иако не е на ниво на држава, меѓутоа подалеку е од најнепосредните општини кои што до сега постоеја во Градот Скопје. Понатаму, она што најповеќе е интересно во овој закон за Градот Скопје, значи, има неколку работи кои што го покренаа мојот интерес, а тоа е новата територијална организација на Градот Скопје, надлежностите и финансирањето на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, или градските општини, или организационите делови на Градот Скопје. До сега според последната организација функционираа седум општини. Со новиот закон во член 11 се предлага да постојат 11 општини. Најважната од овие територијални измени што сега се предлагаат е постојната општина Чаир се дели на две општини, практично се издвојува општина Бутел, значи, почнувајќи од Скопје-Север па нагоре и оној дел од постојниот дел на Чаир, значи, од улицата Џон Кенеди до Скопје-Север, тоа сега влегува во новата општина Чаир и притоа и се додаваат и делови од Центар, така што се доаѓа до улицата која оди од мостот Гоце Делчев па се до Саемот. На овој начин се формира една нова општина, јас не знам зошто. И се прашувам дали мораше, првото прашање е дали мораше да се формира нова општина. Бидејќи ние велевме и во законот за територијална организација во претходниот, дека еден од главните критериуми поради кој што формираме нови општини е дека тие економски не можат да издржат и претставуваат некоја целина, зборувам економски според новите надлежности кои ги имаат. Во радот Скопје сите општини финансиски се доволно моќни, доволен број на жители, компактни се  за да останеа во оние граници во кои што беа. И верувајте доколку не се променеа границите, многу малку ќе се вознемиреа граѓаните во Градот Скопје во Република Македонија, а највеќе во оние делови во кои што овој закон се менува т.е. се формира новата општина Чаир. Особено што оваа општина е мултиетничка, дава еден посебен белег за нејзиниот карактер. Така што сметам дека најмалку што требаше да се направи, требаше ова. Значи, не можевме да избереме подобар начин за да ја вознемириме јавноста, граѓаните во Република Македонија. Единствено објаснување е од етничка природа и мислам тоа треба да се каже, тоа е еден политички договор меѓу две политички

партии од власта СДСМ и ДУИ. И тоа не е проблем доколку тоа јавно им се објасни на граѓаните на Република Македонија за тие да знаат за каков предлог се работи.

Очигледни се две барања или две последици кои произлегуваат од оваа нова поделба, а тоа е да се добие со голем процент општина со албанско население во Република Македонија и таа да излезе што поблиску до Вардар. Тоа е практично на реката Вардар, од левата страна, бидејки тоа што останува се само институции, почнувајки од МНТ, завршувајки со Радио телевизија Скопје. Меѓутоа, пак ќе речам не е ни тоа толку проблем, доколку биде транспарентно направено, значи да им се каже на граѓаните која е позадината, која е главната причина поради оваа нова територијална организација на Градот Скопје и можеби ова е една од најзначајните причини поради кои се донесува овој закон.

Сметам дека не смееше да се постапи на овој начин, да се менуваат границите. Затоа, и во Предлогот на законот се дадени општините, меѓутоа , никаде не е даден ниту вкупниот број на жители, ниту етничка структура на тие жители, и тоа на општините кои постојат сега и општините што се предлагаат, а тие се само 7, со Градот Скопје се 8 или според новиот предлог се 9, со Градот Скопје се 10, додека кога го имавме претходниот Закон за територијална организација имавме 62 нови општини, 123 постојни општини и за сите табеларно беше даден бројот на жители, апсолутна вредност, процентуална по структура според националноста. Сметам дека тој фактор ќе беше значаен за да можеме да дискутираме и порелевантно да го кажеме своето мислење и да ја видиме суштината на законот. Вака мораме да бараме самите, да гледаме според новиот попис, според пописот од 1994 година, но друго е кога Министерството ќе даде официјални бројки кои се основа за донесувањето на овој закон.

Исто така, мојата забелешка во однос на оваа територијална организација или новите граници на општините во Градот Скопје е тоа штонемаме скица. Во претходниот закон Министерството за цела Република Македонија во прилог на законот даде една скица или една слика на општините во Република Македонија , обоени со различна боја со стари и нови општини со границите. Овде сметам дека исто така требаше да ни се приложи еден план на Градот Скопје, во кој ќе беа наведени по улици, или само квартовите да беа наведени, со старите испрекинато нацртани или со полна линија новите граници, со улиците кои ги зафаќа новата територијална организација на Градот Скопје.

Би го замолил министерот, доколку може, во втората фаза да бидат приложени кон овој Предлог на закон, бидејки сметам дека кога можеше за  цела Република Македонија, би можело да биде дадено и за Градот Скопје.

Трето, исто како и во претходниот закон, нема ниту елаборат, ниту студија. Има едно кратко образложение кое следи после секој закон, иако во објаснувањето нема објаснвуање по секој од членовите. Практика е при донесување на законите секој од членовите да има барем кратко минимално објаснување во неколку реченици, од кои се гледа суштината на тој член. Многу често на членовите не можеме да ја разбереме суштината, па мораме да читаме многу материјали и да ја видиме правата суштина на тој член.

Ова се моите забелешки, кои сметам дека требаШе минситерот да ги направи или ќе ги направи во следната фаза.

Сега околу општините. Во членот 11 во Градот Скопје се предлага да бидат општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Тука се новите општини Аеродром и Бутел, Аеродром која произлегув аод општина Кисела Вод аи Бутел што произлегува од општина Чаир.

Во членот 11 се дава алтернатива: Плус општина Арачиново. Некои од колегите од опозицијата кажаа вчера и јас би го повторилистото. Нема вистинско објаснување зошто општината Арачиново како алтернатива, бидејки тоа е приградска општина. Министерот усно кажа во една од репликите дека општина Арачиново ја предлагаме со оглед на тоа што е рурална општина, приклучувајки се кон Градот Скопје да ја направиме урбана средина и поради конфликтот што беше, јас би рекол војната во 2001 година, поради последиците од таа војна, да направиме оваа општина да се интегрира во системот на општини на Градот Скопје, сметајки дека ќе се добијат подобри услови за живот. Меѓутоа, зошто баш Арачиново, знаејки дека постојат многу приградски општини. Тука е општината Зелениково која се укинува, општина Петровец, општина Илинден, потоа Чучер-Сандево, Кондово, Сарај, Студеничани и други и сметам дека тука би требало да биде вистинскиот одговор: Според мене, општина Арачиново си има свои потреби, би требало да биде посебна општина, а особено што незнам - најчесто при ваквите предлози има референдуми или изјаснување на советите на општините или градоначалниците. Ние како пратеници немаме добиено, најчесто општините тоа го доставуваат. Можеби до Министерството се доставени и ако се доставени, би требало ние како пратеници барем да сем запознати што размислуваат граѓаните на Арачиново, дали

тие сметаат дека треба да се приклонат кон Градот Скопје, велам како општина, или треба да останат како посебна општина во системот на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија .

Се вели дека поради етничкиот состав на Арачиново, а ние знаеме дека таму се повеќе од 98 - 99% од албанска националност, таму сеуште раселените лица не се вратени, иако мислам дека таму таа општина треба да покаже напор, за да може да искаже дека сепак може да биде мултиетничка таа општина. Има повеќе од 800 раселени лица кои сеуште не можат да се вратат, главно поради безбедносни причини, а после тоа поради немање услови поради разрушени куќи и слично. Тоа е моето мислење во однос на овој член.

Исто така, во членот 12 се наведени општините на Градот Скопје. За општината Бутел исто така сакам да кажам неколку зборови. Тоа е нова општина и така како што е конципирана, почнувајки од Скопје Север, потоа Бутел-1, Бутел-2, село Бутел, населба Радишани, село Радишани, Љубанци и Љуботен, по составот ќе испадне дека повеќе е рурална општина отколку што е рурална, иако во добар дел се населби. Општина на која не и се дадоа никакви индустриски капацитети, иако во постојната општина Чаир тие постоеја. Пак би напомнал, општина Чаир беше една целина која беше мултиетничка, во која имаше околу 40% од албанската заедница, 50% и повеќе од макеоднската, потоа бошњаци, срби, роми, турци, што значи од сите националности и сметам дека соживотот беше на едно квалитетно ниво. Тоа е во поглед на издвојувањето на оваа општина Бутел, а како што кажав во предговорот, исто така ги вознемирува граѓаните на овој дел на Градот Скопје, бидјеки пак се смета дека тука е тргнато по етничкиот принцип. Иако тука не е наведено, меѓутоа, моите сознанија говорат дека во општина Бутел повеќе од 23% се од албанската националност, така што пак по тој основ станува мултиетничка, што сметам дека не е лошо, напротив, дека е добро. Меѓутоа, тоа е и факт повеќе зошто не требаше да се дели општина Чаир туку да си останеше во постојните граници.

За општина Гази Баба нема територијална промена на границите. Единствено тука би имал предлог за министерот, бидјеки од тој дел сум и пратеник во Републичкото Собрание од изборна единица број 2, населеното место Брњарци, месната заедница со потписи од сите граѓани на тоа населено место со околу 500 жители и 120 куќи, бараат да бидат припоени кон општина Гази Баба, бидејки отсекогаш тие биле, до 1996 година, во општина Гази Баба, сите нивни потреби ги остваруваат во Градот Скопје. Во Брњарци има основно училиште до четврто

одделение, потоа од четврто одделение натаму образованието го остваруваат во општина Гази Баба. Таму работат, таму им се потребите и овие жители упорно од 1996 година наваму бараат да бидат вклопени како населено место во општина Гази Баба.

Би го замолил министерот да го разгледа ова нивно барање и колку што е можно да се најде начин овие жители да бидат припоени кон општината Гази Баба, бидејки и во Европската повелба за локална самоуправа се вели дека при менвуањето на границите треба да бидат консултирани и граѓаните кои се засегнати со променувањето на општинските граници.

Инаку, недостасуваат некои села, населени места, меѓутоа, сметам дека тоа е поради тоа што не се во системот на населени места во Република Македонија , како што се: село Виниче, населба Колонија, населба Скопско Поле или Гоце Делчев, меѓутоа, сметам дека тоа е причината и тие остануваат во составот на општина Гази Баба.

Она што се однесува на општина Карпош, многу полемики предизвика тоа што Визбегово се приклонува кон општина Карпош. Јас би рекол доколку останеше општина Чаир во тој состав како што сега функционира, требаше да остане и Визбегово. Сега веќе во новиот состав можеби пореално беше да се приклони кон општина Бутел, за да може таа општина како општина што се издвојвуа од постојната општина Чаир да добие и една поголема економска моќ, за да може да ги извршува надлежностите што и се даваат согласно новиот закон за Градот Скопје или Законот за локална самоуправа. Рековме дека сето она што не е кажано во овој закон подлежи на Законот за локална самоуправа.

Општина Кисела Вода се дели на два дела, лево и десно од железничката линија на пругата Скопје-Велес. Тоа е една од најголемите општини во Република Македонија и во Градот Скопје, Аеродром станува супер урбана средина, а во другиот дел повеќе е индустриска и понеурбана средина. Колку е оправдано, сметам дека и тука би требало да се консултираат граѓаните на оваа голема и огромна општина, се со цел да дојдеме до едно решение кое е поприфатливо и посеопфатно.

Општина Центар, исто како и општина Чаир е општина, зборувам од постојните, која претрпува измени во нејзините граници. Тука е дадено кои се границите, меѓутоа, сепак велам доколку имаше некоја скица ќе беше полесно да се разбере. Таа беше се до улица Џон Кенеди во Чаир, меѓутоа, рековме дека сега границата се поместува на потегот на улицата од мостот Гоце Делчев до Саемот и

сметам дека ова исто така е неправедно направено. Кажаа многу консултанти и јас се приклучувам кон нив бидјеки чаршијата Бит Пазар на некој начин е срцето и обележјето на Градот Скопје, требаше да припаднат кон општина Центар или обележје на центарот на Градот Скопје. Повеќе жители илискоро од сите жители од таму имаме доставено потписи - незнам дали се доставени до сите пратеници или само до пратеничките групи-меѓутоа, од општина Центар сите, независно од националната структура, тие кои живеат таму , иако има многу објекти, се изјаснија дека сакаат да останат во општина Центар, а не да одат во новоформираната општина Чаир. И можеби тука пак ќе потсетам дека е работа на етно-политички критериум, значи на некој договор меѓу две политички партии. Меѓутоа, со останувањето на Старата чаршија на Калето под општина Центар ќе останат и значајните културно-историски споменици кои значат обележја на Градот Скопје и Центар како една од најзначајните општини во Градот Скопје.

Што се однесува за Градот Скопје би сакал да го споменам и Драчево. Има формриано Координативно тело, тие доставија нивно барање, одржуваат тирбини и бараат село Драчево, населба Драчево и Долно Лисиче да бидат како нова општина. Биле општина со старата поделба на Градот Скопје до 1965 година, додека постоеја 34 општини. Населбата Драчево претставува голем гравитациски центар за сит енаселени места кои таму гравитираат , функционирала до 1965 година со 26 населени места. Оваа општина кога би била формирана со овие три населени места би имала околу 28 илјади жители, значи еден голем број на жители, кои од Градот Скопје на некој начин и физички се оделени. Зоштоне е ставена како посебна општина, сметам дкеа во првиот дел е невозможно да се предвиди се што треба да се предвиди. Министерот, Министерството, тимот задолжен за ова сметам дека ќе гир азгледа овие нивни барања и доколку има можност би требало ова нивно барање да се усвои, за да можат тие да бидат посебна општина, односно локалната самоуправа да биде поблиску до граѓаните кои припаѓаат на таа локална самоуправа.

Би сакал да кажам што би значело и како Градот Скопје со овие надлежности што сега ги има и кои му се даваат делува. На некој начин, до сега тој е генератор, доколку се стави би бил генератор на нерамномерниот и нееднаков комунален инфраструктурен развој на Скопските општини. Притоа, сведоци сме дека имаме еден забрзан урбан развој на потегот од Влае, Карпош-1, 2, 3 и 4, Центар и Јане Сандански. Значи, на тој потег од Градот Скопје на таа трансферзала активно се гради, додека на левата страна на Вардар - јас би спомнал за општина Чаир, многу

малку или минимално се гради, па на некој начин се запоставува тој дел на Градот Скопје, и покрај обврската на Градот Скопје да донесува програма за уредување на градежно земјиште, врз основа на програмите за уредување на скопските општини. Доколку вака се предложи овој генератор на нерамномерен и нееднаков развој, сметам дека ќе продолжи, дури и ќе се интензивира на некој начин, затоа што на теренот имаме голем дел , особено во општина Гази Баба, населби кои се тотално рурални, а се само на неколку километри од Центарот на Градот Скопје. Тука би ја споменал населбата Керамидници, па доколку се отиде таму ќе се види дека таа практично како да не припаѓа на Градот Скопје, а како да не е ниту некоја приградска општина.

Што се однесува до јавните комунални претпријатија во надлежност на Градот Скопје кои и понатаму ќе бидат во надлежност, водовод и канализација, улици и патишта, паркови и зеленило и комунална хигиена, своите услуги ги вршат само во границите на генералниот урбанистички план на Градот Скопје. Пак би ја спомнал општина Гази баба, а тоа го имаа сите општини во градот Скопје, имаат делови кои се надвор од генералниот урбанистички план, а најчесто тоа селата Трубарево, Јурумлери, колонија Идризово или нагоре кон Стајковци, Црешево, Булачани, Раштак, Виниче, во кои јавните комунални претпријатија велат ние само до границите на генералниот урбанистички план. И што се случува? Сите овие општини имаат еден урбан дел и еден рурален дел. Во тој случај, значи во овие населени места не ја осеќаат полезноста на овие јавни претпријатија, а тие дотираат во Градот Скопје и се жители на една од градските општини. Така што дури во последно време се почна со изнајмување на други јавни претпријатија, приватни јавни претпријатија, за да можат и најосновната работа од комунална хигиена, тоа е собирање на сметот да може да се одвива и во овие приградски општини. Така да ЈКП Илинден од општина Илинден го прави тоа за селата кои припаѓаат на општина Гази Баба, Јулумрели, Идризово и Трубарево, од пред некоја година почна да ја врши таа обврска, иако Градот Скопје своите надлежности би требало не да ги врши до Генералниот урбанистички план во Скопје, туку до границите на општините кои се во Градот Скопје, бидејќи знаеме дека скопските општини немаат право да формираат ЈКП и со тоа им се оневозможуваше да го подобрат животот во овој дел од нивното живеење.

Исто така, изградба, реконструкција, одржување на магкистрални сообраќајни и собирните улици, според ГУП е во надлежност на Градот Скопје. Притоа, мора да се констатира, од досегашната пракса , бидејќи се реконструираа само оние улици

со оние градоначалници кои се поблиски, значи пак настанува тоа, неможе ни тотално да се изгуби, значи до оној дел на блискоста со градоначалникот на Градот Скопје. Притоа, средствата кои доаѓаат од Фондот за регионални и магистрални патишта, тие без критериуми се распределуваат по овие општини.

Исто така би сакал да напоменам дека Градот Скопје го уредува и организира вршењето на работи сврзани со јавното осветлување на магистралните и собирните улици, додека за останатите се општините. Бевме сведоци досега дека има големи проблеми, особено во формулата и процентите кои ги добиваат општините во Градот Скопје. Притоа, тоа до тој степен колуминираше што општина Чаир и општина Гази Баба дојдоа до судски процес, се со цел за даможат да го остварат своето право, јас за тоа имамв и пратеничко прашање, за да би можеле сите граѓани подеднакво да ја користат оваа погодност од уличното осветлување. Инаку имавме случаи, магистралните и собирните улици кои се во градот Скопје, светат, а тие општинските , не.

Исто така имам и заблешка на член 19, во донесувањето на детални урбанистички планови. Досега нив ги донесуваа општините, а Градскиот архитект даваше само свое мислење кое не беше обврзно за општините во Градот Скопје. Значи тука има и добри и лоши страни. Добрата страна е тоа што голем број од општините, скоро сите, донесоа голем број на детални урбанистички планови за населените места, под притисок на граѓаните, нормално, бидејќи тие се поблиску одколку градоначалникот на Градот Скопје и притоа годишно по десетина, дванаесет детални урбанистички планови кои значеа многу за граѓаните во овие населби, како делови од општините во кои се реши и овој дел од нивното живеење. Можеби и сигурно дека има тука одредени отстапувања од ГУП, од она што значи нешто заедничко и нешто сепцифично за Градот Скопје. Меѓутоа, мора да се напомене дека оваа иницијатива, бидејќи се седум градоначалници, е многу поголема и многу поголема можност, како така да го уредиме со детални урбанистички планови, просторот во Градот Скопје, а на овој начин донесувањето би било од страна на Градот Скопје, а општините би давале само свои мислења. Мислам дека работата е обратна и произлегува од тоа што досега, при одредени детални урбанистички планови, имало проблем во усогласувањето, или неприфаќањето на мислењето од главниот архитект на Градот Скопје.

Исто така уредувањето на градежното земјиште, за тоа Градот Скопје донесува и спроведува одлуки и програми. И досега имаше програма на Градот Скопје и таа требаше да биде усогласена со општините, но во неа , трошоците, 60%

одеа за Градот Скопје а 40% одеа за општините. Притоа, сакам да кажам дека тука има уредување на тротоари, водоводи, улици и сл. и дека Градот Скопје, иако огромен дел од овие средства собира, многу малку во општините, од оние 60%, успеваше да се врати во тие општини.

Она што се однесува до комунални дејности, тука не би многу дискутирал, бидејќи заправо е она што и досега таму постои.

Она што се однесува на делот на комунални дејности, би сакал да го коментирам .

Во еден од последните ставови пред оваа точка 4, вели - ја уредува изградбата, користење и одржување на пазари на големо и пазари за продажба на моторни возила на подрачјето на Градот Скопје.

Би сакал да напоменам дека овие два пазари се наоѓаат во општина Гази Баба и сметам дека, бидејќи кога ќе дојдеме до општините ќе видиме дека таа надлежност за пазарите се дава на општините, ова не би требало да се издвои од општина Гази Баба туку да се стави под поимот на сите пазари, независно што вакви пазари  се по еден, т.е. нема други во Градот Скопје, меѓутоа, сигурно за општината ќе значи многу и таа, бидејќи тој е на нејзината територија, сигурно ќе се ангажира што повеќе да бидат подобро организирани за да би омжела од една едноставна причина да има поголем економски профит.

Исто така во образованието, пишува дека средните училишта ќе бидат финансирани и управувани од Градот Скопје. Овде општините во Градот Скопје се разликуваат од другите единици на локална самоуправа, она што велиме дека не е ниту жена ниту риба, во смисла на тоа што сите единици на локална самоуправа ги имаат средните училишта под општините. Меѓутоа, исто така држи, според мене, и објаснувањето на Министерството, со оглед на тоа што се работи за средни училишта во кои учат ученици скоро од сите општини во Градот Скопје, дури надвор од Градот Скопје. И тука предлогот е издржан. Моето мислење по однос на овие средни училишта, е поделено. Меѓутоа, она што се однесува за детските градиники, секоја општина има детски градинки, значи не е нешто како што се средните училишта, тие што се во некој ограничен број. Во сите единици на локална саомуправа детските градинки и домовите за стари лица беа организирани во единиците на локална самоуправа, т.е. јас би кажал асоцијација на општините во градот Скопје и мојот предлог е тоа да остане во општините, како што е за другите единици на локална самоуправа, а не да биде на Градот Скопје, бидејќи во секоја

општина постои по една, по две, можеби и повеќе, зависи од општината, детски градинки.

Во врска со надлежностите на општините кои се дадоа, кажав, зборувајќи за надлежностите на Градот Скопје. Сметам дека Министерството би требало да ги разгледа овие, бидејќи на некој начин тоа се предлози, сугиестии и мислења и во дел од градоначалниците на општините во Градот Скопје.

Исто така би спомнал за одржување и користење на зеленилото на подрачјето на Градот Скопје. Сега им се дава можност и на општините. Сега дали тие ќе формираат свои. Досега тие немаа пари тоа да го прават. Последното беше што минимални суми довојуваат, така што имавме и убаво уредени улици, магистрални и собирни патишта,  или тоа околу нив, а внатре во општините, зборувам за Гази Баба, состојбата е многу полоша отколку што е кај овие улици.

Она што се однесува за финансирањето на Градот Скопје, исто така сакам да прокоментирам дека сите пари одат на градското конто, а потоал се трансферираат до општините на Градот Скопје и после оваа финансиска, да речам, обезглавеност на општините, од аспект на тоа што досега не беше така, сметам дека општините во Градот Скопје, на некој начин остануваат подрачни единици на Градот Скопје, а велиме дека градоначалниците на Градот Скопје се избираат на непосредни избори. Сметам дека, одејќи на избори, овие градоначалници нема што многу да им ветуваат на граѓаните, бидејќи се она што ќе го ветуваат, ќе мора да го прават во консултација или во согласност со Градот Скопје. Така што овие градоначалници на некој начин се градоначалници само по своето име, додека по сите оние работи како самостојноста во извршувањето на нивните функции, сметам дека не им е така, за да можат тоа што ќе го ветат на граѓаните и да го остварат.

Она што се однесува до распределбата на средствата што доаѓаат на градското конто, вели дека ќе се врши според формула утврдена по претходно усогласување меѓу Градот Скопје и општините од неговото подрачје. Моето мислење е дека таа формула или тој начин на распределба би требало да биде дадена во законот, бидејќи, можеби е тешко и нејзиното менување, бидејќи е во закон, меѓутоа, верувајте дека има проблем во праксата . И досегашните делби, особено она што беше за електрична енергија, меѓу Градот Скопје и општините во него, никаде нема официјална одлука како тоа ќе биде, туку се прави според некоја формула што незнаат кој ја направил, меѓутоа се оди по неа. Залудни беа настојувањата на сите градоначалници да добијат официјална одлука во која се определени процентите што тие ги добиваат за уличното осветлување.

Мојот предлог е доколку може таа формула , тој начин на распределба да биде ставен тука, бидејќи ако биде како предмет на разговори меѓу градоначалниците и Градот Скопје, верувајте таа ќе биде подложена на лобирање, на блискости на партиски, пријателски и незнам се какви односи, додека овде, еднаш утврдена, ќе биде многу потешко да се менува, меѓутоа на некој начин ќе биде и потранспарентна.

Она што се однесува за употреба на јазиците во членот 33 се вели - граѓаните на Градот Скопје, припадници на заедниците чиј јазик во најмалку две општини е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, имаат право во комуникација со органите на Градот Скпоје да го употребуваат јазикот и писмото на заедницата на која припаѓаат.

Сметам дека оваа одредба не е уставна бидејќи консултиравме и некои луѓе кои се од оваа област. Инаку воопшто немам против, до колку е уставно и законски, над 20% од националноста што живеат на територијата на градот Скопје, мислам дека тоа е законскиот основ, во тој случај службен јазик е јазикот на заедницата која има повеќе од 20%. Тука е направен компромис во комуникација со органите на Градот Скопје. Сметам дека тоа треба да се провери, би требало тоа да го направи Министерството за локална самоуправа, се со цел овој закон да не падне на Уставен суд, бидејќи после секое донесување на закон Уставниот суд ги гледа сите членови дали се во согласност со Уставот на Република Македонија, иако веќе со новата територијална организација на Градот Скопје, општина Бутел и општина Чаир ќе бидат две општини, новоформирани, во кои ќе има повеќе од 20% од албанската заедница. И тоа е еден од основите поради кои е ставена и оваа формулација. Затоа сметам дека Министерството би требало да ја преиспита оваа формулација и овој член, од аспект на тоа што може да падне на Уставен суд.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски.

Јас би замолил, сепак, бидејќи сте координатор, сепак да бидете малку поефикасни и пократки во своите експликации, бидејќи се договоривме најдоцна до утре, јас вчера апелирав ако може и денеска, но гледам дека има доста кои се пријавуваат, па да им се даде шанса на сите пратеници, без разлика дали се позиција или опозиција, едните од едни причини другите од други причини сакаат да го кажат својот став. Вака ако продолжиме по саат време дискусија, ние нема да

завршиме ни утре, ама јас нема да го ускратам зборот на ниеден пратеник, па значи нема да си го одржиме зборот дека до 26 треба да завршиме.

Господинот Жерновски има реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Има реплика до мојот колега од ВМРО-ДПМНЕ.

Беше спомената неправичноста спрема општините гази баба и Чаир. Јас го сватив како сугерирање на тоа што од тие општини градоначалниците се од ВМРО-ДПМНЕ.

Еве сега ќе ви дадам еден податок и ќе ве замолам пред македонската јавност да го коментирате тоа, па да видиме која општина е обесправена.

Во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, од Владата беа поделени средства на локалната самоуправа исклучиво за инфраструктурни објекти. Општините во Градот Скопје и Градот Скопје добија 500 илјади денари. Општина Чаир каде градоначалник е од ВМРО-ДПМНЕ, доби 15 милиони денари.

Го прашав Владата на Република Македонијачера вашиот лидер, а тогашен министер за финансии, за некоја област, а тој рече дека тоа не е негова област. Ова е негова област и негова одлука. Имате коментар на ова , колега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски имате контрареплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г. Жерновски од ЛДП.

Добро е што го псотавивте ова прашање и сакам да ви одговорам.

Колку средства се доделени на општина Чаир и на општина Гази Баба, во претходниот мандат, сметам дека биле дури и малку доделени, знаејќи во каква состојба се наоѓаат овие општини и колку рурални делови имаат во својот состав. Јас и во говорот кажав, тргнете на потегот од Ѓорче Петров, Карпош, 1, 2, 3 и 4 , Центар, па излезете на Јане Сандански, ќе видите колку е тоа урбано. Значи вие треба да тежнеете и другите општини да добијат , бидејќи не добиле, бидејќи Центар и Аеродром се тие урбани. Овие средства се упторебени тукму за таа намена за која се дадени, бидејќи ние имаме села  кои се неосветлени, неасфалтирани и сеуште има села без вода, г. Жерновски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За дискусија се јавува г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Благодарам г. претседателе,

Навистина веќе неколку денови и недели, ако смеам да кажам, разговараме за територијалната организација, или како што јас го дадов предлогот, за просторната организација на Република Македонија . Сега разговараме за Градот Скопје, иако моите претходни дискусии беа во правец на просторната организација на Република Македонија и како тоа се однесува на македонците и дел од општините во Република Македонија каде бројот на население , повеќето, ќе бидат албанци. Сега би разговарал малку и за односот на градот како функционална единица спрема целокупната организација на Република Македонија.

Кога веќе разговараме за Градот Скопје, сакам веднаш да го истакнам професионалниот однос, како што беше и Предлог законот за територијална организација и сега законот за Градот Скопје, на Министерството за локална самоуправа и на министерот Гештаковски и тука веќе можеме да разговараме за еден модел, како се организира главниот град на Република Македонија .

Имеме неколку модели, но бидејќи е ова прва фаза, можеме да разговараме за моделите на организацијата на Градот Скопје, а тоа е, ако ова е веќе некој комбиниран модел помеѓу надлежности на градоначалник и општини, дали не треба да размислуваме во оваа фаза, имаше и такви дискусии, кога пратениците се залагаат за модел каде што ќе имаме директни ингеренции под градоначалниот, односно за модел каде што ќе имаме директни ингеренции на општините, па градоначалникот ќе биде на едно протоколарно ниво. Или овој комбиниран модел што е одбран од Министерството за локална самоуправа. Меѓутоа, сепак, сите овие модели треба да се размислуваат и да бидат во насока на организационата поставеност на цела Република Македонија.

Бидејќи ако разговараме и вака, ако овој закон го гледаме типично како за Гадот Скопје, односно ако не се спомнуваат имиња како Град Скопје и општини мислам дека како модел би функционирал. Меѓутоа, кога овој закон ќе го ставиме во функција на Република Македонија и кога ќе видиме дека се однесува за Градот Скопје и за општините, дали во сегашен број или според предложениот број 9 општини, тогаш ќе видиме дека би можело да има некој проблем во функционирањето на целокупната поставеност, прво за Градот Скопје, а потоа,

сакам овде да кажам и во целокупната организација и поставеност на просторната територијална организација на Република Македонија.

Затоа што ако веќе одиме со бројки, ќе видиме дека едноставно сега ние ја уредуваме организацијата на просторот на 25% од населението во Република Македонија. Значи, ако имаме два милиони жители, грубо ние сега го носиме Законот за територијална организација за 500.000 жители во Република Македонија. Е тука веќе мислам дека се создаде еден проблем, бидејќи ние ќе го решиме останатиот простор на Република Македонија со 1.500.000 жители, меѓутоа треба да го решаваме просторот за 500.000 жители што треба да живеат, односно што живеат во Градот Скопје, да видиме какви ќе бидат развојните насоки, во наретните 5,10 па и 20 години.

Е тука, ако одиме веќе во една децентрализација, што се согласивме дека, во ред, не е ова централизација како што ние кажуваме, туку се оди на една децентрализација на власта од државно ниво на локално, за тоа се согласувам. Меѓутоа, таа децентрализација создава еден вид концентрација на моќ каде што едно тело, не кажувам еден човек, меѓутоа едно тело ќе раководи даречам со потребите на граѓаните за 500.000 жители, односно со одреден број на средства во вредност од 25 милиони долари. А сите сакаме тие бројни средства да бидат уште поголеми. Како да бидат и 50.000.000 долари, тоа е во насока на развој на градот, на развој на државата и таа погодност ќе ја имаат сите жители кои живеат во Градот Скопје. Затоа велам дека треба да ги видиме односите на распоредот на бројот на жители во цела Република Македонија и на каков начин тоа ќе има последици во вкупниот развоен период на државата.

Дали, треба да направиме една анализа и да видиме, без разликата на интересите, за кого и како и какви се односите на силите во Градот Скопје, меѓутоа, како тоа ќе има влијание во државата Република Македонија во тој развоен период, затоа што, сепак, мислам дека не може овој модел да има некои развојни карактеристики во понатамошниот период. Знаете зошто? Затоа што ако Македонија, како модел зборувам, процент, се однесува за 10.000.000 жители, тогаш овој коцепт е многу добар. Меѓутоа, за 2.000.000 жители мислам дека прво градот ќе се задуши во својата моќ. Значи може тоа да произлезе од ваков модел на територијална организација и поставеност на Градот Скопје со зголемен број на надлежности, а од друга страна да имаме притисок од внатрешноста на државата да сепак, како што беше тоа случај и во изминатите години, меѓутоа сега уште поголем број на жители да се слеваат во овој град. Тогаш веќе би имале навистина еден

голем проблем што незнам на каков начин, законски со територијална организација ќе се решава. Затоа е ова добар момент, како прва фаза да ги разгледаме сите модели за Градот Скопје и како тоа содејствува со организационата поставеност на Република Македонија.

Ако одиме со варијантата 2.000.000 жители, 500.000 жители, можеби е добро да немаме концентрирана моќ на одлучување во сите надлежности на градот и тогаш можеби треба да се прифати модел каде што поголема надлежност би имале општините отколку градоначалникот како тело, кажувам како орган во раководењето на градот. Меѓутоа, од друга страна треба да се размислува дека и тој начин, значи кога би имале поголема надлежност општините на каков начин ќе биде и како да се направи таа систематизација на работа да градот функционира како функционална единка, бидејќи на сите нас целта е таа.

Овој модел е добар ако во Македонија имаме уште два или три града решени како модел и тогаш, навистина ќе можеме како држава, како организациона поставеност на државата да функционира. А вака, со поставување само на еден центра на моќ на 500.000 жители, мислам дека после веќе и во комуникацијата и во координацијата на главниот град со останатите градови, со останататите општини, затоа што сега кажуваме Градот Скопје е составен од општини што на некој начин ќе треба да се види нивниот статус во однос на функционирањето на самите општини со општини. Затоа што во член 1, ако одиме со овој предлог на закон, се кажува дека Скопје и административните организациони единици, меѓутоа понатаму се спомнуваат општини и уште поточно во членот 3, кажуваме дека општините на Градот Скопје немаат статус како што се општините други во Република Македонија.

Сега, ако го одбравме моделот и ако навистина, според анализи прифаќаме дека ова е најдобар модел за Република Македонија како целост, мислам дека забуна се прави со називот на организационите единици на Градот Скопје како општини. И уште поголема забуна се прави со поставување на градоначалници на тие организациони единици, односно сега како што ги нарекуваме во натамошниот текст “општините во Градот Скопје”.

Треба да се размислува дали, пак ќе речам прва фаза е, можеме да одиме во некои анализи кога ги поставуваме, дали треба наместо општини да бидат дефинирани како организациони единии, административни целини во функционирањето на градот, да видиме што ќе правиме со тие кои ќе ги раководат тие организациони единици, да не бидат градоначалници. Затоа што овој предлог на закон создаде една реакција кај градоначалниците без разлика, не зборувам сега

како партија, зборувам како организациона единица, како функционална единица на градот, без разлика од која партија, меѓутоа создадоа реакција дека едноставно со читањето се кажува дека се укинуваат некои надлежности на градоначалниците на општините, како што се во моментов со овој предлог на закон. А, од друга страна, имаме зголемување на бројот на општините во Градот Скопје.

Тука треба да се направи една анализа на функционирањето на тој систем на општини, тој модел на општини како што е сега, што лично јас мислам, ако одиме со целокупната поставеност на Република Македонија е појдовна основа, можеби и овој модел не е добар како што е сега во Градот Скопје, меѓутоа некоја појдовна основа за да се разработи еден модел на функционирање и на градот Скопје и тоа да биде во координација со останатите општини на Република Македонија. Бидејќи, сепак, 25.000 километри квадратни како Република Македонија со концентрирана моќ на 500.000 жители во еден простор, определен со ГУП на Скопје, мислам дека ќе создаде проблеми во функционирањето на самата држава. Значи, не е битно ни партија, не е битен ни човек битно е функционирањето на државата во целост, затоа што, знаете што се случува ние ги разгледуваме двата закони поединечно, но, тие два закони треба да бидат во целост како организациона и територијална организација на Република Македонија.

Ако се чита само овој предлог на закон за Градот Скопје, ако се чита стручно и го разгледуваат експерти од надвор, кои не ја познаваат состојбата во Република Македонија и не знаат во кој обем и за кој обем на жители се работи во целиот овој Предлог на закон, едноставно мислам дека ќе имаме насока дека и другите градови во Република Македонија ќе треба да се решат на ваков начин како што е решено Скопје. Тоа ќе биде добро, како што реков во претходнава моја дискусија. Меѓутоа, тогаш веќе имаме сосема друга територијална поставеност во Република Македонија. Ако од друга страна, мислам дека на таков начин ќе треба, многу е добро да имаме таква поставеност да речам во Штип, Битола, Тетово, Охрид, Скопје, тогаш веќе би функционирал системот на функционирање, значи системот на целокупната државна поставеност како организациона и просторна поставеност.

Меѓутоа, ако го читаме прво Законот за територијална организација, тогаш следува дека и Скпоје би се решавал на начин каде што општините ќе имаат поголеми надлежности од овие општини, без разлика дали се 123 сега, дали ќе бидат 62 или ќе бидат повеќе со некои исмени. Меѓутоа, самата концепција на тој закон произлегува дека и територијалната организација односно Предлогот на закон за Град Скопје треба да се решава на начин, каде што општините ќе бидат со

подоминантна надлежност, со поголема надлежност од страна на градоначалникот на Градот Скопје, како што имаме неколку такви случаи во Европа, а имаме и случаи како што е вака решено. Ако Брисел е поделен на региони, можеби Братислава, кажувам како пример е со едно централни ниво на раководење. Навистина треба да се одбере, бидејќи е ова прва фаза и добро што на ваков начин е решено со сите бројни дискусии, сите конференции што ги прави Министерството за локална самоуправа. Мислам дека треба да се одбере најдобриот прво модел, ова е добра основа, меѓутоа како модел каде што ќе треба да видиме како ќе функционираат општините.

Што се однесува до Законот, ако веќе остане овој модел да речам и како Влада и како парламентарно мнозинство што ќе го изгласа овој закон, ако остануваме на овој модел, сепак треба сега да ги видиме надлежностите помеѓу градот и општините. Сега ќе имаме зголемен број на општини. Ќе бидат 9 со плус алтернатива. Треба да се види што ќе се прави со забелешките што ги имаат пратениците со припојување на уште поголем број на општини во градот. Дали градот може да ја понесе вистинската улога што ја има како град, во вистинската смисла на зборот, урбанистички како гради, а не само како територија, желбите што ги имаме која општина да се припои кон Градот Скопје, за да се вика тоа Град Скопје. Со тоа нема да постигнеме никакви услови во понатамошниот развој на државата.

Во членот 3 треба да се види, дали тоа децидно да биде, како општините, немаат статус како другите општини или овие општини во Градот Скопје, сега да имаат друго име, во смисла на административни, функционални, оранизациони единици во состав на Градот Скопје. Затоа што вака, веќе тука во членот 3 почнува целокупната проблематизација на овој предлог на закон што е, морам да кажам професионално направен.

Во членот 12 ако одиме, каде што се дефинираат општините мислам дека ќе биде полесно и за сите претставници во Парламентот, меѓутоа и во јавната расправа да се оди со една карта на Градот Скопје, да се види која општина како, затоа што се случува општината Карпош веќе излегува како граница, едноставно и Скопје да се третира како таков град, да речам пограничен. Тоа е во членот 12 каде што се дефинираат сите општини.

Доаѓаме до надлежностите на градот каде што има најголем број забелешки и самите сегашни градоначалници во Градот Скопје, така што тие, како што кажа и Трајановски, направија свој предлог на закон во основа за зачувување на некои

надлежности, за зголемување на надлежностите, затоа што само од овој аспект општините и во овој предлог на закон општината останува со име како општина и во сегашново функционирање на општините тие се со статус како општини во другиот дел на Република Македонија.

Тука треба да се направи поголема и јас би рекол попрецизна разлика, диференцијација кои надлежности ги имаат овие организациони, сепак би ги нарекол единици, наместо општини во Градот Скопје, заедно со надлежностите што ги има, конкретни и директни надлежности градоначалникот, односно Градот Скопје, како град односно како функција во тие надлежности.

Исто така, треба да се размисли за називот на тие кои ќе раководат со сегашниве односно идните скопски општини. Како назив градоначалник на општина на Градот Скопје, како назив не функционира. Не е добро, Дали ќе бидат како раководител на некоја административна единица или друг назив, мислам дека и во претставувањето и комуникацијата со другите општини во Европа, како назив тие ќе бидат градоначалници на општина што е во состав на Градот Скопје што има градоначалник. Тука треба да се направи една анализа на каков начин тоа ќе функционира ако се одбере овој модел.

Понатаму, во членот 25 или 26 каде што е финансирањето на самите општини, формулата што ја спомнаа и другите дискутанти, колеги пратеници, мислам дека треба да биде во законот. Затоа што, како модел, ако е добро ова, како модел, мислам дека неможе да функционира со девет градоначалници на општини во состав на Градот Скопје со посебен градоначалник, сега да седнат тие и со некоја формула да се договорат како ќе ги користат средствата. Тука нема ни до 30 јуни, не за наредната година, меѓутоа и во тековната година да се договорат тие работи. Ќе трпи и градот и жителите кои се во тој град.

Ако е веќе така, можеби во членот 31, кога се зборува за тоа координативно тело, ќе треба да има поголема правна основа тоа, па можеби во тоа координативно тело да се договорат оваа формула. Но, сепак, треба координативното тело да има и некоја подруга одлучувачка улога, да не е согласно законот, согласно членот 30, каде што се кажува ќе треба да кмомуницираат помеѓу себе и да соработуваат, но треба да биде јасно прецизирано и дефинирано на каков начин ќе биде таа соработка помеѓу градоначалниците на скопските општини и помеѓу градоначалникот на Градот Скопје.

Тоа се забелешките во однос на самиот закон. И, уште еднаш треба да видиме во оваа предлог фаза добро и не треба да се брза во донесување на овој

закон, конкретно за Градот Скопје, значи кога зборуваме како функционална целина, функционална единица, да видиме ако веќе одиме, повторно ќе нагласам, со 25% од населението во Република Македонија живее во Градот Скопје. Каков ќе е односот, какви ќе се целокупните и политички односи кога граѓаните на тие 25% на непосредни избори го бираат градоначалникот. Значи, тоа ќе биде, морам да кажам, без разлика од која партија се работи, овде не се работи за човек и за партија, меѓутоа, како концентрација на моќ, тој ќе биде избран од 25% од населението на цела Република Македонија. Така што, можеби, ако се оди со овој модел, како што е сега градоначалникот, да ја има финансиската моќ како тело, можеби градоначалникот да се избира дали од советот на Градот Скопје, што ќе брои сега согласно членот во законот до 45 советници на тој град и можеби на таков начин тоа ќе се оди, затоа што државата уште сега се кажува дека градоначалникот на Скопје ќе биде по моќност, по концентрација на моќ, веднаш после премиерот на Република Македонија. Дали тоа ќе биде добро за Република Македонија, за тоа треба да размислиме како модел. Можат да се направат тие анализи, затоа што со таа бројност на луѓе што ќе го изберат, со тие огромни средства што ќе бидат во Скопје да бидат уште поголеми, јас би рекол тоа во функција на развој на градот, а тоа е и развој на државата, меѓутоа, какви ќе бидат односите претседател на република, претседател на Влада, градоначалник на Скопје кога ќе имаме само еден таков градоначалник. Да имвме два - три тројца такви градоначалници, пак ќе ги спомнам, Штип, Битола, Охрид, Тетово, Скопје, тогаш веќе таа моќ ќе беше дисперзирана на ниво на цела мрежа во Република Македонија. Вака, на ваков начин, бидејќи тоа го немаме разработено, да не се доведеме во ситуација потоа да ги критикуваме само овие закони, а не ќе имаме можност, можност ќе имаме, меѓутоа, не е работата и не е целта за развојот на државата сите закони да ги менуваме, без разлика дали со промена на влада или со едноставно ќе видиме кога нешто не функционира, сите тие грешки веднаш во од да ги поправаме, тоа, сепак, значи некој застој на државата. Ние и овој закон и како парламент сигурно ќе одиме во насока на подобрување, првенствено, на условите на живеење на секој жител во Градот Скопје, а потоа мораме да го гледаме, како што нагласи неколку пати, и односот на Градот Скопје кон целата организациона поставеност на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Законот за Градот Скопје е еден од трите значајни закони што се во врска со децентрализацијата на власт во Република Македонија. Како и во претходните два закони, Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за територијална организација на локалната самоуправа, исто и во овој закон се забележуваат големи недостатоци. Ако говориме за потребата од децентрализација на власта, ова најмалку го забележуваме во Законот за Градот Скопје. Всушност, според овој закон се предвидува да имаме концентрација на власта во рацете на советот и градоначалникот на Градот Скопје, а не децентрализација на власта. Со овој закон нивото на надлежностите на општините, досегашните општини, кои што се составен дел на Градот Скопје, ќе биде многу мал. Овие општини вака како што се предлагаат, ќе бидат локални заедници. Мислам дека со овој закон Владата на Република Македонија сервирала еден концепт, кој што е измешан, недефиниран, за поделба на Градот Скопје што не соодветствува со мнгоу примери на големите европски градови. Јас сум свесен за посебниот статус на Градот Скопје, кој што е дефиниран со членот 117 од Уставот на Република Македонија , меѓутоа, не можам да се согласам со формулацијата на членот 3 алинеја 2 од овој закон, каде се вели: “Општините во Градот Скопје определени со овој закон, немаат ист статус со општините определени со законот з територијална организација на локална самоуправа во Република Македонија.” Една ваква формулација доаѓа во судир со членот 114 од Уставот на Република Македонија каде се говори за локална самоуправа. Со ова не се обезбедува рамноправна позиција на општините. Вие како предлагач на законот и припаѓате на партии кои што обезбедуваат мнозинство во Парламентот, може да предлагате како сакате закон, дури и кога се говори за Градот Скопје и да ги усвоите тие предлози. Меѓутоа, не барајте да имате и наша поддршка, се додека предлагате вакви варијанти на законот, кои имам впечаток дека повеќе сакате да ги донесете, да ги усвоите, затоа што тоа го бара Европската заедница, отколку што ова го правите за потребите на граѓаните или за неопходноста од една територијална организација, во оваа прилика на Градот Скопје, каде што ќе дојде до израз вистиската децентрализација на власта. Во една ваква ситуација кога на општините на Градот Скопје им се одзема

во голема мера надлежностите, со што тие не се рамноправни со другите општини, тогаш ќе беше подобро Владата на Република Македонија да размисли, има време за другите форми на нивно именување. Значи, овие квартови, ако така можам да ги наречам на Градот Скопје, да не се нарекуваат и понатаму општини, затоа што не се рамноправни со другите општини, туку да размислите за едно друго именување, ккое што ќе соодветствува со надлежностите што тие се предвидуваат да се имаат со овој закон. Ова ќе беше повистинско, поправично, покоректно, независно од тоа што тие делови или квартови на Градот Скопје како такви, дали ќе се прифатат или не од нас.

Друга забелешка имам кај поделбата или определувањето на границите на овие општини, што ќе бидат под чадорот на Градот Скопје. Овде е повеќе од јасно дека има политичка позадина. Не се размислуваме дека сите овие општини треба да имаат од прилика инфраструктурни капацитети, индустриски капацитети и други државни институции исти, што ќе беше реална основа за нормален развој. Овде, изгледа тој што ги имал ножиците бил потполно слободен територијалната кројка на Градот Скопје ја направи според својата желба и според својот интерес. Неразбирливо е, неначелно е, нечовечки е да се направат општини каде што се гледа јасно тенденцијата за прекин на досегашната природна врска на мнозинството на еден етникум во оваа прилика на албанците. Така е случајот со општина Бутел која што како територија порано гравитирала кон Чаир и Центарот.

Овде е дискутабилно и опфаќањето на градот Љуботен во рамките на општина Бутел каде се гледа и се знае географски дека Љуботен е поблиску до општина Чаир, отколку општина Бутел. Друга прилика имаме со формирање на општина Карпош во чии рамки е ставена и населбата Визбегово, која што нема никаква територијална врска или инфраструктура со општина Карпош. Многу е пологично и територијално пооправдано ако во рамките на општина Чаир се опфати Визбегово и другите населби кои што се опфатени во рамките на територијата го границата со територијата на општина Кондово, или идната општина Сарај. Кога сме кај општина Сарај, не може а да не забележиме тенденција дека дел од територијата која што катастарски припаѓа на општина Сарај, се предлага да се припои кон општина Ѓорче Петров. Значи, се говори за еден спортско рекреативен центар како една од можните главни артерии за буџетот на оваа општина. Со предлог законот се предвидува покрај другите општини да се формира и општина Чаир како мултиетничка општина со мнозинство албанци. Во ова нема ништо лошо. Загрижувачки е начинот како се определени границите на оваа општина. Вака

предлагачот внимавал да во рамките на територијата на оваа општина има што помалку државни институции и други економски капацитети. Ова се прави вака за чудо, како да тие граѓани не се составен дел од ова општество или граѓани на оваа држава.

Значи, оваа Влада со своите предлози за ваква поделба на границите на општините, свесно презема мерки за да го спречи развојот на оваа општина. Иако оваа Влада, како и Министерството за локална самоуправа претходно на разни форми, биле свесни за обидите на албанците во Скопје, да се формира општина Кале, како таква и порано постоела, ова за жал не е предвидено во овој закон. Оваа општина секако треба да се формира кога се има предвид историскиот значај на таа општина за самиот Град Скопје. Јас не би навлегувал за тоа кој граници треба да ги има, или во кои граници би се проширила таа граница зашто ова е техничка работа која најдобро ја знаат експертите од оваа област, меѓутоа природно секогаш имајќи ги предвид старите граници. Само со една ваква поделба, вистинска, правична поделба тој дел од Вардар, значи левиот дел од Вардар ќе има перспектива. За срамота е и за чудење како во еден град како што е Скопје, се забележуваат големи разлики во развој и тоа од десна страна на Вардар наспроти другиот дел на Скопје, всушност левата страна на Вардар.

Повелете почитувани госпота, да одиме на левиот дел од Вардар кој што исто така припаѓа на Градот Скопје, и да видиме како живее тоа население и тоа почнувајќи од Старата Чаршија, Гази Баба, Церово, Чаир, Дижонска, Шутка, Визбегово и тн.

Тешката состојба на ова население секако треба да ја подобриме. За ова најголема одговорност сноси оваа Влада. Затоа, ние цениме дека, бидејќи е моментот кога се определуваат новите граници внатре во територијата на Градот Скопје, да се дејствува во согласност со препораките на Европската повелба за локална самоуправа и другите критериуми како што се и определувањата на поголемиот дел од граѓаните.

Почитувани колеги, како друга забелешка имам во однос на членот 19 точка 6, која е во врска со образованието и каде што се вели: “Скопје основа, финансира и учествува со свои претставници во раководните органи на средните училишта кои што дејствуваат на територијата на Градот Скопје”. Се поставува прашање зошто оваа надлежност се одзема од општините, кога се знае дека ова припаѓа на општините, врз основа на Законот за локална самоуправа.

Исто така, значајно е да се нагласи и членот 33 каде се говори за употреба на јазиците, каде меѓу другото се вели: “Граѓаните на Градот Скопје, припадници на заедниците, чиј јазик најмалку во две општини е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, имаат право на комуникација со органите од Градот Скопје да го користат јазикот и алфабетот кој што го користи тој граѓанин”. Освен како таков е од повеќе, зашто ова прашање е резгулирано со Устав. Албанскиот јазик е службен јазик на целата територија на Република Македонија.

Ова најдобро се гледа во членот 7 алинеја 2 или во амандманот 5 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија каде се вели, цитирам: “Друг јазик кој што говорат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и нивното писмо како што е определено со овој член”. Никаде во Уставот или во некој друг законски акт не се предвидува да најмалку во две општини, ако еден јазик е службен јазик граѓаните на овие општини можат да се послужат со тој јазик во комуникација со органите од Градот Скопје и одговорот да го добијат на нивниот јазик. Значи, ова е една формулација, хибридна формулација која што ја измислила самата оваа Влада.

Почитувани пратеници, господине министер, бидејќи е прва фаза на овој закон, добро е да со најголема сериозност ги разгледувате, анализирате овие предлози и овие наши забелешки, да ги инкорпорирате во законот.

На крајот, имајќи го предвид ова што го кажав, барам уште еднаш од вас, прво:

Формирање на општина Кале, така како што ние пратениците од ДПА сме елаборирале, затоа што ова е не само желба, туку и неопходна потреба затоа што овој предлог има основа, база во историјата на Градот Скопје. Колку е значајно оваа општина се виде и од протестите на граѓаните на Градот Скопје одржани на 20 февруари оваа година, каде учествуваат илјада протестанти, со што манифестираа револт и незадоволство од законот што денес ние го дискутираме.

Второ, барам да не дозволите општините на Градот Скопје да имаат помалку надлежности од другите општини во Република Македонија. Значи, општините каде и да се, треба да имаат  ист статус, значи да бидат рамноправни, се разбира согласно со Уставот на Република Македонија.

Трето, да се исправи поделбата на границите помеѓу општините што се предлага да се формираат, имајќи го предвид фактот дека тие во рамките на нивната територија треба да имаат од прилика инфраструктурни услови, економски објекти и други општествени објекти кои што ќе бидат на исто ниво.

Четврто, албанскиот јазик како втор службен јазик во Република Македонија да биде во нормална комуникација како и македонскиот јазик во сите општини на Градот Скопје.

Ако за вас членот 7 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија каде се дефинира јасно дека кој јазик во Република Македонија може да биде службен и понатаму, ако тоа за вас е дискутабилно, тогаш постои друга алтернатива на зголемување на процентот на албанците во Градот Скопје со припојување на општина Кондово, Сарај и Студеничани, со што и на овој начин ќе се обезбеди употреба, службена употреба на албанскиот јазик на целата територија на Градот Скопје.

Со овие забелешки и другите забелешки од оваа природа на другите колеги ако се измени овој закон, можеме да кажеме дека тој ги исполнува стандардите кои ги бара ЕУ не се заинтересирани да усвојуваме закони кои на старт ќе бидат спорни. Многу потешко ќе ги прифатат овие закони ако бидат неприфатливи од цел народ, во оваа прилика албанскиот народ во Македонија. Овие закони мора да ја имаат и компонентата на усогласување на интересите на сите народи кои живеат во Македонија покрај македонците и албанците како мнозински народи кои се основни столбови на кои стои стабилноста на оваа држава.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен г-динот Нелко Стојаноски.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Почитувана г-ѓо потпретседател, почитуван г-дин министер, почитувани г-да патеници,

Во рамките на потребите да се заопкружи законската регулатива за локалната самоуправа, јасно е искажано дека треба да се донесе и закон за Градот Скопје кој и со Уставот, да ве потсетам на членот 117 е предвиден како посебна единица на локалната самоуправа и е потребно неговата организација да биде уредена со закон. Покрај тоа треба да се земе предвид и амандманот 17 од Уставот кој на Градот Скопје, ова го подвлекувам, на Градот Скопје му се префрлаат зголемен број прашања за кои граѓаните учествуваат непосрендо во одлучувањето или преку претставници во органите на Градот Скопје.

Токму, имајќи ги предвид овие факти за Градот Скопје, сметам за неопходно да се укаже дека во Предлог законот до крај не се зело предвид тоа иако министерот се изјасни дека биле во игра и поинакви решенија од предложените. Сметам дека

Градот Скопје, територијално треба да биде организиран не по општини, како што е предвидено со Предлог законот, туку по квартови или реони. Тоа подразбира границите да бидат административни рамки на квартовите за да може да се обезбеди функционирање и примена на одредбите од членот 18 на овој Предлог закон каде се утврдува дека Градот е одговорен за вршење на работи од своја надлежност утврдени со Законот за локална самоуправа и е субстидијарно одговорен за вршење на работите кои со истиот закон се утврдени како надлежност на општините на Градот Скопје.

На тој начин, исто така, би била применлива и надлежноста утврдена во членот 29 од овој закон со кој се бара, да ве потсетам, ревизијата на материјално финансиското работење на општините да го врши внатрешна ревизија на општината на Градот Скопје и Државниот завод за ревизија.

Во законот е забележливо, а тоа го нагласија поголем број пратеници, па и министерот по своето експозе, дека позицијата на Градот Скопје во однос на надлежностите се разликува од позицијата што ја имаат другите општини во Република Македонија дефинирани како единици на локалната самоуправа. Тој треба да има посебен третман и како административен, културен, економски центар. Освен тоа во Предлог законот евидентно е дека предлагачот имал огромни тешкотии прецизно да ги дефинира надлежностите на Скоје и на општините во неговите рамки. Тоа, според мнозина, не е направено на задоволителен начин и многу констатирани слабости не се надминати, туку остануваат и понатаму.

Иако градот Скопје изворно е носител на надлежностите предвидени со Уставот и како урбана целина, има голем број надлежности, како што беше констатирано се практично непреносливи. Со овој закон се предлага да ги вршат општините како негови организациони делови, што е тешко изводливо. Покрја тоа што ќе може да ја задржи својата Уставна позиција, задржувајќи ја својата целовитостс Скопје ќе може да се посвети поуспешно за решавање на прашањата од неговата надлежност и на тој начин да го направи квалитетот на живеење на сите негови граѓани на повисоко ниво креирајќи заедничка развојна политика, утврдувајќи единствена регулатива и единствени стандарди за вршење на работите и поефикасно остварување на првата и интересите на граѓаните.

Како пример би го навел образованието односно како што е наведено во предлогот, а со законите за основно и средно образование тоа е предвидено така што тие би се грижеле за основното, а Градот за средното. Наместо да се решаваат

проблемите на тој начин, сметам, по моја оценка, проблемите би станале уште поголеми во оваа област.

Покрај ова би изнел уште неколку позначајни забелеши, а тоа е да се изврши измена и дополнување на некои членови. Да речеме членот 19 по зборот “уредување” да се додаде “и користење”.

Понатаму во истата точка по четвртата алинеја да се додаде текст “го уредува користењето на градежното земјиште”, што значи донесува одлуки, програми и други акти за користење на градежното земјиште од значење за целината на Градот Скопје.

Понатаму, го донесува и реализира географскиот и информатички систем на Градот, тоа е нешто ново.

Ги реалилзира урбанистичките планови во делот на регулацијата. Покрај тоа, би требало според мене, да се додаде нова алинеја со текст “донесува програма за поставување времени објекти” еден проблем што беше истакнат и подвлечен и од други колеги пратеници.

Во членот 19 по зборот “Скопје” каде стои за користење на водите за пиење, да стои “изворот Рашче и други локални извори”. Во истиот член покрај зборот “паркови”, да стои “парк шумата Водно”. Во истиот член на крајот да се додаде уште една нова алинеја каде би се уредил начинот на одржување и користење на рекреативната зона Водно, Сарај, Матка.

Во членот 20 би требало да се промени тој член и да му се додаде нешто ново во смисла Градот да издава одобренија за поставување на времени објекти согласно програмата за поставување на времени објекти донесена од страна на градот Скопје.

Во членот 20 исто така би требало да отпаднат зборовите “урбанистичка согласност”.

Во членот 26 став 2 да се прецизира учеството на распределбата на локалните надоместоци, надоместок за уредување на градежно земјиште, што е предвидено со овој закон.

Во членот 31 од предлогот да се предвиди што ќе се преземе ако не функционира координативното тело.

Во преодните и завршните одредби да стои нов член за договорните обврски што да прави како правно лице постојната општина за локалитети кои ќе и припаднат на друга општина односно кој ќе наследи договорни обврски по основ на склучени договори за надоместок за уредување на градежното земјиште.

Можеби е потребно барем со една реченица да го искажам мојот став по однос на едно друго прашање кое го спомнаа голем број пратеници овде. По мене нелогично е барањето за припојување на рурални општини како што се Студеничани, Кондово, Сарај, Арачиново, Чучер - Сандево и други кон градот само за да се постигне условот од 20% и албанскиот јазик да биде службен јазик. Тогаш би добиле една неприродна целина на Градот, бидејќи овие рурални општини имаат сосема поинакви проблеми отколку ги има Градот Скопје.

Што се однесува до двојазичноста, според статистиката ќе се види во кои општини ќе се применува уставното решение за службена употреба на јазикот кој го користат најмалку 20% од жителите на општината.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Илија Србиновски, но јас не го гледам тука.

Следен е г-динот Рафис Алити. но и него не го гледам.

Господинот Исмет Рамадани, не го гледам.

Господинот Замир Дика, не го гледам.

Јас сум пријавена, но сега се откажувам, ја водам седницата.

Господинот Марјан Ѓорчев, ако може. Господине Ѓорчев дали сте подготвени за дискусија?

Повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке на Собранието на Република Македонија, почитуван г-дине минситер, почитувани дами и господа пратеници,

Овој закон насловен како Закон за Градот Скоје е од исклучителна важност за задоволување на потребите на граѓаните кои живеат на градското подрачје на Скопје и се разбира не само за задоволување на потребите од локално ниво туку и сега со реално пренесени надлежности во делот на примарната здравствена заштита во делот на основното образование, тука во градот Скопје веќе се вклучува и средното образование, со грижата за објектите во делот на спортот и културата, реална децентрализација која се обезбедува на некој начин со пренесување на надлежностите на ниво на град Скопје. Значи, претставува еден исклучително важен момент во севкупниот корпус на прашања кои се однесуваат во делот на територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија.

Од причини што градот Скопје прво е главен град на Република Македонија и во членот 16 од овој закон се кажува дека на Градот Скопје, како главен град на

Република Македонија државата Република Македонија може да му додели одредени права или да му довери вршење на определени работи.

Јас ќе почнам со тоа при определување на концептот на овој закон ние за градот Скопје треба да имаме чиста позиција. Не можеме да имаме позиција во која ќе сакаме да ги задоволиме и потребите на Градот Скопје како Град целилна на целото градско подрачје и потребите на сегашните седум или невите предложени 9 или втората варијанта 10 општини или ќе одиме на една друга солуција каде ќе мораме точно и прецизно да ги одредиме првата, ингеренциите, надлежностите, обврските кои ќе ги има или градот на повисоко ниво или општините на повисоко ниво. На ваков начин сакајќи да се задоволат и двете страни, да се задоволи и она што преставува административна територијална организација која ќе биде на централно ниво на град Скопје и она што претставува административно територијална организација во делот на општините, за кои градот субстидијарно одговара, мисламм дека на ваков начин не носиме добар закон, тоа можам да го кажам од моето лично искуство како поранешен градоначалник на Кисела Вода кога и законот од 1996 година оставаше недоречености, каде имаше мислења, консултации, групи, комитети и сето тоа не вроди со плод и повторно беше препуштен сам на себе и повторно секој сам си ги решаваше проблемите во својата општина или на ниво на град Скопје.

Оттука ќе тргнам од тоа дека по мене се можни само два концепти. Едниот концепт во кој ќе имаме градоначалник на град Скопје, тоа е концептот на градот Софија во Бугарија со големи ингеренции и надлежности и буквално кметови во старинска смисла на зборот старославјанскиот збор кметови, по географски реони во Скопје или квартови кои ќе извршуваат исклучиво она што значи непосредната демократија на граѓаните ќе се спроведува преку нив.

Тоа е што би требало да биде како концепт, тие кметови или по ново тн., градоначалници ќе ја организираат непосредната демократија, собири на граЃани, граѓански иницијативи, референдумско изјаснување и ќе бидат на некој начин канцеларија на градоначалникот на Град Скопје. Тоа е моделот кој постои во Софија и кој успешно функционира и Софија стана европска метропола. Преку еден таков модел каде еден моќен градоначалник на Софија се направи метро, се направија околни патишта, Софија прерасна во еден модерен Европски град.

Вториот модел кој можеме како предлог до предлагачот на законот е моделот на Копенхаген каде јас како преставник на партијата ВМРО-ДПМНЕ и МААК, и Демократска партија избран градоначалник бев во Копенхаген две недели да го

изучам тој модел каде градот Копенхаген е поделен на подеднакви општини, Центарот на Копенхаген е од 180 илјади жители, си постои општина Копенхаген, па потоа сите други 10 или 12 општини колку беа сите си имаат исти права и надлежности. Тоа ќе значи дека Скопје центар би била една општина, потоа би била Скопје Карпош, Скопје - Кисела Вода, Скопје - Чаир, Скопје - Драчево или како можеме да го уредиме и тогаш имаме исти надлежности во сите општини и тој модел е тотална децентрализација на Градот. Ваков микс каков ние правиме ни горе ни долу, мислам дека нема да овозможи донесување на добар и квалитетен закон, ќе останат недоречеността и ќе остане проблемот како да се задоволат потребите на граѓаните на Град Скопје на највалитетно можно ниво.

Јас лично сметам дека моделот на Софија, не затоа што од други причини, туку географски е близок град, второ, градот Скопје, со градот Софија има извонредни односи, трето, тоа е приближно ист ментален склоп на однесување на луѓето кои живеат таму и тука и четврто финансиските можности на македонскиот граѓанин кој издвојува средства и за локалната самоуправа преку Буџетот на Република Македонија, а утре и преку локални такси, комунални такси, административни такси не е таква да можеме да го следиме примерот на Западноевропските земји каде имаме таква поделена власт на општините и од тие причини сметам дека поупатно би било да се оди на модел каде ќе се даде поголема власт на градоначалникот на Скопје а локалните градоначалници ќе бидат израз на желбите на граѓаните кои живеат во тие географски региони северен, источен, јужен, западен, југоисточен, југозападен, може да се подели токму на толку реони колку Предлогот на законот кажува, можеби и повеќе, така што во воведот се определува за една таква концепција каде ќе имаме јак градоначалник на Скопје со целосни ингеренции и тоа од следните причини.

Најпрвин сметам дека Владата на Република Македонија конечно треба да разреши еден крупен проблем, а тој проблем е имотот на Градот Скоје. Без разрешување на тој имот, ќе спомнам еден дел од тој имот, тоа е Шаховската олимпијада организирана 1972 година во Градот Скопје. Во Градот Скопје како дел од СФРЈ, а не во Социјалистичка Република Македонија, туку како дел од СФРЈ. Значи Градот Скопје беше домаќин на Олимпијадата, се направи Скопското сајмиште, се направи Олимписко село, се направи хотелот Панорама, се направи хотелот Скала и голем дел од средствата се употребија во Градскиот трговски центар кој и ден денес постои, а од сето тоа Градот Скопје, а со субстидијарното однесување  и општините како Кисела Вода, Карпош, Чаир, Гази Баба, Шуто

Оризари, Ѓорче Петров немаат никаква полза. Значи, сите средства од тој имот во приватизација или сеуште неприватизирано отидоа во државата Република Македонија.

Членот 16 на овој закон овозможува и практично и технички и материјално она што градот го има како имот, како општински имот, за кој тука говорев како општинска сопственост да му биде отстапена дали тоа ќе биде во вид на обврзници, дали тоа ќе биде во вид на акции, дали тоа ќе биде во готови парични средства или ќе биде во вид на градежно земјиште од кое допрва треба да се уприходува, да се има средства кои ќе значат развој на градот, тоа е прашање кое чинам дека државата мора да го уреди ако сакаме да имаме квалитетно задоволување на потребите на граѓаните на Градот Скопје оти да не заборавиме на подрачјето на градот Скопје е и ова Собрание. Сите паркинзи околу Собранието се на територијата која по дефиниција треба да ја уреди градот. Сообраќајните решенија, паркинзите треба да се уредат, сето тоа градот го регулира.

(Во 13,35 часот со седницата продолжи да раководи г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

Владата на Република Македонија, кејот на Вардар, паркинзите о колу Владата, сето што е пред Владата и зад Владата исто така припаѓа на градот Скопје, поточно со досегашниот закон на општината центар.

Резиденцијалните објекти каде живее премиерот, каде живее претседателот на државата исто така се на територијата на Град Скопје, т.е. на општина Центар и сето тоа подразбира еден друг третман каде овој член 16 децидно ќе ги наброи сите обврски кои државата Република Македонија односно права или доверени работи ќе ги додели на Градот за да може Градот да оствари приходи. Инаку, без реални приходи, само да ве информирам, Градот Скопје има буџет од 80 до 85 милиони денари. Главен Град на Република Македонија со буџет од 1 милион и 300 илјади евра што може да направи да бидеме домаќини на саеми, манифестации, на нешто што значи претставување на Република Македонија и придонес на градот Скопје кон нејзиното чекорење во Европската Унија.

Едноставно тука државата мора да се потруди, тој делбен биланс кој еднаш е правен 1997 година, но не е целосен, не е потполн, треба да го доврши и точно да ги определи објектите, земјиштата, становите, стадионите, или објектите кои биле правени заради одредени спортски активности кои градот ги организирал, претседател на тогашниот Организационен комитет на шаховската олимпијада беше г-динот Драгољуб Ставрев, градоначалникот на Градот Скопје, во тој момент и сето

тоа треба да биде предмет на сеопфатна анализа додека во втората фаза не дојде предлогот на законот за Град Скопје тука во Парламентот на Република Македонија да се разгледува.

Имено, во членот 16 каде што се третираше локалната самоуправа и надлежностите на Градот Скопје и на општините кои што досега постоеја. Но бидејќи тука имаме конкретен предлог, јас поучен од искуството, колку и да ние тука како парламентарци кажуваме, како индивидуи и претставници на граѓаните на Република Македонија тешко ќе може тој наш индивидуален придонес да биде прифатен во целост од страна на Владата на Република Македонија. Ценам дека е потребно да се произнесам и по одредени членови тука во овој закон, затоа што на крајот на краиштата сметам дека во овој закон во конечната верзија нема многу да отстапува од она што тука пишува, се разбира, со дополнување и измени, но сепак дека нема да претрпи некои драматични измени. Во насока на она што говорев јас ќе се определиме за еден концепт во кој што градот ќе биде уреден по урнек на друг европски град. Ако го имаме тука законот како предлог, како моја контрибуција за она што претставува подобро уредување на ваков текст на законот, ценам дека во членот 17, ако вака веќе одиме во еден микс кој што веќе ги третира општините и градот заедно, покрај во третата алинеја, општините во градот Скопје, во согласност со законот за Градот Скопје го уредува прашањето од своја надлежност и во тие рамки може да основа јавни служби. Тоа го говорам од прижина што една општина Кисела Вода конкретно има свои проблеми со отпадот во течението на рекава Вардар и во подножјето на планината Водно и доколку нема Кисела Вода можности да формира јавно претпријатие, кое што ќе се грижи за отпадните води од Водно кој што им ги упропастуваат дворовите на околу 10 илјади граѓани во Кисела Вода, или пак депониите кои што постојат на брегот на реката Вардар од потегот на Ново Лисиче до потегот на градска општина Долно Лисиче, тогаш не ќе можеме квалитетно да ги задоволиме потребите на граѓаните, а единственото јавно претпријатие Комуналец кое што работи само за подрачјето на град Скопје нема сили, нема капацитет, нема можности квалитетно да ги задоволи потребите на граѓаните и на Градот Скопје и на општина Кисела Вода.

Според тоа, во овој член 17 мора да им се дозволи, кога веќе општините имаат статус на правно лице со жиро сметка, сето она што претставува изворни ингеренции, согласно изворната ингеренција од Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија, тогаш и на скопските општини треба да им се дозволи да си формираат јавни претпријатија.

Верувајте, дека во таков случај општините Кисела вода и општината Гази Баба ќе бидат огледало на Градот Скопје, зашто на нивната територија се лоцирани 80% од индустриските капацитети во Република Македонија кои што добро работат. Тука се Пивара, тука е Цементарница, тука се сите оние објекти, магацински простори, таму е Алкалоид, сето тоа што може да значи контрибуција, развој на магистрални сообраќајници на станбени улици, на собирни улици, на паркови, на стадиони, на културни домови, на културни објекти и на таков начин и Градот Скопје ќе добие. Доколку биде како досега овој микс на закон, не ќе може Градот Скопје да ги задоволува потребите и повторно ќе се соочиме со тоа на природниот пат од магистралниот пат во Скопје на влезот на Скопје, кога се дели патот за Гази Баба и Кисела Вода, вие едноставно не можете по тој пат да поминете нормало да не скршите осовина, или полуосовина, или да скршите амортизер, зашто со такви огромни кратери, со такви огромни дупки, што никој не ги поправа на патот низ општината Гази Баба и на патот према новата населба Аеродром. Тоа е во делот на член 17 кој што ги третира вршењето на работите од јавен интерес. Тоа е битна работа, тука се работите на фекалиите, тука се работите на постоечка канализација, тука се работите на водоводот, тука се работите на одржување на улиците, патишта и улици и без една таква детално обезбедена поделеност во ингеренциите нема да можеме да имаме квалитетно задоволување на потребите, а особено при почитувањето на комуналниот ред при фрлањето на отпадот. Имаме една депонија Дрисла која што е под градот, но овозможувањето секоја општина да си има свое комунално претпријатие од типот на градот Истанбул, каде што секоја општина си има свое јавно претпријатие за комунален отпад тоа се дали општината Зејтин Буру или центарот на Инстанбул, тие си имаат свои јавни претпријатија и тоа јавно претпријатие за комунална дејност си ги решава проблемите со свои бои, со свои контејнери, се знае која е точно бојата на Зејтин Буру, која е бојата на централниот општински дел од Инстанбул и на таков начин посебни камиони, а депонијата, се разбира, треба да биде над Градот Скопје и таму сите на крајот на краиштата го депонираат отпадот. На таков начин ќе може градот конечно со таква една ослободеност од обврските во собирањето на комуналниот отпад да обезбеди изградба на една пироритичка печка за овој друг дел од отпадот кој што ние досега не можевме да го третираме. Во Дрисла има само компостирање и се работи за елиминирање на цврстиот или мекиот отпад, а за оние други форми на отпад, што можат да ја загадуваат човечката околина Скопје сеуште нема решение нема пироритичка печка и не може да ги третира таквите видови на отпад, а нема каде да

ги третираме и постепено сигурно ја загадуваме околината на Скопје и на таков начин оние рурални општини кои се околу Скопје не може да обезбедат квалитетен и еколошки и економски и социјален развој.

Во членот 19 каде што кажува дека Градот Скопје во областите од своја надлежност врши одделни работи во делот на планирањето и уредувањето на просторот, сметам дека во алинеја 3, каде што кажува дека донесува детални урбанистички планови и урбанистички проекти и урбанистичка документација во населените места, по претходно задолжително мислење, затоа што урбанистичката документација се води сега и во општините и тие се поповикани од главниот градски архитект, подобро знаат, дали на Кисела Вода и се потребни во делот каде што постоела станбена градба сега четирикатници или петтокатници, иако е од интерес за градот и за општината да има таков приход, меѓутоа, прашање е дали една општина која што била исклучиво станбена градба сега се претвара во високо станбена етажна сопственост и градба и дали таму граѓаните сега имаат пристап и патишта, улиците се исти, водоводната мрежа е иста, атмосферската канализација е иста, а веќе таму имате за 20 илјади жители поголем број на жители во општината Кисела Вода. А улиците се исти. Сега јас на пример како граѓанин на општина Кисела Вода стигнувам до Собранието на Градот Скопје во далечина од 2 км, патувам 20 минути. Мислам апсолутно тоа е недозволиво и тука треба задолжително општината да даде мислење, да донесе детален урбанистички план затоа што општината посеопфатно низ подобри контакти со граѓаните ја разгледува таа материја и може квалитетно да го реши урбаниот простор во Градот Скопје, а тоа значи и во Република Македонија. Ако нема мислење, повторно градскиот архитект има приходи, ќе определи таму на улицата да речеме према Драчевска уште 20 шесто катници или осмо катници, а едноставно, просторот не може да ги апсорбира тие граѓани кои што живеат на тој потег.

Исто така во делот на сето она што претставува комунални дејности, значи држи истото, јавни претпријатија во двете насоки, јавно претпријатие на ниво на Градот Скопје централно и доколку општините имаат сила и можности, оние што значат стопански субјекти, правни лица но и физички лица на територијата на нивните општини, да обезбедат формирање на сопствени јавни претпријатија за да можат да си ги уредуваат сите овие комунални дејности под точка 4.

Во делот на културата, исто така традиционалните културни вредности на Градот Скопје тоа е неспорно, меѓутоа, треба да стои посебна алинеја дека општините можат да се грижат за одбележување и негување на традиционалните

културни вредности на општините каде што територијално и административно ќе бидат определени со овој закон. Во образованието, чинам дека тоа е добро решено, затоа што повторно ќе кажам јас, тргнувам секогаш од општината Кисела Вода, таму има 23 училишта, од кои што 18 се основни, а пред се средните училишта. И добро е градот да се определува за финансирање и учествување со свои органи во средните училишта, а општините да се задржат на уредувањето, финансирањето и основањето и учеството со свои претставници во органите на основните училишта. За спортот, исто така општините треба да имаат можности во точката 7 на страница 11 да имаат можности да се грижат за изградба и одржување на спортските објекти значајни за општината. Ќе го спомнам на пример стадионот на Славија или стадионот на поранешен Југ, каде што јас таму сум настапувал кој што сега се при домот на Армијата во Скопје, кои што сега немаат статус. Не се знае чии се тие објекти и како такви се злоупотребени и како такви тие не се користат. Тие објекти во овој момент немаат никакво значење ниту за граѓаните, ниту за квалитетно сервисирање на потребите за спортски активности. Значи се на се едноставно овој начин на регулирање на правата и обврските и надлежностите, чинам дека нема да биде во насока на вака како што е концепиран законот, во насока на јакнење на изворните ингеренции на општините, со тоа што да не се одзема од ингеренциите на Градот Скопје, но давање можности дел од тие ингеренции доколку општините имаат сила и финансиски капацитет да можат да се организираат и самите.

Исто така, во делот на органите на Градот Скопје и на општините би сугерирал тука, поточно во делот на односите и соработката, значи во член 31 за остварувањето на меѓусебната соработка на градоначалникот на Градот Скопје и градоначалниците на општините да се организира совет на градоначалници каде што тие, не само задолжително ќе се состануваат еднаш месечно, туку и да се распредели ингеренцијата на совет на градоначалници на Скопје со Градот Скопје со општините, како ќе работат, да се направи задолжителен деловник каде што ќе се кажува како тие ќе работат и на кој начин ќе ги уредуваат меѓусебните обврски како градоначалници.

Инаку без тоа и досега имаше во стариот закон таква одредба дека требаше да се состануваат, но никогаш ние не се состанавме. Јас се состанував со градоначалникот Пенов, чисто како стари пријатели од старите школски денови во гимназијата Раде Јовчевски Корчагин, а не по ингеренции како градоначалник на Скопје и како градоначалник на општината Кисела Вода. Значи не сме се

состанувале. Едноставно по барање, лична желба, лична иницијатива и лична желба на градоначалникот на Скопје, сме имале контакти. Значи тука треба точно да се одреди како треба градоначалникот на Скопје и градоначалниците на општините да имаат влијание врз извршување на обврските или правата кои што се тука.

Тоа е се што би сакал да кажам околу овој закон. Уште еднаш би предложил до предлагачот, до министерот на Република Македонија, господинот Гештаковски, доколку е можно, значи, мој апел е да се изготви концизен закон, јасен закон, во кој јас се определувам за една таква опција, како што има и блиски градови во околината на Република Македонија, значи градоначалникот на Скопје да има поголеми ингеренции, да имаме локални, регионални реони и квартови, каде што тие градоначалници ќе имаат функција во трансмисијата, пренесувањето на барањето на граѓаните за поголема демократија, преку организирање на референдуми, собири на граѓани и граѓански иницијативи и мислам дека така Скопје ќе добие вистински лик, тоа е едната моја препорака при изработка на конечниот текст и втората препорака државата мора да го дефинира имотот на Градот Скопје, особено имотот кој што е добиен со донации, со изградени објекти од типот на Шаховската олимпијада, а се надевам дека преку тоа и Шаховскиот сојуз на Република Македонија и Федерацијата која што беше главна околу тоа ќе ги добие своите права како дел од Република Македонија и дел од Градот Скопје. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

По овој часовник на дисплејот по кој што ние работиме имаме уште 5 минути. Јас мислам господине Георгиевски дека пет минути ви се малку. Затоа ќе направиме сега пауза, а по паузата први дискутанти се господинот Георгиевски Михајло и господинот Рафис Алити. Во 15,00 часот продолжуваме со работа.

(Пауза од 13,55 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15.05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Михајло Георгиевски, а нека се подготви господинот Рафис Алити.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер Гештаковски.

Со донесувањето на Законот за локална самоуправа во 1995 година, од тогаш постоечките три-четири општини во Република Македонија се зголемија на 123, што значи зголемување за 89 новоформирани општини кои за да отпочнат со работа пред се треба да се обезбедат просторни услови за почеток и нивна работа. За таа цел се отпочна со изградба односно реконструкција на месни заедници, земјоделски задруги, културни домови и други институции во државна сопственост кои финансиски го преоптеретија и така тенкиот државен буџет. Освен изградбата имаше потреба и од набавка на основни средства и тоа канцелариски бироа, маси, столици, компјутери, телефонски централи, патнички возила и друг инвентар за отпочнување на нивната работа како единици на локална самоуправа каде населението ќе ги остварува своите потреби.

Горенаведениот закон е донесен во време на владеење на истата политичка гарнитура која и денеска е на власт во Република Македонија со единствена разлика што истите владетели сега се под политички притисок од својот коалиционен партнер и се принудени од 123 општини да ги намалат на 62 плус 9 скопски општини. Од сето ова само по себе се наметнува прашањето дали згрешиле тогаш кога ги зголемувале општините или пак сега при намалување на единиците на локалната самоуправа каде што граѓаните ги остваруваат основните потреби на своето живеење.

Специфично само по себе е тоа што Градот Скоје е третиран со посебен закон. Една од општините во градот е и општината Чаир со своите карактеристики. Оваа општина се протега на северниот дел на Градот Скопје со околу 65 илјади жители од кои поголемиот дел се од македонската национална заедница, останатите се претставници на албанското, српското, бошњачкото и другите национални заедници. Освен урбаниот дел кој се состои од населбата Чаир, Топанско Поле, Скопје-Север Бутел 1 и 2 и Радишани има и населени места како Визбегово, Радишани, Љубанци, Љуботен и тн.

На територијата на општина Чаир има две средни училишта, околу 10 основни училишта, повеќе градинки, една поликлиника и амбуланти. Со воведувањето на повеќепартизмот во периодот од 1990 година па до денес се изградени повеќе сообраќајници, паркинзи, донесени нови урбанистички планови,поставена урбана опрема, реконструирани повеќе улици, поставено ново улично осветлување,

изградба на топлана која ја снабдува општината со топлотна енергија и нова општинска зграда. Сето ова е направено во период на постоечкиот Закон на Град Скопје кој што овозможи и извесен напредок.

За разлика од овој новиот Предлог на закон за Град Скопје нуди обезвластена и распарчена општина Чаир. Во новиот закон кој за нас е неприфатлив се нуди делба на општината Бутел, и новоформираната општина Чаир со делови од општина Центар. Делбата на постоечката општина Чаир се прави од единствена причина да се помогне во реализацијата на протагонистите од ДУИ за делба на Градот Скопје на  христијански и муслимански дел. Во денешните граници сите граѓани подеднакво си ги остваруваат своите права пред надлежните органи на општината. За разлика од сега во идните две општини може да се случи масовен егзодус на македонците од другата страна на Вардар, како што е примерот со западниот дел на Македонија. Тоа значи дека денешната власт директно ќе влијае врз  погромот на Македонија, на македонците кои што ќе треба да го напуштат своето повеќедецениско вековно живеење и се префрлуваат во посигурниот христијански дел на Скопје.

Карактеристично е веќе активистите на ДУИ отпочнуваат со притисоци и закани дека подобро е сега да се напушти општината Чаир бидејќи во иднина не ќе можат да ги остваруваат своите граѓански права кога ДУИ ќе ја преземе општината, или барем со ограничени можности.

Според нас децентрализацијата сама по себе не значи само намалување и делба на постоечките единици на локалната самоуправа туку и давање на поголеми надлежности и права на истите.

Со новиот Предлог на закон за Град Скопје се одземаат изворни надлежности на општината во однос на уредување на просторот, како што е донесувањето на деталниот урбанистички план и урбанистичка документација за населени места кои се доделуваат во надлежност на Градот Скопје. И покрај тоа што жителите на општините за секој проблем во однос на планирање и уредување се обфраќаат во матичната општина, а никогаш во Градот Скопје. Во однос на комуналните дејности постоечките јавни претпријатија оформени од Градот Скопје имаат игнорантски однос кон скопските општини и нивната комуникација се одвива на крајно формални основи, така што со новиот закон сметаме дека и таквите односи ќе се прекинат.

Општините со новиот закон ќе бидат сведени на административни службени на градот со тоа што само ќе даваат свое мислење по однос на прогфрамите што ќе

ги носи градот, кое што мислење е необврзувачко, а за сите останати минимални надлежности што ги има општината е обврзана да бара согласност од градот.

Во делот на користење на средствата од уредување на градежното земјиште предлагаме градот да користи 50% од средствата бидејќи сите тие се остваруваат во општините, за разлика од градот кој што нема сопствена територија.

Воедно при распределбата на средствата остварени од зворни приходи на Градот Скоје доколку не дојде до договор односно усогласување помеѓу градот и општините може да се случи доколку се од различни политички провиненции градоначалниците да дојде ситуација соодветната општина да добие многу помалку средства отколку што и следуваат.

На крај, со ваквиот Предог на закон за цепење на општините во Скопје освен што се нарушува етничката слика на градот, туку и се минимизираат градоначалничките функции во скопските општини, а за возврат се зголемвуаат и централизираат функцијата градоначалник на Скопје што значи новиот закон нуди централизација а не децентралзација на Градот Скопје. Со тоа што градоначалниците на скопските општини се сведуваат на службеници на скопскиот градоначалник на кој ќе му праќаат мислење за соодветни програми, а ќе бараат согласност за секоја нивна идеја.

Од сето горе наведено може да се заклучи дека донесување на ваков Предлог на закон може да биде погубен за жителите на општините на Град Скопје и затоа предлагам да си остане во сила стариот Закон за локална самоуправа како за Република Македонија  така и за Градот Скопје, или пак да се изготви друг посоодветен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам  господине Георгиевски и благодарам што навистина бевте кратки и рационални.

Има збор пратеникот Рафис Алити, а нека се подготви пратеникот Никола Ќуркчиев.

РАФИС АЛИТИ

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

На дневен ред имаме територијална организација на Градот Скопје кој се регулира и со посебен закон. Со оглед на тоа дека и со Уставот за Скопје е

предвиденмо да има посебен статус од другите градови во нашава земја сигурно дека е добро по територијалната организација на земјата да зборуваме и за ова прашање кое тангира многу граѓани од Градот Скопје. Јас ќе се потрудам да не се повторам со претходните колеги, нема да зборувам за историкот на нашиот главен град, но мојата дискусија ќе ја сконцентрирам во територијалната организација на Градот Скопје и надлежностите на Собранието на градот и општините на Градот Скопје.

Поделбата која се нуди од страна на Владата и од министерот за локална самоуправа не е во согасност со реалноста на главниот град со оглед на тоа дека и со законот и од излагањето на министерот произлегува дека Скопје има предвидено девет урбани општини, а реалноста е дека Скопје со околината има 14 општини. Мислам дека Скопје треба да има двостепено владеење, а не како што се нуди Скопје да има Собрание на Град Скопје, урбани општини и рурални општини.

Оваа поделба вака како што се нуди не е во интерес на граѓаните на престолнината и на Република Македонија бидејќи Скопје треба да го видиме како една територијална компактност на реалните граници на Скопје кои егзистираат со децении. Секоја европска метропола или главен град има свои населби и свои предградија. Вака сигурно треба да биде и со нашиот главен град кој ги има овие населби и предградија. Мислам дека Скопје не е добро да се разголи од ова природно богатство што му ги подари природата.

Моите забелешки и на жителите кои ги претставувам во многу аспекти, јс ќе почнам со територијалната внатрешна организација на Градот СКопје.

Ако направиме една анализа на пространоста на општина Карпош паѓа во очи дека оваа општина не се простира во урбаниот дел на градот, што е многу природно, туку оваа општина според овој предлог повеќе се простира  и се дава простор во руралните подрачја, било во јужниот дел на оваа општина, било во северниот дел на оваа општина. Северниот дел нема територијална компактност бидејќи го дели реката Вардар и нема патна поврзаност.

Што се однесува до територијалната организација на општина Чаир или на Кале реално треба да се простира во самиот центар на Градот Скопје, границите на оваа општина треба да се простираат до Камениот мост, мостот Гоце Делчев и западниот дел да се граничи со општината Ѓорче Петров, а не како што е предложено од предлагачот, општина Карпош да го покрива делот помеѓу овие две општини.

Исто така настојување за да се разголи општината Чаир или општината Кале од објектите кои се од витален интерес за сите граани на Градот Скопје независно на која општина припаѓаат, мислам дека не е во ред и не е во интерес на самите граѓани на Градот Скопје. На овој начин некои општини да бидат товарени со многу витални објекти, додека некои други општини да се разголат иако реално според територијалната компактност и природна треба да бидат во нивниот атар.

Источниот дел на оваа општина се граничи со општина Гази Баба. Овие граници треба да се редефинираат. Сите треба да ја имаме во предвид територијалната компактност на општина Сарај. Природната поврзаност на оваа општина со другите општини на Градот Скопје, географската позиција како и природните богатства што и припаѓаат на оваа општина. Треба да имаме предвид дека Езерото Треска, Рекреативниот центар Сарај се наоѓа во атарот на селото Сарај. Исто така седиштето на оваа општина е во Рекреативниот центар Сарај додека поделбата која се нуди од предлагачот овој центар и се дава на општина Ѓорче Петров, што е нелогично и парадоксално од многу причини.

Со оглед на тоа во овој случај не се почитувани никакви начела и принципи за поделба.

Треба да се има предвид дека во атарот на оваа општина се наоѓа хидроцентралата на Матка, еден дел од Националниот парк. Исто така имајќи ги предвид и патната врска со главниот град со оглед на тоа што поголем дел од жителите на оваа општина е тесно поврзана со редовни комуникациски врски на главниот град и самата географска пространост на оваа општина која се граничи со Долно Нерези, Средно Нерези и Горно Нерези поточно речено со еден дел на општина Карпош, додека од друга страна се граничи со населба Сарај што реално треба да припадне на општина Сарај, а не како што е предвидено со Предлогот на законот оваа населба да припадне на Ѓорче Петров.

Јас Ќе зборувам и за општина Кондово, кое е предградие на Скопје со една територијална природна компактност на главниот град. Исто така треба да го имаме во предвид фактот дека покрај патиштата и урбаната комуникација на оваа општина со главниот град го поврзуваат и природните богатства. Сите знаеме дека во атарот на оваа општина ги имаме и изворите во Рашче со кои се снабдува цел град и населбите во Градот Скопје. Исто така и оваа општина како и општината Сарај има третман на рурални општини, како што е предвидено со Предлогот на законот, за што мислам дека не треба да биде вака. Овие две општини треба да припаднат на урбаните општини на Градот Скопје.

Ќе направам и еден осврт на општина Студеничани. Општина која се простира во самиот Град Скопје, така како и општина Сарај која има свои поврзаности со урбаните општини и една територијална компактност, географска. Треба да има третман на урбана општина, но и оваа општина има третман на рурална општина. Сите знаеме дека во атарот на оваа општина се наоѓа депонијата на Град Скопје, именувана Дрисла и се поставува прашањето со каква логика во иднина надлежностите во депонијата ќе ги има Собранието на Градот Скопје, додека оваа општина е рурална општина и во иднина нема да има свои делегати во Собранието на Град Скопје.

И поради ова предлагам и оваа општина да биде дел од урбаните општини на Градот Скопје. Имајки го во предвид минатото, дека Собранието на Градот не покажа никаков интерес за подобрувањето на инфраструктурата, посебно таму каде што живеат припадниците на етничките заедници, иако овие населби на градот се наоѓаат во близина на центарот, или им припаѓаат на урбаните општини како што е старата Скопска чаршија, неколку делови од Гази Баба, неколку делови од општина Чаир, Топанско Поле, Визбегово, Шуто Оризари и т.н., деловите на Градот не им припаѓаат на урбаниот дел не само што не им припаѓаат на урбаниот дел од другата страна од реката Вардар, но разликата е како ден и ноќ. Кога се има во предвид во какви услови живеат овие жители од главниот Град, овие делови од Градот иако се дел од престолнината, повеќе наликуваат на африкански села  одошто на населено место на еден главен град.

Почитуван минситер, почитувани колеги пратеници, мислам дека Владата во текот на понудата на овој закон за главниот Град требаше да даде повеќе верзии во расправата. Затоа јас ќе предложам општина Кондово и Сарај да им се припојат на општина Ѓорче Петров, општина Каршијака да и се припои на општина Драчево, додека општина Чучер-Сандево да и се припои на општина Чаир, или на општина Кал, додека општина Арачиново да се припои во иднина на општина Гази Баба. Со ова ќе се сочува принципот на создавањето на мултиетничките општини и ќе се негува соживотот. Истовремено треба да се има во предвид фактот дека гореспоменатите општини , буквално немаат ниту една лекарска амбуланта или аптека во нивниот атар. И овие услуги треба да ги врШат во урбаниот дел на Градот Скопје. Сите треба да го имаме во предвид фактот дека Скопје е главен град на земјава и главен град на сите жители на РМ. Со оглед на тоа дека нашава земја е мултиетничка држава, мултикултурна, мислам дека интерес на сите граѓани е во овој главен град да нема употреба само на два јазика на македонскиот и албанскиот

јазик, туку мислам дека во употреба треба да бидат и јазиците на другите етнички заедници кои живеат во главниот град. И со ова Скопје ќе биде побогат од културен и јазичен аспект. Мислам дека општините на Градот Скопје ќе имаат еден рамноправен третман. И да не се делат , тоа што го реков претходно, во урбани и рурални општини. Исто така, мислам дека општините на Скопје треба да имаат повеќе надлежности со оглед на тоа дека во цела Република имаме една децентрализација на власта, додека во Скопје се случува спротивното. И понатаму надлежностите, или поголеми надлежности му се дава на Собранието на Градот Скопје и градоначалникот, додека на општините им се даваат толку надлежности колку да можат да им дадат само совети на граѓаните кои имаат потреби од општински услуги. Со еден збор надлежностите на општините се на ниво на тоа што претходно биле локалните заедници од пред 90-тите години. Така што на крајот мислам дека моите забелешки и на моите колеги ќе се земат во предвид и Владата без дневна политика ќе направи корекција за доброто на сите граѓани на престолнината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, сакам нешто да кажам. Јас деловнички немам можност да ја спречам редистрибуцијата на редот на говорниците. Но општа појава е дека секој си го бира местото, се откажуваат и повторно се пријавуваат. Вакво играње на шах не користи ако немаме квалитетни аргументи да ги изнесеме и на тој начин пратениците кои што ги најавувам јас како следниве, таа традиција што ја воведов е бесмислена. На пример иако господинот Чедомир Краљевски беше трет по редоследот , бидејки се направи една таква шаховска игра, сега сте први. Јас сега ќе ги прочитам следните четири дискутанти и по тој ред ќе одам понатаму. Тоа се: г-динот Чедомир Краљевски, Жерновкси, Замир Дика и Исмет Рамадани. По тој редослед ќе одам, а не можам да го ускратам правото некој да се откаже од тој редослед и повторно да се пријави. Мислам дека тоа нема некоја логика.

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, јас иако доаѓам од град Куманово, а на дневен ред денеска не е градот Куманово како точка на дневен ред, туку се наоѓа Градот Скопје. Сепак, замолен од група граѓани од општина Кисела Вода во нивно име решив да земам збор на денешнава седница. Јас на денешнава седница ќе презентирам ставови во врска со законот за Град Скопје, територијална организација на Град Скопје што ги добив како сугестија од група граѓани на општина Кисела Вода.

Територијата на општина Кисела Вода од 43 километри квадратни го зафаќа јужниот дле на градот Скопје главно од десната страна на реката Вардар, заземајки дел од неговата алувијална рамнина како и ридест дел од планината Водно. Во приградското подрачје се наоѓаат населените места Горно и Долно Лисиче, населбата Драчево и Усје. Според пописот на населението од 1994 година во неа имало 118.079 жители , а тоа е 26,5% од вкупното население на 7-те општини на Градот Скопје. Според пописот од 1994 година во општината имало 34.879 домаќинства, а просечно на едно домаќинство се паѓале по 3,3 члена. Во националната структура на населението грото го сочинуваат македонци 106.491 жител, или 90,5%, потоа следат срби со 4.882 жители, или 4,1%, албанци 1.818 жители, или 1,4%, турци со 900 жители, или 0,7% , власи 863 жители, или 0,7% и останати 3.125 жители, или 2,6%. Сега повторно по 7 години го имаме предизвикот за нова територијална поделба на Република Македонија односно разграничување меѓу единиците на локална самоуправа во РМ како и донесување на нов закон за територијална поделба на Градот Скопје. Со донесување на новиот Предлог закон на Владата на РМ во член 1 од општите одредби меѓу другото се вели дека општините треба да бидат организациони делови на Градот Скопје. Тоа според граѓаните, барем овие што на мене ми се обратија од општина Кисела Вода е катастрофално и неприфатливо за општините на Градот Скопје, односно тие треба да се сведат на оргаизациони делови на Градот Скопје и да го изгубат вистинскиот смисол на општина како што се другите општини во РМ.

Во членот 3 од Предлог законот општините се ставаат во подредена улога во однос на надлежностите што ги добива Градот Скопје,односно се сака во Градот власта да се централизира, а не да се децентрализира, значи, само со ефикасна децентрализација според моиве сугестори би кажал, ќе може да се создаде добра локална власт, а со тоа и остварување на поефикасна, поекономична и пообјективна услуга на граѓаните во Градот. Инаку, во неколку збора да се каже дека во општина Кисела Вода инфраструктурната состојба е релативно задоволителна, а на територијата на општината егзистираат голем број индустриски објекти, има од сферата на хемиска индустрија, индустрија на преработка на неметали, електростопанство, дрвна и текстилна индустрија и т.н. Во услови на пореметена и сложена економска состојба како и самата транзиција на стопанството од општествено, државно во приватно придонесе за појава на негативна стапка на развојот , стечајни постапки, зголемување на невработеноста и социјални пробелми. Поради тоа голем дел од активностите беа насочени кон разрешување на

актуелните прашања поврзани со санирање на загубите во претпријатијата и финансиската консолидација на стопанството. И покрај тоа неколку организации во овој транзитен период создадоа големи загуби поради што по стечајната постапка згаснаа. По водењето на така лоша политика од оваа Влада голем број работници од оваа општина останаа без работа и без основни приходи за егзистенција на нивните семејства. Но, има и некои претпријатија што некако успеваат да опстанат во ова мрачно двегодишно живеење во оваа општина.

Да напоменам дека од поодамна во подрачјето на општина Кисела Вода има изградено и неколку трговски објекти со посебен придонес за општ развој на прометот како и по количество на стоки во квантитет и квалитет. Тука постојат трговските центри Три Бисери, Скопјанка, Кисела Вода, Рампа и супер маркетире Веро, Тинекс и т.н. и доколку со овој закон за Градот Скопје претрпи големи измени постои можност на потегот од Цементарница Усје кон населбата Драчево до долж улицата Првомајска да се подигне нова индустриска зона во општина Кисела Вода. Денес општината Кисела Вода како прва по број на население во Република Македонија ја краси модерна инфраструктура со урбани целини во кои од ден на ден се создаваат подобри услови за живот и развој. Од падините на Водно до уреденото корито на реката Вардар и од новиот транспортен центар до Драчево можат да се забележат голем број многу катници, современи булевари со дрвореди и зелени површини. Последните 5 години насекаде се видливи напорите за изградба на поубава општина, а нов лик добиваат постојните 18 месни заедници Цветан Димов, Бариера, Црниче, Пржино, Вардар, Мичурин, Кисела Вода, 11 Октомври, Усје, 11 Октомври-бараки, Пинтија, населба Драчево, село Драчево, Долно Лисиче, Горно Лисиче, населба Лисиче, 13 Ноември, Васко Карангелевски. Во овие месни заедници кои егзистираат во општина Кисела Вода гравитираат 20 основни училишта, потоа разни здравствени организации како што е Заводот за слепи Димитар Влахов, Заводот за рехабилитација Димитар Влахов, четири средни училишта и седум градинки. Сепак, вознемирувачки е фактот за една вака најголема урбана општина во состав на Град Скопје во РМ во Предлогот за донесување на законот за Град Скопје од страна на Владата, надлежностите и ингеренциите да се изгубат од општината и да преминат во ингеренции и надлежности на Градот. Значи предлогот на Владата во членовите 11 односно 11 а) за зголемување на општините воопшто не е прифатлив и пожелно е општините да останат во постоен број во постојните граници во Градот Скопје. Во рамките на постојниот Закон за локална самоуправа постојат два органа и тоа градоначалник на општина и совет на општина. Значи, од

сегашниот Закон за локална самоуправа единицата на локална самоуправа има свои функции и надлежности согласно член 24 од Статутот на општина Кисела Вода. Советот на општината донесува статут на општина, деловник за работа на советот на општината и програма за работа и детални урбанистички планови, како и сите видови програми што се во надлежност со ингеренциите на органите во локалната самоуправа на општина Кисела Вода и согласно со Законот на локана самоуправа. Ако се загубат сите ингеренции на општината кои досега ги имаше по член 20 , сега по новиот предлог на Владата ќе бидат во корист на Градот Скопје, а на штета на останатите општини, општините ќе немаат моќ да им ги решат основните урбанистички проблеми на граѓаните, затоа што сите ингеренции ќе бидат префрлени во Градот и ќе настане прав хаос за да се дојде до некоја дозвола, или решение за решавање на некој урбанистички проблем. Со овој Предлог закон на Владата ќе се создадат административни општини кои ќе имаат ингеренции колку една месна заедница во ова време. Истото може да се каже и за членот 25 од Предлог законот за Град Скопје кој се однесува на областа за финансирање помеѓу градот Скопје и општините во градот. Ќе се види дека Градот Скопје ќе располага со грото средства собрани по разновиден основ на локални даноци , такси, надоместоци, приходи од сопствено работење, приходи утврдени со закон, приходи од казни утврдени со закон, приходи од донации, приходи од самопридонес и други приходи утврдени со закон со што со ваквата поставеност на економски зависни општини ингеренциите кои и припаѓаат на општината ќе бидат во подредена улога на Градот Скопје.

Во членот 26 алинеја 3 не е прецизирана распределбата на приходите на Градот Скопје, односно по која формула ќе се утврдува усогласувањето помеѓу Градот Скопје и општините од неговото подрачје. Со ова непрецизирање се остава сомнеж на нетранспарентност и субјективност како и голема недореченост во самиот член од Предлог законот од Владата, со што се верува дека таа распределба ќе биде направена и реализирана по субејктивни заклучоци. Значи, може да се заклучи дека овој Предлог закон на Градот Скопје на Владата е премногу штетен и не корисен како за општините , така и за сите граѓани од подрачјето на Скопје. За да не дојде до централизација на власта во градот на штета на општините пожелно е да остане постоечкиот Закон за град Скопје со сите ингеренции и надлежности што ги имаат општините досега и да останат во нивниот постоен број и нивните постојни територијални граници и надлежности. Јас мислам дека правилно ги пренесов ставовите на дел од граѓаните од општина Кисела Вода.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се надевам дека во блиска иднина Куманово и Скопје ќе се спојат, така што ќе имате и објективна причина да застапувате .

За збор се јави г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре, веројатно денеска ќе отстапам од мојата пракса да дискутирам не повеќе од 10, 15 минути. Сметам дека овој закон би можел да придонесам со некое свое скромно искуство во однос на некои забележани недостатоци во однос на предложениот закон. Веднаш на почетокот да кажам дека во потполност се согласувам со предлагачот, со министерот дека овој закон се обидува навистина доста сериозно да ги отстрани сите нејаснотии што се јавија , а навистина за жал беа во голем број во функционирањето на Градот Скопје, особено нејаснотии што се јавија на релација Град Скопје, општини во Градот Скопје, тие се како што знаеме сега број 7 . Најважниот момент во овој закон од кој произлегуваат, а веројатно ќе произлезат и други дилеми е статусот кој ќе го имаат како што реков општините на Градот Скопје. За мене Предлогот во оваа фаза е по малку нејасен. Имено, најпрво со членот 1 во законот се воведува терминот организациони делови на Градот Скопје што навистина упатува на тоа дека општините во составот на Градот ќе имаат понизок статус, бидејки само поради терминолошката разлика која што овде е поставена , со што јас овде ќе го кажам и јасниот став досега кажан од пратениците на ЛДП, дека ние се залагаме за поделба на реони, односно квартови . Знам дека не ви е лесна задачата. Претседателот на Градската организација на СДСМ бара ингеренциите да се симнат на општинско ниво, ЛДП бара поголема моќ во функцијата на Градот за да функционира Градот онака како што сакаме европски. Дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ , лидерот вчера побара да се симнат ингеренциите на општините. Пратеникот што зборуваше во претпладневната сесија побара да се разјасни дали едно, или друго, па имаме пратеник кој што бара сличен став на ЛДП, а тоа е да функционира Градот како целина со главните ингеренции кај градоначалникот, односно во Градското Собрание.

Во членот 2 став 2 се воведува терминот општини, значи ви за ви организационите делови на Градот Скопје како организациони делови на Градот, но одредбата е децидна дека од причини на поголема ефикасност одделни работи од надлежноста на Градот Скопје ги извршуваат новите општини. Овој став всушност

упатува на делегирање, бидејќи ова решение е проблематично од аспект на согласност со Устасвот. Јас ги разбирам и дилемите кои и во говорот ги потенцираше самиот министер. Имено, според Уставот односно членот 114 став 2 единиците на локалната самоуправа се всушност општините. Ако се споreди членот 115 и членот 116 од Уставот на Република Македонија , соодветно се набројуваат надлежностите на градот и општините, односно Амандманот 17, на кој се повикуваме овде, кој врши измени на овие надлежности, ќе се види дека надлежностите се исти, а делегирањето е непотребно бидејќи и тие надлежности се изворно уставни, а за градот и општината се разбира е напоменато пооделно. Истото важи за ставот 3 на членот 2, кој повторно упатува на делегирање на надлежностите. Тука веќе директно доаѓаме до проблематичниот член 3 став 2, според кој општините на Градот Скопје немаат ист статус со општините утврдени со законот за територијална организација на локалната самоуправа и тука се разбира имам свои сопствени забелешки.

Прво, оваа одредба се коси со Уставот и со законот за локална самоуправа, кој е јасен во однос на тоа кои се единици на локалната самоуправа во Република Македонија , а тоа се општините, и какво е степенувањето на системот. Знаеме дека тој едностепен, плус Градот Скопје кој е посебно назначен. Значи, можност за различно степенување на статусот практично всушност и нема.

Второ, Законот за локална самоуправа се однесува на функционирање на општините, нивните органи, односно со Владата и меѓу самите општини, а според член 19 од овој Закон, територијалната поделба на општината се врши со закон. Тоа е законот за територијална организација, значи логично се изведува заклучок дека општините од Законот за територијална организација се оние на кои се однесува Законот за локална самоуправа.

Се поставува прашањето дали ова ќе значи за скопските општини, така како што се поставени во членот 3 што го набројав, значи дека тие имаат поинаков статус, дека нема да важи Законот за локална самоуправа, кој да потсетам комплетно го уредува начинот на функционирање на органите и администрацијата на општините.

И трето, каков статус се сака да им се даде на скопските општини, помал или поголем, и добро беше поставено од министерот, да расчистиме веројатно и ние како пратеници, да помогнеме, на крајот на краиштата ние го усвојуваме овој предлог, во однос на што се изразува различноста на статусот со другите општини во Република Македонија . Имено, ако се работи за понизок статус на скопските

општини, тогаш се прашувам зошто органите на општините би се избирале по пат на непосредно одлучување на граѓаните, што во секоја почетна лекција по демократија неизбежно имплицира на врвен легитимитет и самостојност во работењето , а се разбира и самостојност во одлучувањето. Ако пак се работи за повисок статус на скопските општини, тогаш треба да ја разјасниме сверата на финансиските средства со кои располагаат општините. Значи, општините на Републиката имаат право на сопствени приходи, а така е според Уставот, а општините во рамките на Градот Скопје согласно член 25 од постојниот предлог немаат такво право, туку се финансираат од сопствени приходи на Градот Скопје, кои потоа се распределуваат по општините, но за тоа нешто подоцна.

Зошто всушност ја поставувам оваа дилема од моја гледна точка? Со оглед на сето изнесено, ставот на ЛДП тука е сосема јасен и ние сметаме дека тоа е најдобро решение за излез од сите колизии што сега се присутни што сите ги констатиравме овде како пратеници, буквално сите, а што и во иднина можат да произлезат од односот Град Скопје - скопски општини, а тоа е истите темелно да се реорганизираат на ниво на реони, на ниво на области или квартови.

На ова место можам само да се согласам со министерот со констатацијата дека позицијата на скопските општини е неминовно поинаква со овој предлог во однос на останатите општини во Република Македонија и токму поради тоа, таа разлика и тој поинаков статус треба да се верифицира од нас како пратеници законски. Значи, во смисла на констатираните состојби од страна на самата Влада, кои ги пренесе министерот, комплетно заеднички се согласуваме со фактот дека постојат паралелизми во разграничувањето на надлежностите, кои се одразуваат негативно врз инересите на граѓаните. Притоа, и самиот министер во своето обраќање констатира дека мора да се земат предвид и некои практични прашања, сврзани со остварувањето на лоиалната самоуправа на подрачјето на Градот Скопје, пред се, поаѓајќи од досегашното искуство кое не само што ни дава право туку “не обврзува да најдеме попрецизни решенија за поставеноста на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа”. Впрочем, се вели дека и во Стратегијата на Владата на Република Македонија донесена во 1999 година, се констатира дека постојат паралелизми, недоречености, нејаснотии во разграничувањето на надлежностите меѓу Градот Скопје и општините на неговото подрачје, што се одразуваат потенцирам негативно на извршување на работите и на ефикасното остварување на правата и интересите на оние кои се најбитни, а тоа се граѓаните.

Токму и во таа смисла ние излегуваме како ЛДП со ова конкретно решение. Што всушност ќе се добие според нашиот предлог со реорганизација на Градот Скопје во однос на реоните, областите или квартовите. Одговорот е многу едноставен: Ќе се надминат сите слабости на сегашното решение, ќе се овозможи конечно функционирање на градот како единствена целина и она што е најважно, правата и интересите на граѓаните ќе се остваруваат многу поефикасно.

Овој наш предлог поаѓа од лзаедничките интереси на сите граѓани на Скопје и на ова место повторно би се согласил со министерот дека неможе да се изврши просто пресликување на странските искуства. Токму тоа и не е случајот со Градот Скопје, туку ваквото решение, почитувани пратеници, дури и се наметнува како најпогодно затоа што според Уставот надлежностите на градот и на општините се истоветни. Ако сакаме да направиме вистинско разграничување , статусот треба да биде на ниво на реони, односно квартови.

Се согласувам во целина со она што го кажа министерот дека “моја желба е , а верувам и на сите граѓани на Република Македонија Градот Скопје во блиска иднина да не се разликува од другите метрополи во Европа”. Јас незнам зоштп би морале да чекаме тоа да се случи во блиска иднина, иако се согласувам дека неможе да се пресликаат сите решенија. Скопје, почитувани пратеници е веќе европска метропола. Значи, меѓу полицентричниот модел и унитарниот модел, ние се одлучуваме за третото решение, за двослојниот модел кој ги комбинира предностите на претходните модела, за кои зборуваше и министерот, кој што мошне добро образложи кои се предностите и негативностите, а секој од претходните два има и добри и лоши страни. Појавата на проблемите на големите градови кон кои се стремиме всушност се повеќе придонесува валстите на главните градови во Европа, кои имаат број на жители под одредена граница, тоа под милион, Скопје знаете дека има 500 илјади жители, да се одлучат да воведат двослојни системи за кои овде се залагаме. Па така, следните примери укажуваат намодели од развојот на двослојната локална власт во многу земји, и тоа не само во главните градови туку и во оние поголеми кои имаат повеќе од половина милион жители. Хамбург има 12 квартови, Минхен има 15 квартови и сега ќе ви ги набројам главните градови: Будим Пешта 22, Прага 22, Братислава 17, Варшава 8, Париз 19, Лондон 32, Берлин 16 со тенденција да ги намали и Виена 19 квартови. Впрочем, ако не се сомневам, мислам дека една од првите варијанти која дојде во Владата почитуван министре беше всушност да се оди на реони во почетните размислувања, но меѓувреме се променија размислувањата.

Ако внимателно се чита образложението на Предлогот на законот ќе се види дека и самиот предлагач во образложението на предлогот укажува на тоа дека скопските општини, борејќи се за својата независност и од Републиката и од самиот град, честопати делуваат спротивно на интересите на граѓаните на ниво на градот. Се јавува дилемата зошто се инсистира на постоење на општини во рамките на Градот Скопје во оваа форма во која што е предложено, ако постои мислење дека самостојноста и независноста на тие општини која ја имаат според Уставот стои на патот на интересите на граѓаните. Сметам дека треба да се дадат дополнителни објаснвуања на овие, јас би ги нарекол статусни дилеми и проблеми, што досега ги изнесов и ги изнесоа пред мене голем број пратеници или да се изврши нивно покомпактно уредување, бидејќи до колку не сме јасни на стартот, овие проблеми потоа ќе се провлекуваат и ќе го констатираме истото она што го констатиравме за постојниот закон, а тоа е дека навистина само ги усложнува проблемите и релациите меѓу градот и општините во самиот град.

Сега доаѓаме до делот кој ги уредува прашањата на надлежностите на Градот Скопје. Во новиот предлог закон се врши извесна промена и тоа на две нивоа: од една страна се одземаат, а од друга страна се додаваат надлежности.

Јас очекував дека овој закон конечно ќе ги реши сите нејаснотии и дилеми, односно слободно ќе се изразам хаосот што постои според постојниот закон во функционирањето на градот. Пак ќе кажам, според моето скромно искуство од шест години работење во локалната самоуправа во Градот Скопје, можам да кажам дека повторно имаме некоја дилема во јавноста кај градоначалниците, кај општините каков град ни треба . Мислам дека не е поентата да отвориме нова војна на релација град - општини, туку да го поставиме така законот да може градот да функционира европски. На пример, градот никако неможе да ја реши проблематиката меѓу ЈСП и приватниците. Градот нема надлежност всишност во овој момент да го застане автобусот и да го исклучи од сообраќај, а градот е надлежен за функционирањето на сообраќајот во Република Македонија . Кај таксистите седум-осум години градот се бори но нема надлежност да ја реши проблематиката. Знаеме дека има огромен број диви таксисти во Градот Скопје. Кога сме кај сообраќајот,сообраќајната полиција, граѓаните со право реагираат за гужвите во градот, незнаејќи дека градот нема буквално никакви ингеренции кај сообраќајната полиција. Можеме со денови да зборуваме за проблемите на комуналната сфера, градот нема ингеренции да постави еден времен објект. Било каква трафика, бутка да поставите, треба дозвола од подрачната единивца за транспорт и врски. Комуналните инспектори или т.н.

комунални инспектори кои ги има градот немаат буквално никаква надлежност. Граѓаните се жалат за нечистотијата во градот, меѓутоа, инспекторот има право само да опомене несовесен граѓанин дека тоа и тоа се случило, нема право на мандатна казна, што значи дека никаква ингеренција нема градот за да укаже на тоа што се случува по улиците на Градот Скопје. Земете ги и депониите, ковторно комуналниот инспектор може само да констатира , па едно време се измислени апарати каде ги слиавме тие што го правеа тоа, но градот беше немоќен да го  санкционира тоа, бидејќи такви надлежности не му се дадени на главен град на Република Македонија . Дивоградбите, беше споменат примерот од мојот колега Најдовски за плоштадот. Со право граѓаните реагираат до адресата на градоначалникот зошто се случува ова. Треба незнам во колку прилики да објасниме дека тоа ни е во надлжност на Градот Скопје, локациите ги дава подрачната единица. Тука има битни промени, се разбира, затоа ќе се залагам за оваа проблематика.

Јас ветив вчера дека нема да влезам во војна со позицијата, бидејќи ќе ги донесам сите барања кои беа доставени за катни гаражи, за спортска сала, локација за спортска сала, за реконструкција на плоштадот, барање дозволи и конечно да го решиме проблемот со спортската сала. Да не ви ги читам одговорите какви се, несакам да влезам во овој момент во таа дилема, но сакам да кажам градот до колку си ги земе тие ингеренции, нема потреба да ја моли државата дали сака, кога може и каде сака да гради спортска сала. И не е битно кој е градоначалник, дали од една партија, втора партија итн. Градот ќе одлучи на својата територија каде ќе гради катна гаража, каде гради спортска сала, во кој момент е спремен финансиски да го реконструира својот плоштад. Значи, бараме Скопје да изгледа европски, бараме Скопје да функционира европски , а навистина сакав низ конкретни примери да ви ја доловам немоќта на градот и врзаните раце на градоначалникот односно на градската управа.

Извесни надлежности што досега ги имаше градот се одземаат, но тоа не би бил толку голем проблем, туку проблем е што истите не е јасно сега чија обврска ќе бидат. До сега градот се грижеше за вонградското зеленило, каде што спаѓаат на пример парк - шумите, каде што спаѓа парк - шумата Водно. Во предлогот не се ни споменува ова решение, во надлежностите од член 19 точка 4 во делот на комуналните дејности се споменува грижата и одржувањето на парк-шумите на подрачјето на Град Скопје, но истовремено парк-шумите кои ги споменав, односно парк-шумата  што ја споменав, според границите на општините не влегуваат во

нивните подрачја,  па останува само да се претпостави дека тие ќе бидат во ингеренција на ресорното министерство. Не би можел да го заборавам тука и случајот со рекреативната зона Водно-Сарај-Матка, а посебно комплексот Езеро треска, кој е создаден по пат на самопридонес на скопјани, на граѓаните на Град Скопје. Оваа зона исто така не влегува во градското подрачје за да може надлежностите на градот според предлогот да се простираат и на неа. Може само да се претпостави дека овој центар со кој досега основано менаџираше градот влезе во надлежности на општина Сарај. Тука би потсетил дека стариот закон за локална самоуправа, кој го третираше и имотот и финансирањето на општините, во имотот влегуваше и се она што е изградено по пат на самопридонес, а сега имаме посебен закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во кој никаде не се оперира со поимот “имот на општините”. Градот како што е познато го бараше и Градскиот трговски центар, ја бараше и Универзалната сала која е исто така на граѓаните на Град Скопје, сега со предлогот што го дава министерот конечно и овие објекти од културата се пренесуваат во директна надлежност на градот.

Уште една забелешка која ја имам во оваа смисла, а ќе си го дозволам тоа бидејќи е во прва фаза и мислам дека треба да ги отвориме овде нашите размислувања, се однесува на бришењето на точката 23 од членот 5 од старито закон за Град Скопје, која се однесува на поттикнување на развој и работа на занаедчиството, туризмот и угостителството, така што сега во новиот предлог нема буквално никаква одредба за оваа исклучитрелно значајна сфера. Да не заборавиме дека доаѓаат Олимписките игри, меѓутоа, и да не се случеше тој значаен настан кој е во наша близина, мислам дека во надлежностите на Градот Скопје треба да влезе грижата и одржувањето на оваа дејност, да може градот би рекол сопствено да си ја исцртува туристичката мапа која ќе им ја понуди на сопствените граѓани, се разбира, и на гостите што во голем дел ги има во Република Македонија.

На ова место на крајот би сакал да истакнам и да се подразмисли за надлежностите на Градот Скопје да влезе и грижата и оддржувањето на Изворот Рашче. Мислам дека сум доволно нејасен, мислам дека Рашче мора да биде во надлежностите на градот бидејќи тој е од стратешки значај во Република Македонија . Изворот, главниот извор со кој што се снабдуваат граѓаните на Град Скопје мора да биде под надлежност на градот. На деловите 5 и 6 од Предлогот на закон ќе се осврнам интегрално видејќи  во сонова тие се и всушност многу, многу поврзани. Проблематичен е најпрво членот 26 според кој распрделбата на изворните приходи ќе се врши по формула по пат на усогласување помеѓу градот и општините што е

невозможно. Овој член е врзан со членот 31 од делот за односи и соработка помеѓу општините каде се предвидува реорганизирање на соработката меѓу општините со едно кординативно тело чија примерна задача според предлогот значи да се усогласуваат ставовите помеѓу градот и општините.

Тука се покренуваат барем две прашања.

Прво, врз основа на каква методологија ќе се утврдува таа формула кога сите општини во состав на Градот Скопје се сосема различни и во поглед на инфраструктурата и во поглед на комуналните и на другите потреби на граѓаните во таа општина , да признаеме и нивото на развојот не е сосема ист.

Второ, на кој начин ќе работи тоа кординативно тело кое треба да ја утврди формулата кога законот за жал сеуште не се грижи. Ние и досега имавме проблеми но барем ја имавме онаа формулација 60, 40, 60% во градот 40% во општината . Несмее да се испушти според мене од предвид дека секоја општина во состав на Скопје има сопствени прецепции за своите потреби , а неретка улога улога игра и различната политичка провиненција на градоначалниците што мислам дека дадов неколку примери и распоредеот на политичките сили во советите на општините. Кај нас сеуштен мислам дека за жал не сме созреале , да нема инатење во оваа област па за инает на градоначалникот да немаме спорска сала, за инает на градоначалникот да немаме друга структура, или пак на општините блиски до власта во тој момент да се даваат многу, многу поголеми средства за развој на инфраструктурата.

На оваа линија и тонот на членот 30 за меѓусебна соработка на општините и градот преку градоначалниците и советите кој член сметам дека исто така треба да се издигне на ниво на обврска , потенцирам на обврска бидејќи соработката на оваа релација иманентно во секоја свера на ингеренции и на градот и на општините. Тука сметам дека добро што и самиот министер констатираше во своето обраќање дека цитирам “предлогот за донесување на закон на Град Скопје доаѓа од заеднички интереси на градот и неговите граѓани и пред се внимава да не се повтори негативното искуство во поклопување на надлежностите помеѓу, од една страна опшитната и од друга страна градот, неводејќи сметка за целината на градот и потребата од единствена развојна политика на сите сегменти на живеење”.

Распределбата, како што кажа министерот, на средствата остварени од изворни приходи на Градот Скопје меѓу градот и неговите организациони делови се предлага да се врши според формула која ќе биде утврдена по претходно

усогласување меѓу руралните скопски општини и вие ја отворивте таа можност да прецизираме и ние како пратеници каква формула ни треба.

Едноставно, верувајте, ако конкретно не се наведе на кој начин овие средства, бидејќи битката , се разбира, ќе биде околу распределба на изворните приходи, ќе имаме тотално блокирање на релација град и општини, ако се одлучиме да одиме по општини.

Значи, кои би можеле да бидат критериумите, според наша сугестија, би можело да се оди прво според бројот на жителите во општината, би можело да се оди според територијалната големина, би можело да се оди според комуналната развиеност на општините кои овде се предлагаат или ако сакате може да се оди, што веројатно ќе биде еден од последните предлози да се оди според остварените приходи од страна на сопствената општина.

На крај, сосема јасно без никакви криенки би се осврнал и на делот на употребата на јазиците, гледам тоа овде се одбегнува, а тоа е дел од од Предлогот на законот.

Сметам дека амандманот 5 од Уставот на Република Македонија е сосема јасно ова прашање, т.е. дека во единиците на локалната самоуправа, цитирам “покрај македонскиот службен е и јазикот кој го користат најмалку 20% од граѓаните, а за употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните, одлучуваат органите на единицата”. Тука не ја разбирам формулацијата на член 33 според кој припадниците на заедниците чиј јазик од намалку две општини е службен јазик, имаат право на употреба на тој јазик во комуникација со органите на град Скопје и органите се должни да одговорат на истиот јазик. Јас немам никакви проблеми со тоа, дали можат албанците во овој случај да комуницираат со градот на нивниот јазик. Меѓутоа, не постои ниту уставен ниту законски термин како што е наведениот - најмалку две општини, туку уставниот термин е - единица на локална самоуправа во чии рамки се одлучува за употреба на јазиците.

Предлагачот не образлага врз основа на какви анализи или параметри се одлучило да се предложи, ако од две или повеќе општини е тој службен јазик, тоа значи дека ќе може тој јазик и да се употребува во комуникација и со градот.

Мислам дека треба сериозно да го преиспитаме сегашното предлог решение во делот на употребата на јазиците, за да не доведе тоа до поодени дискусии што знаеме од досегашната пракса каде ќе не одведе.

Од ова што го кажав почитувани пратеници, евидентно е дека сметаме дека сметаме ние и јас лично и како пратеничка група на ЛДП дека се потребни поголеми

зафати врз текстот, нормално ова е прва фаза а мислам дека овде навистина овој пат имаше конструктивни дискусии од страна на пратениците, без разлика на политичката боја која ја застапуваат овде.

И на крај ЛДП бара реонска поделеност на градот Скопје со централна власт, поголеми надлежности на градот за да може тој навистина да функционира како што функционираат градовите во Европа, не само главните, туку големите градови што се од околу 500.000 до 1.000.000 жители и се разбира да се реши проблематиката околу употреба на јазиците.

Се надевам дека сите овие дискусии од пратениците на ЛДП и овие забелешки што ги дадов ќе бидат позитивно сватени и пратеничката група ви стои господине министре на располагање, во секое време да ги образложи своите конструктивни предлози, за да можеме да дојдеме до еден закон кој ќе биде прифатлив ако не за сите барем за мнозинството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сакам само околу статусот на градот Скопје, оние дилеми кои беа искажани и во уводното излагање на министерот и сега од претходниот дискутант.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За уводното излагање на министерот ќе земете збор, реплика имате на господинот Жерновски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Истото е во прашање, затоа го спомнав. Истата тематика е.

Членот 117 од Уставот на Република Македонија јасно го дефинира статусот на градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа во која граѓаните непосредно и преку свои претстaвници учествуваат во одлучувањето за прашања од значење на градот Скопје.

Понатаму, актуелниот закон за локална самоуправа, за разлика од претходниот закон, го третира само градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Единици на локалната самоуправа се општините.

Градот Скопје и општините во Република Македонија имаат исти уставно гарантирани надлежности. Значи дилемата која е искажана и од страна на министерот и од претходниот пратеник, фактички не постои. Членот 117 од Уставот, заедно со уставниот амандман 17 вели: “Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа чија организација се уредува со закон”. Организацијата не претставува создавање правни лица на нови единици на локална самоуправа, затоа што општините се единици на локална самоуправа како што вели законот за локална самоуправа.

Понатаму Градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи, определени со закон и со средства од Републиката. Градот Скопје е самостоен во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на неговата работа, ја врши Републиката. Републиката со закон може да му довери вршење на определени работи на Градот Скопје. Оттука за каква самостојност во вршењето на овие надлежности кои се утврдени со Уставот и со Законот за локана самоуправа, станува збор, ако централната власт кажува со закон, што ќе треба да работи градот. Значи зборуваме за надлежност на градот, а што општините. Вие делите надлежност која ја има градот, а која е дефинирана и е иста со општините во Република Македонија што беа утврдени и треба да се утврдат согласно законот за територијална организација на Република Македонија. Не ли е подобро ингеренциите на организационите единици да бидат уредени со статутот на градот. Нели е подобро, за начинот на функционирање на градот целосн да одлучуваат жителите на град Скопје преку непосредно избраните претставници во Советот и градоначалникот на градот. Овој предлог остава простор за многу различни толкувања во поглед на статусот на општините во градот Скопје. Дали тие се организациони единици во градот, или општини со статус на правно лице, со непосредно избрани органи, со ингеренции кои им се определени со закон. Затоа, како последица на овој закон, единствено се можни..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски ви поминаа вашите 5 минути.

Очигледно оваа реплика беше на министерот а не на Жерновски.

Господине Жерновски имате ли контрареплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Да.

Јас се надевам дека го разбрав пратеникот.

Според член 117 градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа, чија организација се уредува со закон. Вие констатиравте нешто што е сосема спротивно, она што го кажа вашиот лидер вчера, ќе ви ги дадам стенографските белешки да се уверите во тоа. Затоа, според Законот, за да се исчистат овие дилеми што всушност го отвори ова прашање министерот, ние велиме да се оди на ваква организација, според законот што го третира градот Скопје. Значи вие само ја потврдивте и ја констатиравте потребата што ние како ЛДП се обидуваме да ја изнесеме пред вас, односно пред граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рафис Алити, имате 3 минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Јас со внимание го ислушав говорот на колегата Жерновски, кој покрај другото го спомна рекреативниот центар во Сарај, Езерото Треска, исто така ја спомна и водата од Врело што се наоѓа во близина на селото Рашче.

Тука се поставува дилемата, доколку сето ова им се земе на овие две општини општина Сарај и општина Кондово, тогаш што ќе биде во надлежност на овие две општини. Така да со сигурност и господинот Жерновски и изготвувачите на законот кои го предлагаат треба да го имаат предвид фактот дека во минатото. Значи не треба да заборавиме дека во минатото  и околината на Скопје и руралните општини кои сега се нагласуваат, имаат придонесено во изградбата на инфраструктурата на Градот Скопје, било со придонеси, кои биле задолжителни да ги дадат било преку самопридонеси, што во минатото самите граѓани изразиле спремност да ја изградат оваа инфраструктура на Скопје. Така да треба да се има предвид и овој момент. Токму поради тоа овие општини треба да имаат свои претставници во Градското Собрание, доколку се мисли сето тоа богатство што се наоѓа во овие општини, исто така и Собранието на Град Скопје да има влијание во истите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас се согласувам дека треба да има претставници.

Нема никаква дилема кај мене. Сакам само да ме разберете дека дел од оние објекти што вие ги спомнавте се градени со самопридонес на граѓаните на Град Скопје на моите родители, на пример. Така да јас сум сигурен дека вие би се бунеле доколку некој објект кој што е во Тетово и кој е изграден со самопридонес на тетовчани, сега оддеднаш би влегол под ингеренции на Градот Скопје. Тука се разликуваме. Сметам дека оној објект за кој плаќале скопјани, треба да биде во надлежност на Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате 3 минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на колегата Жерновски, на неговото тврдење во делот на ингеренциите т.е. надлежностите на општините од Градот Скопје, т.е. точка 1 алинеја 4 каде се вели дека општините донесуваат програма за поставување на времени објекти и издаваат одобренија за нивно поставување. Досега овие времени објекти, нивното одобрение и поставување беше во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Затоа во општините никнуваа времени објекти без знаење на општините или на граѓаните од тие општини. На овој начин сега се дава можност оваа надлежност да се спушти непосредно до општините во Градот Скопје. Меѓутоа, неможев да го разберем господинот Жерновски кога рече ова треба да биде во надлежност на Градот Скопје, така барем јас сватив, иако сметам, со оглед на тоа што се работ за времени објекти, објекти од времен карактер кој понатаму со донесувањето на детални урбанистички планови при нивна реализација нема да постојат, сметам дека треба да остане како што е во законот, дури и согласноста од Градот Скопје да биде избришана, така да биде во целосна надлежност на општините во Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жерновски, 1 минута реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Благодарам колега за репликата, за покажаниот интерес за мојата дискусија.

Овде ние имаме концепциска разлика. Затоа јас тврдам дека треба да постои Град Скопје со централна управа и да се подели на ниво на ниво на општини, односно, како што кажав да има квартови, области или реони.

Ќе ви кажам класичен пример што сакав да објаснам. Имено сведоци се скопјани 4 години како трафиките на плоштад Слобода неможат да се тргнат токму поради неможноста да има влијание врз одлуката, трафиките на плоштадот на Град Скопје што успеавме пред две недели да ги тргнеме пред тоа неможеше никако да се интервенира затоа што градот ги немаше тие надлежности. Затоа велам низ конкретни примери дека градот треба да ја земе таа надлежност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец, имате реплика 3 минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Врз база на искуството кое го декларира колегата Жерновски, околу неговата пракса за локална самоуправа во градот, мене ми останува континуираните дилеми кои ги наметна, од една страна предлогот кој што го декларира, од друга страна се согласува со министерот. Јас дефинитивно незнам за кој модел он сега се залага, или може да се изјасни дали ќе гласа за овој закон, па на тој начин мислам дека би ја разрешил таа дилема која постојано ја наметнува и тоа е она што е есенцијално во неговиот приод, а се другото беше маркетинг за градоначалничката позиција. Меѓутоа, јас би му порачал дека овој пат господинот Пенов нема да ја има таа можност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖРНОВСКИ:

Во континуитет господинот Оровчанец го спушта нивото на дискусиите, така да јас овој пат ќе се откажам од репликата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, имате 3 минути реплика.

АБДУЛДИ ВЕЈСЕЛИ:

Навистина ваквите дискусии ме загрижуваат. Загрижувачки се дискусиите кои внесуваат вода на туѓа воденица.

Како прво, не би очекувал од една партија која е на власт да има аверзија и да биде уште повеќе против употребата на албанскиот јазик, на ниво на градот Скопје, кога се знае дека тоа претставува обврска од Охридскиот договор.

Понатаму, од една страна неможам да го разберам господинот Жерновски како може ако две општини, или повеќе од две општини говорат на албански јазик, да може да комуницираат со органите на Градот Скопје, на албански јазик. Од една страна се ангажирате да има чист град без албанците, исклучувајќи ги Студеничани, Арачиново, Кондово и Сарај, со цел да не бидат во рамките на Скопје, со цел Скопје да нема повеќе од 20% албанци. Ова за нас е неприфатливо. Јас помислив дека, можеби сите заедно овде ќе се ангажираме Скопје да го вратиме на старите граници и во рамките на Скопје да биде Арачиново, Студеничани, Кондово и Сарај, затоа што мислев дека имаме една нова клима и нов политички амбиент во Македонија каде никој нема да му се противи на другиот кога се говори за рамноправноста на етничките заедници кои живеат во Република Македонија.Друго, никаде, во ниедна книга на историјата не пишува, или нема ниедна теорија која вели дека една општина се става врз друга независна општина. Доколку граѓаните на Скопје дале придонес за изградба на езерото Матка или спортско рекреативниот центар Сарај, тогаш граѓани на Скопје не биле само македонците, туку придонес дале и самите жители на Сарај, Кондово и другите места во Скопје, затоа што немало посебен буџет за македонците, или посебен буџет кој го поднеле албанџите.

Доколку не се прифати нашата сугестија, овие центри кои ги спомнав да бидат во рамките на Скопје, односно овие населби Сарај, Кондово, Струденичани и Арачиново, само со цел да се постигне во употребата на јазикот, затоа што за нас сета работа е употреба на албанскиот јазик. Ве молам немојте да напаѓате ова прашање на употребата на јазикот и второ немојте да мислите дека овие закони можете да ги донесете без мнозинството на албанските гласови кои се тука во Парламентот како претставници на албанскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жерновски, реплика една минута.

АНРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Незнам каде ги пронајдовте речениците за кои општини јас се залагам, а за кои да не се укинат, тоа вие проверете си.

Многу добро знам дека ви е познат Уствот на Република Македонија и кога може да се употребува јазикот.

Неможете никако да ме обвините дека сум албанофоб, ниту мене ниту било кој од ЛДП, ниту било кој, ќе си земам  слобода да зборувам во името на СДСМ, од Коалицијата За Македонија заедно. Тоа оваа коалиија го докажа. Сакам друго нешто да ви кажам практично.

Албанците во Карпош се под 1%. Албанците во Кисела Вода се под 1%. Невозможна е двојазичност. Сакате заедно да одиме да поставиме табла на која ќе пишува Кисела Вода, на македонски и албански, или во Карпош, на македонски и албански. Ви велам дека тоа едноставно е неможно. Согледајте ги бројките и јавете се за дискусија, повторно ќе дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе реплики, повелета за дискусија господине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници, господине министер,

Оваа дискусија ќе ја почнам велејќи дека сум изморен од глумење и со констатацијата дека се додека работите не ги кажеме такви какви што се и се додека не ја гледаме реалностас таква каква што е, оваа држава уште долго време ќе навлегува во сиромаштијата и во нерамноправност. Затоа, на некои им се извинувам што ќе говорам за реалноста.

Главниот дефект на овој закон што го предлага оваа Владата на Република Македонија, овие решенија што денеска ги дискутираме ги донесе Владата. Значи, на постојниот закон. Овој закон е донесен после војната, тоа е закон од Рамковниот договор.

Зошто се дискутира овој месец пакетот на закони за децентрализација? Дали може функционалноста на општините или локалната самоуправа беше толку драматична што токму денеска треба да разговараме и за проблемите што ги има Градот Скопје и во нормалното функционирање или пак овие закони се донесуваат затоа што тоа го бара Рамковниот договор.

Овие закони се донесуваат после војната, после конфликтот и после потпишувањето на Рамковниот договор или пак овие закони се носат за да поправат

некоја нерамноправност, за да решат некоја постојна дискриминација што ја изнесе на виделина револуцијата или војната?

Доколку предлагачот тргнал од принципот на градење на космополитка држава, на функционирање на општинските органи и јавните претпријатија, комуналните јавни претпријатија, доколку тоа била премисата за разгледување на овој закон, тогаш нешто не е во ред.

Јас знам од телоријата на војната дека војна почнуваат луѓе кои се незадоволни од динамиката на реализација на одредени права. Тоа се прави за да се забрза процесот на постигнување еднаквост и за да се гарантира еден вид на рамноправност и негово регулирање. А нам ни се нуди овој закон за организација на Градот Скопје. Космополитско функцкионирање на некои градови кои не го чистеле градот како што треба.

Оваа Влада што го предложи овој закон, овој закон е резултат на Рамковниот договор и главното начело е обезбедување на рамноправност на албанците во оваа држава. Тука повторно се запрашувам што е Рамковниот договор. Рамковниот договор за мене е политички договор за една нова Македонија затоа што имаме нов Устав, односно ново уставно регулирање. И процентот од 20% внесен во одредени членови на Уставот се однесува на албанците во Република Македонија и претставува посебна уставна категорија. Значи, тој процент од 20% не е ставен случајно. Затоа што некому така му текнало, туку тој е внесен засновувајќи се на некои основни начела што ќе обезбедат рамноправност и затоа тоа стана уставна категорија. Тоа е документ, политички договор што стасви крај на конфликтот и даде шанса на мирот.

Денеска имаме Предлог на закон за организација на Градот Скопје што според мое мислење и мислењето на ДПА, што ќе се обидам да го аргументирам во продолжение, е предлог што е тотална спротивност со Рамковниот договор. Тоа е исто така документ во спротивост со Уставот што спречева имплементација на Рамковниот договор и дава дискриминирачка поделба на Градот Скопје.

Во Рамковниот договор со ниту една реченица не се вели дека албанците треба да бараат милост за да ги реализираат уставните права. Токму ова, според мене, го вади на виделина дефектот на овој предлог на Владата. Ќе почнам некаде од крајот и поддржувајќи ја многу искрената дискусија на господинот Жерновски.

Членот 33, што наводно на одреден начин ќе ја регулира комуникацијата на албанците со Градот Скопје, дека можеби некако таа

комуникација може да биде на албански јазик, решението предложено во членот 33 се однесува на регулирање на употребата на албанскиот јазик во Градот Скопје е штетно и противуставно решение. Тоа го потврди и господинот Жерновски на многу убав начин.

Доколку навистина оваа Влада одлучи Скопје да го има како втор официјален јазик албанскиот јазик, тогаш не треба да се користат трикови. Со полна уста велсам трик. Туку треба да се искористи уставното решение. Треба да се врати Скопје на старите граници каде албанците секогаш биле над 20% и да се гарантира уставен механизам, со цел вториот официјален јазик во Скопје да биде албанскиот. Секое друго решение ќе значи само потценување. Не знам како поинаку да го наречам освен трик. Но, не може да биде трик, затоа што албанците веќе имаат институционално искуство и не се веќе оние албнаци од 1990-тите години кои го воделе овој народ и кои може не ја познавале проблематиката. Јас жалм што ова го нарекувам вака, но за мене лично ова претставува потценувачко решение и измама.

Значи, без пардон, на ургентен начин, без натамошно дискутирање, без молби и без милост да се обезби господине министре, вие претставници на Владата, да се обезбеди уставниот механизам за употреба на албанскиот јазик како втор официјален јазик.

Како тоа да се прави, сите знаеме. Не знам зошто сите тоа не го кажеме отворено. Зошто не кажеме отворено кој е механизмот за градење за гарантирање на двојазичноста во Скопје. Тоа е враќање на Скопје во поранешните граници. Ништо тука не треба да се поткрива ново за да се гарантира употребата на албанскиот јазик во Скопје. Треба едноставно Скопје да го вратиме на своите стари граници. Тоа значи Сарај, Арачиново и Студеничани да се вратат во рамките на Скопје и, се разбира, дека тогаш албанците ќе бидат над 20% и да им се обезбеди тоа што им припаѓа. Ништо повеќе не се бара и ништо повеќе не подразбира Рамковниот договор, освен да се почитува рамноправноста, да се почитува една природна тенденција што веќе постоела.

Бев малку помлад. Се сеќавам на емисијата “Квискотека”. Беше водено од господинот Оливер Млакар и таму имаше едно прашање, прашањето беше следно - кој е градот со најмногу албанци во светот. Никој од оние кои конкурираа не одговорија. Одговараа Тирана, Бостон, Приштина, Скопје. Точниот одговор беше Скопје. Тоа беше пред 10 - 15 години, значи град со најмногу албанци во светот беше Скопје. Денеска дискутираме за еден механизам што го нуди оваа Влада и вели доколку албанците имаат една - две општини со над 20% ќе може да

комуницираат на нивниот мајчин јазик. Јас ова го имам пред мене. Јас не можам да дискутирам за некои желби, за некои мои колеги во власта, и кои не се согласуваат со ова. Јас треба да дискутирам за ова што е понудено пред мене, затоа што ова е тоа што може да стане закон.

Исто така имаше такви дискусии, за жал и од пратеници албанци, кои ги минимизираат овие елементи во име на космополитизмот, во име на тоа дека Скопје како метропола, Скопје како престолнина и тн. Јас не знам што да реплицирам на ова, ова е без надежно. Доколку некој не гледа дека ова за некого е навистина метропола, Скопје е навистина метропола, а за некого е село или повеќе од село, токму истото Скопје, тогаш не знам воопшто има смисла за некаков натамошен дијалог.

Како одговара Владата на овие тенденции на употребата на албанскиот јазик, таму каде што има албанци? Овие денови, во Скопската чаршија каде над 90% се албанци, Министерството за култура стави табли само на македонски, француски и германски јазик. Тоа е истото Министерството за култура чиј министер често излегува тука, изјавува дека за него нема никакво значење јазикот и тн., тој е за мултикултура и истиот тој министер чие Министерството поставува такви табли низ Чаршијата во Скопје. Ова нема сенс. Без смисла е. Не знам дали вреди да се дискутира. Тоа е многу тешка провокација, потеценувачка. Верувајте, кога почнав да го пишувам говорот јас почнав да го пишувам со еден помек тон. Меѓутоа, не можев да најдам ниту еден аргумент што ќе го омекнеше тој тон. Во самиот себе видов дека глумењето и бегањето од реалноста може многу да ни наштети, независно дали сме македонци или албанци, или други. Се додека не ја кажеме реалноста, таква каква што е, што е многу јасна, ќе ни биде многу тешко да излеземе од оваа ситуација.

Што е вториот трик што се нуди со овој закон, со кршење на Уставот? Општините во состав на Скопје, со членот 3 алинеја 2 од Предлогот на законот за територијална организација на Градот Скопје немаат ист статус со општините определени со Законот за новата територијална организација. Значи, вториот трик е да го прекршиме Уставот со цел да ги намалиме надлежностите на идните општини во рамките на Градот Скопје.

А, од друга страна, членот 20 од истиот закон ги дефинира надлежностите на општините, наместо тие да се дефинираат со Законот за локална самоуправа што многу јасно ги дефинира надлежностите на општините. Значи, тие општини што се формираат, се формираат без надлежности, и надлежностите ќе прејдат во рацете на градоначалникот на Градот Скопје. Се знае дека врз основа на

постојниот процент, градоначалник на Градот Скопје долго време нема да биде албанец. Ова е реалност. додека пак општините во рамките на Градот Скопје каде што има изгледи албанците да бидат мнозинство, ќе ги оставиме без надлежности или пак ќе направиме квартови или пак ќе ги намалиме уште повеќе нивните надлежности. Ова јасно се дефинира врз основа на надлежностите што се даваат на Градот Скопје. Секако, урбанистичко планирање, локален економски развој, средно образование. Сето ова се остава во надлежност на градоначалникот на Градот Скопје или на Градот Скопје.

Од друга страна, секој објективен посетител надвор од државата, доколку дојде и помине низ Скопје со возило, може многу јасно да го разграничи Скопје каде живеат албанците и делот на Скопје каде живеат македонци, таму каде има неурбанизирани населби, каде има тесни улици, неасфалтирани, каде нема паркови за деца, каде нема рекреативни простори, каде нема трговски згради и центри, таму се албанските општини со овој Предлог на закон.

Не знам дали некогаш министерот излегол и проштал на “Дижонска” или “Серава” или некаде на тој дел. Господинот Пенов е градоначалник на Градот Скопје, значи функционира таа територијална организација, слична на таа што се нуди сега, функционира, излегол господинот Пенов и нуди проект од 10.000 евра за спортска сала ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, не спомнувајте имиња ама баш немаат никаква врска со Парламентот. Се договоривме многу одасмна за еден таков однос. Јас ве молам, парламентарци можете да спомнувате, но господинот Пенов ве молам не го спомнувајте.

ЗАМИР ДИКА:

Се извинувам што го спомнав името, еве ќе кажам градоначалник на Градот Скопје. Гради спортска сала од 10 милиони евра, се промовира во изградба на нов трговски центар и за чудо, од аспект на космоплитизмот и престолнината ниту еден од овие објекти не се наоѓаат во зоните каде живеат албнаци. Како може државјанство ви веруваме господине министер дека навистина сакате да имате еден функционален град, метропола, како може да ви поверуваме? Како може да поверуваме на еден градоначалник кој нема да биде албанец, оставајќи му ги сите

овие надлежности, дека тој нема да продолжи да ги злоуптребува парите и средствата на албанците кои живеат тука во Скопје.

Рамковниот договор и војната се случија откако немаше веќе доверба, откако долго време се дискриминираше некој, тој вадеше аргументи а другиот не му веруваше. Тој другиот, постојано го злоупотревуаше, механизмот на мнозинството. Затоа се прават овие војни и рамковни договори и политички механизми за да се донесе механизмот за обезбедување на рамноправност. Не само желбата. Добро е да се сака да се воспостави рамноправност, меѓутоа доколку не се определат механизми за распределба дури на еден денар, тогаш заборавете го сето тоа. Залудни ќе бидат сите добри намери за рамноправност. Меѓутоа, нам ни требаат механизми дека веќе нема да бидеме дискриминирани, дека населбите каде што живеат албанците ќе имаат за инфраструктура, за изградба и поставување на семафори, изградба на улици и тн.

Албанците во Скопје немаат ниту едно средно училиште. Албанците кои живеат во Скопје немаат ниту едно средно училиште со новиот закон надлежноста за среднот образование, за основање средни училишта, повторно е во надлежност на градоначалникот на општината. Еве, градоначалникот на општината веќе година и пол, со овие надлежности, ние повторно предлагаме закон со кој тој градоначалник на општината ќе ги има надлежностите за формирање на средно училиште.

На крајот, треба реално да говориме и отворено, да се ослободиме од стариот ментален концепт. Не треба целосниот развој на оваа метропола да биде заложник на образложеието дека албанците можат да се развијат доколку се направат некои решенија што велиме ние. Односно, нека се централизира, нека не функционира како што треба метрополата, затоа што тој вид на функционирање, со нив можат да се развијат албанските општини. овој вид на размислување треба еднаш за секогаш да се напушти.

Мојата оценка господине министер, дека Градот Скопје треба да има надлежности само за координирање и планирање на недделивите дејности и тоа во блиска соработка со општините во Градот Скопје. Неопходно треба во идниот предлог градоначалникот на Градот Скопје, советот и другите органи треба да имаат само надлежности за координирање и планирање на дејностите што се неделиви. Да ги задржат истите стандарди и тн., а не да имаат автентични, оригинални надлежности во однос на другите општини, затоа што на тој начин ќе продолжи дискриминацијата.

Конкретно, предлагаме, по ставот 4, каде се дефинираат органите на Градот Скопје во членот 21, господине министре, освен градоначалникот и советот на општината да има и управен совет како извршен орган што ќе ја води оваа координација и планирање.

Во членот 22 предлагаме да остане решението предложено од вас, да има 45 членови што ќе бидат избрани на непосредни избори, и да се додаде под 2 "претставници, советници од секоја друга општина да се делегираат во Своетот на општина на Градот Скопје", за да се координираат и планираат заедничките активности и ништо повеќе.

Предлагаме во членот 24 да се направи една драстична измена, доколку го прифати решението Градот Скопје, градоначалникот и Советот да имаат своја улога на координирање и планирање, тогаш градоначалникот на Скопје да биде избран од Советот. Со оглед на фактот дека ќе има улога на координатор и членот 24 градоначалникот на Градот Скопје да се избира од Советот, а претседателот на Советот исто така да биде избран од Советот. членот 25 кој се однесува на финансирањето на општините, се вели дека Градот Скопје, со средствата кои се собираат со Законот за финансирање од граѓаните на Скопје да се влеваат во ж-ро сметката на Градот Скопје.

Со предлогот кој што го дале се вели дека Градот Скопје, сите средства кои се собираат со Законот за финансирање на општините од граѓаните на Градот Скопје, да се влеваат во жиро-сметката на Градот Скопје, а потоа Градот Скопје, да ги распредели на општините. Ова е предлогот кој вие го нудите. Никаква гаранција нема за обезбедување на етничка рамноправност во Скопје како неделив елемент.

Предлагаме во овој член 25 да им се дадат надлежности и на општините да можат да имаат сопствени извори и тоа доколку сакате да бидеме до крај целосно коректни и да имаме механизми за гарантирање, прераспределбата на средствата треба да се направи по положително, по глава на жител, доколку сакате навистина да го имплементирате Рамковниот договор. Секоја друга формула која што ќе ја предложите, секогаш ќе личи и ќе мириса на дискриминација.

Три се триковите кои ги идентификувавме. Третиот трик е тој што става капак на се е поделбата на општините, населбите, кварталите, во рамките на Скопје. За оние кои го познаваат овој дел и кој го прожитале законо и го разбрале, снаат дека со ножици е направена една неурбана општина и општина без ресурси, се разбира која им припаѓа на албанците. Еве, кој незнае, ако може камерата тоа да го приближи еве ја мапата со сино, таа е новата општина на албанците, тука е и реката

и еве како албанците уште повеќе се туркаат уште понатаму, оставајќи на страна многу капитални објекти, каде се остава една целина. Самата форма покажува дека ова претставува едно гето без ресурси, без извор за егсистенција, но ова е новата општина Чаир која што вие ја предлагата.

На новаа општина Чаир се предлага да се припојат населбите населени со албанско население. Значи, нова општина се предлага да се припои една нова зона на албанци, Дижонска и Чаир, тн., стар Чаир, а пак истовремено Визбегово, општина предвидена за мала и средна економија и која претставува извор за развој на економијата, се припојува кон општината Карпош. Со тоа, од една страна се нарушува етничкиот баланс на постоечката општина Чаир, додека пак од друга страна и се одземаат реалните ресурси за функционирање како општина. Оваа расцепката општина се разголува од виталните објекти, како што е Рекреативниот центар Кале, Поликлиниката Чаир, Старата автобуска станица, универзитетот, библиотеката, судот, државната телевизија и што е најсмешно зградата на Исламската заедница, Мешихатот. Ова личи дефинитивно на едно гето, каде ќе владее под стандардот и сиромаштијата, без никаква можност за натамошен развој на оваа албанска општина.

Мојот предлог, г-дин министер, е да се создаде општина Кале со претходно определени општини, граници на општини кои ќе гарантираат таа зона тој дел од градот Скопје, кој личи на село, неурбанизирано, без инфраструктура, без паркови да му се дадат на личности и ресурси, со цел да може да се развие и да стане еднаков рамноправен дел на Скопје. Ова е намерата и не е насочена против никого, токму ова искрено наше барање може да обезбеди Скопје да стане метропола за сите. Ќе го цитирам тука претседателот на партијата, кој вели дека за Мавровите Анови, за 2500, припадници на Македонскиот народ на територија колку Гостивар им се дозволува да има општина, додека пак на 70 илјади албанци, кои живеат во Скопје, не им се дава правото да имаат општина со развојни ресурси. Тоа е нонсенс. Тука, за да бидам до крај реален и директен, некои мои колеги од ДУИ го критикуваат законот, кој што го донела оваа Влада, чиј состав се и тие. Тоа е во ред. За да верувам на оваа критика и да потврдам дека оваа критика е искрена, прва работа е почитувани колеги, да побарате оставка од вашите тројца министри. Овој закон поминал на седницата на Владата, каде што биле присутни вашите министри и треба јавно да кажете кои се тие три министри кои дозволиле овој закон да помине. Значи, прво, треба да побарате оставка на тие ваши тројца министри и

потоа да побарате, да го критикувате овој закон. Затоа што, тоа ќе биде чесно кон граѓаните.

Ќе привршам, г-дине министер, обврска е ваша во однос на иднината на Република Македонија и во однос на почитувањето на Рамковниот договор да гарантирате уставен механизам, со цел албанскиот јазик да биде втор официјален јазик. Општина Студеничани, Сарај, и Арачиново да се припојат таму и да се вратат таму каде што биле.

Во идниот предлог да се предложи општина Кале така како што беше и со развојни ресурси за тој дел од Скопје, со цел да обезбедиме еднаков развој за сите три, да ги намалите дефинитивно надлежностите на градоначалникот на Градот Скопје, на ниво на координации и планирање на заедничките ресурси. И само на тој начин, навистина, дека сакате да имате вистинско интегрирање. Секој друг аргумент, цениме дека оди во насока на рециклирање на кризата, кој никој од нас не го сака на ниеден начин.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Дика.

Кирил Дојчиноски има реплика од три минути.

КИРИЛ ДОЈЧИНОСКИ.

Јас сум изненаден од дискусијата на г-динот Дика и сакам да му поставам две три прашање односно да оценам дали тие навистина така ги гледа тој.

Прво, да го прашам, бидејќи 3-4 пати го постави прашањето, албанските општини во Скопје. И, вчера го поставив тоа прашање, но не добив одговор. Навистина, ме интересира кои се тие албански општини во Скопје. Ниту во Рамковниот договор, ниту во Уставот, ниту во овој закон што сега е предмет на расправа, ваква терминологија не постои.

Второ, станува збор за нивната определба, неговата определба, незнам дали е тоа определба на партијата негова и пратеничката група, се настојува општините приградски Сарај, Кондово, Сандево, Арачиново итн., да се вратат во составот на, како го вели тој, Скопје. Ако тоа го поистоветува со едно друго време, тогаш во Скопје област беше и Куманово, Тетово и Велес, но дали и тие ќе побараат да се вратат во Скопје. Ако се тргне од Скопје околија, да, сите овие беа во Скопска околија, со одреден третман поинаков. Меѓутоа, по се изгледа дека колегата Дика е помлад човек и не разбира дека во тој период постоеше еден друг систем, тоа беа општествено политички заедници со двостепено управување, каде што општините

беа подредени на она што беше околија односно Град Скопје. Денеска бараме да бидат рамноправни со Градот и да бидат во Градот, а од друга страна не водат сметка дека градот има една друга своја целина, што е најважно. Бараат да бидат истоветни, а тие сега се како другите општини во Македонија. Го имаат тоа право, а општините во Скопје го немаат тоа право. Незнам зошто инсистира баш да се вклучат тука.

Третото, последното, се бара општина Кале, заради понатамошен економски и незнам каков ресурс и развој. Што тогаш ќе остане со општина Чаир пак тие таму ќе бидат граѓани. Дали нив пак ќе ги оставиме во иста ситуација,ако формираме посебна општина Кале.

Четврто, старата скопска Чаршија ја спомна, ваква каква што е оставена, таа стана легло на криминал, на проституција, на неморал, таа стана легло на несигурен престој. И, ако останеме така и понатаму да биде како таква, таа ќе продолжи да биде тоа што не е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине вие немате право од место да зборувате. Кого спомна. Никого не спомна, тој констатираше нешто што постои и во други делови на Град Скопје.

Господине Замир Дика имате една минута.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе,

Јас ве молам да реагирате на овие инсинуации во чаршијата, симболот на Градот Скопје, се потценува со овие зборови, кои ги рече претходниот говорник. Тоа покажува дека јас го идентификувам г-динот со партијата на времето од комунизмот. Господине, јас ве обвинувам, вие сте дел од тој комунизам и жалам што вие не сте се измениле, не ја разбирате пораката. Кога Арачиново го ставивте на страна и кога го поделивте Скоје и Сарај и Кондово, кога ги оставите дали ги прашавте албанците дали сакаат да се  одделат, вие сте учесник во тоа, г-дине. А, дококлу сакате да разберете кои се албанските општини во Скопје, одете таму каде што има неасфалтирани улици, тесни, неурбанизирани, без паркови за деца, без осветлување, тоа се албанските општини.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Фатмир Асани, процедурално.

ФАТМИР АСАНИ:

Јас барам од пратеникот да се извини начесните жители од Старата Чаршија дека тие не се ниту криминалци, тамуу нема ниту проституција, туку тие се чесни луѓе кои работат 24 часа за егсистенција и тука нема никаков криминал, туку криминалците и проституцијата се во другиот дел на градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално збор бара г-динот Кирил Дојчиноски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОСКИ:

Прво, сакам да го прашам колегата каде живее и дали поминал во Старата скопска чаршија после 10 часот навечер и ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дојчиноски, ова е одговор на процедурално прашање, и ве молам не ја злоупотребувајтеј говорницата. Тука сум стриктен кон сите.

Сега има збор г-динот Исмет Рамадани.

Имаме уште еден час  време, а имаме тројца пријавени. Тоа се г-динот Рамадани, г-динот Даневски и г-динот Кирил Дојчиноски. Еден од овие се откажа од дискусија. Значи, имаме уште едвајца. Се надевам дека денеска ќе успееме да ја затвориме оваа расправа, ако нема уште пријавени. Ако се пријават, тогаш ќе продолжиме утре.

Повелете г-дине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министер,

Јас уште од почеток ќе речам дека нас ни се предлага еден закон за Градот Скопје и за жал еден многу лош закон кој вопшто не е добар. Но,  нема даа зборуваме во стилот дека Законот не е добар кој се предлага и да речеме дека ние не знаеме како да биде подобар. Сигурно дека во моментот кога е напишан или предложен овој закон, жалам од г-динот министер, како претставник на Владата, се гледа јасно дека не е изготвен, не е предложен во нов дух, во поптолерантен дух, за да можеме после и во содржината на законот, да има нешто поприфатливо и поблиску до тоа што е консенсуално. Од самите говори се гледа дека овде имаме парламентарна дебата кој е сличен на јавна расправа, но имеме и разлики. И во рамките на партиите кои се во коалицицијa како парламентарни групи имаме доста разлики, имаме и разлики во рамките на опозициските партии исто така имаме и тука

разлики и тоа големи разлики и сето ова се совпаѓа во тоа што треба да заврши со овој закон, разлики и само разлики.

Ние размислуваме, треба да се избере начелото на Градот Скопје, не Скопје да биде над општините на Градот Скопје, туку Скопје со општините на Градот Скопје. И, тука има една голема разлика. Што се однесува до надлежностите и ингеренциите и независноста во тие надлежности на општините паралелно со Градот Скопје.

Затоа и мислам дека Скопје, треба да ги има овие надлежности. Генералниот урбанистички план комуналните услуги, да се грижи за објектите со посебно историско и археолошко значење и грижењето за конзуларните и дипломатските претставништва во Република Македонија. И сето ова потоа да оди на ниво на општините во рамките на Градот Скпопје, со систе надлежности, ингеренции обврски должности што ги има една општина која сега ја именуваме како резултат на децентрализацијата на централната власт.

Кога даваме забелешки за предлогот треба да појдеме од тоа што се предлага, но со оглед на тоа дека се предлага едно ограничување на општините кој е многу интересен, со многу предрасуди, повторно ќе повторам, и изгледа е направен без интегрирачката компонента. Без компонентата на тоа што е интерактивно помеѓу граѓаните со верска, национална и друга разлика и сиот тој мозаик што го сочинува за Градот Скопје, и што му ја дава убавината на Градот Скопје и така како што треба да изгледа во рамките на користењето на тоа што е урбано и на тоа што претендира  или или има за  цел и да биде урбана средина.

Затоа не случајно со Предлогот од 1992 година како политичка партија го дадовме како идеа која со години не се поддржа, не се перцепира колку што треба од другите и остана денеска да се актуелизира уште еднаш што го именуваме како општина Кале.

Зошто го предлагам ова? Ќе кажам со една реченица, ние како пратеници имаме можност да шетаме во многу метрополи и со нашето сместување во хотелите во тие метрополи веднаш ни се дава можност да видиме нешто повеќе и велат дека треба првенствено да се оди во даунтау. И покрај тоа општината која ја предлагаме е општина Кале со сета традиција, со сета историја, со сета архитектура која и како Кале и како Стара Чаршија и како стара архитектура. Општина Кале врз основа на нашата дефиниција, јас не би ве замарал со целиот труд го направивме во рамките на партијата и во соработка со другите партии но ќе ви овозможам со мојот говор во форма на стенограм да се земе нешто од тоа што го предлагаме.

Општина Кале почнува од Камениот мост до Луна паркот, авто полигонот покрај улицата "Лазар Личеновски" продолжува до Булеварот "Никола Карев", продолжува околу Касарната Илинден, патот 358 до крстосницата на "Џон Кенеди" продолжува преку центарот до "Цветан Димов", го поминува патот, ги вклучува објектите во градот преку постојната граница со општина Гази Баба, оди до Булеварот "Никола Карев" преку патот "Беласица" до Железниот мост со реката Вардар и на почетокот на пешачкиот мост пред Луна паркот и авто полигонот.

Како го образлагаме ова? Предлогот што ги исполнува критериумите за основање на локалните единици било од областа на инфраструктурата, територијалната компактност или егзистенцијата и потребните специфики како стар дел на Градот Скопје. Тоа го вклучува Скопското Кале, старите амами како и Старата Скопска Чаршија. Ваква пракса каде постојат општини кои претставуваат стари делови се познати и во другите земји околу нас. Со ова треба посебно внимание за зачувување на монументите од посебно значење за Градот Скопје.

Ја имаме општина Чаир која ја ограничуваме и утврдуваме врз основа на територијална компактност со сите поединости што ги има оваа општина. Почнува од крстосницата на Бул. "7-ми Септември" и реката Вардар, продолжува на североисток на крстосницата со ул. "Никола Карев" и преку магистралата продолжува до границата со Косово. На север од исток со крстосницата со Бул. "Никола Карев" продолжува преку булеварот до Касарната Илинден до предвидената граница на општина Кале до патот "Џон Кенеди", преку ова до границата со постојбата општина Гази Баба и вклучување на Бутел 1, Бутел 2, Радишани до границата со Косово и постојната општина Липково преку границата продолжува до крстосницата на границата со магистралниот пат Скопје - Елесан.

Овде имаме забелешки општина Шуто Оризари да остане во своите граници што може да се простира малку подолу доколку постои волја и желба на граѓаните од ова место. Ако се исполнат предвидените услови како и потребата за урбанизирање на руралните центри и нивната поврзаност се елеминира можноста на постоењето на руралните општини кои не ги исполнуваат критериумите за само егзистирање и развој.

Во согласност со Законот за локална самоуправа постојат подобри услови за развој и инвестиции и во руралните делови.

Со оглед на тоа што општина Сарај и рекреативниот центар се зборуваше доста од претходните говорници, нема да зборувам повеќе за тоа. Сега ќе зборувам за димензија со политичка конотација во врска со тоа што значи интегрирање и

можност по утврдување на територијалната организација, можност за интеграција на граѓаните со нивниот јазик, со своите специфики, со својот идентитет, со својата историја во Градот Скопје.

Доколку вака ги гледаме работите можеме да ги видиме како што велам само да се ослободиме од тоа што значи минато, од старите хипотеки кои тежнеат врз нашите умови, од нашите системи од тоа што е направено досега.

Една работа треба да ни биде јасно Скопје понатаму не може да се развива и гради и унапредува така како што било досега, бидејќи сликите од хелихоптери, авиони, возови, автобуси покажуваат дека тој развој бил неприфатлив. Комуникацијата преку брановите на реката Вардар меѓу етникумите овде во Скопје меѓу разни конфесии ако продолжи и натаму вака верувајте дека не е добро и овде треба да се надминеме себе си. Ако се надминеме себе си ќе го надминеме Вардар и од таа страна и од оваа страна и тогаш ќе се случи интегративното, тогаш ќе се случи сето она што е културна разноликост во Скопје. Сета таа културна разноликост почитувана од сите граѓани кои живеат во Градот Скопје. Овде во Скопје се зборува на разни јазици, бидејќи живеат граѓани со различен идентитет и различна припадност. Ако овие разлики што ги имаме и ги енклавираме со закон ги утврдиме со граници во Градот Скопје, тогаш ништо не сме направиле. Но, доколку сите овие разлики мислам на културните, многу јазичноста што ја имаме во Скопје ја сместиме и утврдиме со закон, тогаш ќе успееме утре да констатираме еден закон што сме направиле територијална организација на Градот Скопје за желбата, за интерес на сите граѓани во Градот Скопје.

Јас знам дека овде има голем хендикепт и тешко е до крај да се финализира оваа работа, но треба да влијаеме сите едни на други и јас ќе бидам многу пластичен и јасен овде треба секој од парламентарните групи, со оглед на тоа што сме тие кои одлучуваме и носиме закони и треба да го дадеме својот придонес врз основа на парламентарните групи кои ја поддржуваат Владата и тие што не ја поддржуваат Владата. Што значи ова? Ова значи дека ние не можеме да донесеме добар закон за Градот Скопје доколку дијаметрално се разликуваат СДСМ со ЛДП и се разликуваат со ДУИ како учесници во истата власт. Се гледа и од дискусиите дека тие разлики се големи. Овој закон нема да има добро финале доколку дијаметрално и од тоа што се дискутира и од она што се говори се разликува ВМРО-ДПМНЕ со ДПА и со ПДП. Веднаш паѓа во очи кој со кого ќе донесе еден добар закон за сите и кој ќе ги сноси одговорностите и последиците и сето тоа што ќе се случува по донесувањето на законот. Ова го велам на време се додека е прва фаза за да се

даде можност, за да се даде уште една шанса да се расправа со претставниците на политичките парламентарни партии до исцрпување на аргументи и на тоа што е наше добро и доброто на Градот Скопје. Ако не се направи ова да знаете дека ќе се направи нешто што е неприфатливо за еден голем број на граѓаните на Градот Скопје, а што е уште полошо неприфатливо и од партиски аспект и од етнички аспект.

Понатаму, сигурно ова ќе бидат последици за кои секогаш ќе се зборува и нема да остане многу енергија за некој развој за кој ние размислуваме и им го посакуваме на граѓаните на Градот Скопје. Ние не треба да го криеме тоа дека сите овие ограничувања на општините, утврдување на ингеренциите ќе се најде критична маса и моќ или сила било да е ментална или знаење и волја и желба, но еден проблем кој овде повеќе кружи некогаш се става во форма на метафора, некогаш се вели многу добро и јасно е проблем на вториот службен јазик во Градот Скопје. Ние може да спомнуваме и 20%, но овде станува збор за втор официјален јазик, а тоа е албанскиот јазик. Овде има две противења или две волји.

Едното спротивставување е големо врз основа на говорите условно речено од македонскиот политички блок дека за втор службен јазик во Скопје да биде и албанскиот. Од друга страна при говорот, условно речено, на албанскиот политички блок на тоа што се противи политичкиот парламентарен македонски блок. Сега ќе одиме со спротивставувања или со добра волја ова да се надмине. Јас мислам за второто да се оди со добра волја ова да се надмине и да се почувствува едно задоволство, нека биде и релативно, за тоа што значи упoтеба на јазикот и во главниот град. Уставна норма треба и знам дека тоа се тие 20%. Тоа е нормално само кога во рамките на другите општини на Градот Скопје е и општина Арачиново, Студеничани, Сарај и општина Кондово.

Доколку му пристапиме на проблемот со добра волја и надминувајќи го минатото и се ослободиме од тоа што значи аверзија кон еден јазик на тој со кого се живее заедно, тогаш може да успееме во другата фаза да донесеме закон кој ќе биде многу поприфатлив. Јас сум свесен дека сето ова ќе треба заеднички да го правдаме да работиме заедно со граѓаните за да прифатат нешто ново, но што е реално и доколку тоа го постигнеме тогаш постои таа можност во втората фаза да донесеме еден прифатлив закон. Затоа треба да направиме максимум граѓаните да бидат рамноправни и тоа рамноправни во однос на тоа што значи користење на урбаното во Скопје, рамноправни во развојот на тоа што не е урбано во Градот Скопје затоа што и покрај се тука живееме заедно, јас многу пати кога се шегувам со

некои мои другари кои сега живеат во западните метрополи и градови јас често им велам шеговито другар мој ти си имал среќа што со години живееш и делуваш и работиш во Женева, во еден град каде има толку совршена инфраструктура и што ти секојдневно ја користиш. Затоа дозволете им на граѓаните на Скопје и околината со задоволство да го користат сето она што е убаво и урбанизирано во Градот Скопје и дозволете да се помогне во развојот и на оние делови кои досега ги нарекуваме рурални со цел тие да се развијат и урбанизираат и да се стекнат со еден изглед и градот да се стекне со еден изглед убав и посакуван од сите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, господа пратеници, господин министре,

Иако денеска е прво читање на законот, би било добро еве и ние што не припаѓаме на Градот Скопје, а го чувствуваме Скопје како наш, да дадеме свој придонес и цениме дека министерот сите наши укажувања и забелешки ќе ги инкорпорира во втората фаза, но обично сите кажувања завршуваат така бегло, се множат со нула и убеден сум дека нема да има некоја битна измена, Владата и законодавецот ќе си останат на првичното читање на текстот, ќе заврши јавната расправа и ќе го добиеме истиот текст со мала шминка.

Остануваат некои отворени прашања, тоа е првото прашање што мора да се нотира, дали ние го решаваме квалитетно прашањето со децентрализацијата и ако имаме укажувања од Европската заедница и од Меѓународната заедница дека треба да се направи децентрализација на власта како за општините така и за Градот Скопје, не знам дали овој законски проект како што е понуден во нормативниот дел дава одговор на ова прашање.

Втората генерална забелешка е статусот на единиците на локална самоуправа. Дали општините имаат статус на единици на локална самоуправа или немаат.

Третото што провејува од сите албански партии Скопје да биде во двојазична функција. Ова се главните поенти. Ако сега правиме анализа на политичката слика во Парламентот и распоредот на снагите како би се одвивала целата дискусија и како се праќаат пораките, читај меѓу редови, СДСМ е за овој

концепт затоа што на следните локални избори нема да има свој кандидат, така се надевам, ќе имаат заеднички кандидат од коалицијата со лицето со иницијали ГП. Во услови СДСМ да има свој кандидат ќе донесе закон по мерка на она што го предлага и ЛДП со единствен градоначалник, со единствен совет и тотална централизација. Но, се плашат да не им избега затоа што се добива голема моќ. ЛДП, ценејќи ги условите, имајќи свој кандидат за претстојните локални избори за градоначалник цени, можеби јас сум на таа референца, не знам, ќе видиме, дека Градот Скопје добива малку од централната власт и треба да има поголема слобода во делот на одлучувањето и да се префрлат повеќе ингеренции од централната власт. Но, тоа го зборуваат затоа што имаат сигурен кандидат за претстојните локални избори. ДУИ ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, убеден сум дека вашата политичка анализа на партиите е интересна, но преминете на законот, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Вие требаше да реагирате и кај господинот Жерновски, јас сум убеден во вас, ве молам немојте да ме прекинувате ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Жерновски имаше навистина добро излагање по самиот закон. Почнете по членовите, бидејќи така господинот Жерновски дискутираше по членовите на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе дојдам и на членовите, не брзајте.

ДУИ оди со тоа дека стои политички договор со СДСМ и коалиционите партнери и дека треба да се направат најмалку две општини, каде што ќе се зборува и на албански. ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија се настановиште дека се врши голема централизација на власта и дека статусот на општините не е дефиниран. Демократската партија на албанците оди уште порадикално, а не само да се зборува во две, туку бараат на цел Град Скопје да се приклучи Арачиново кон општините Сарај, Кондово и незнам кои други за комплетно да се зборува на територијата на Градот Скопје и албански, како втор јазик и бараат општина Кале. Сега она што стои

како апсурд, ние си носиме закон кој влегува во коализија со Уставот. Читај го членот 114 од Уставот, стои дека  единиците на локална самоуправа е градот Скопје. Што правиме сега со општините. Каде се наоѓаат сега општините. Дали се тие квартови, дали се некои  општини со недефиниран статус, затоа што  контра она што го нуди законодавецот, ако гледаме  како ќе се избираат на тајни и непосредни избори градоначалниците, тогаш влегува законот во коализија, односно се коси со Уставот. По службена должност Уставниот суд би требало да го поништи, но не верувам дека Уставниот суд може да направи такво нешто, да направи таква авантура во дадениот случај.

Во делот на финансирањето  се прави голема концентрација на моќ, затоа што ценејќи, Градот Скопје ќе има некаде 25 или 26% граѓани кои живеат во градот Скопје. Каде се сега општините, таканаречените оштини. Затоа што таму ценејќи како што е дадено во законот општините пливаат, дали се општини, и дали имаат статус. Дали имаат статус за одлучување во делот на прибирањето на средствата. Ако рековме дека вршиме децентрализација, најголемата поента во она што деновиве се мачиме тука, како за општините, така и за Градот Скопје се средствата. Ако имавме во минатиот период закон за локална самоуправа, каде што немавме сигурни извори за финансирање и забелешката од Меѓународната заедница беше да се направи децентрализација, бидејќи децентрализацијата се прави со тоа што ќе и се дадат сигурни извори на финансирање. Да  им  обезбедиме  и на најмалите општини сигурни извори за финансирање, за да можат да функционираат.  Ви можете да пренесете со трансферот на власта огромни права да им дадете на општините. Ако немаат сигурни извори како такви тие не се функционални и нема да функционираат.

Ќе кажам нешто за она околу непосредното избирање на началниците. Како тоа ние ќе го објасниме. Се избираат градоначалници, ќе имаат совети, ќе одлучува Градот Скопје. Или да направиме Градот Скопје да биде една единица, да има еден градоначалник и еден совет. Да направиме квартови по урнекот на многу модерни градови или да укинеме. Што сега кога не се дефинирани општините. Која  улога ќе биде на општините. Кој е тој што ќе биде градоначалник. И ако сега ги делиме, ако делиме сега и множиме ќе направиме една голема грешка. Правиме недефинирани работи, сакајќи да направиме компромис, отвораме прашања што не можеме да ги затвориме. Да не ни се повтори она што ни се случуваше многу години station наназад, не ги дефиниравме многуте работи кои  ги отворавме во Парламентот и ни се случија овие работи што ни се случуваат сега. Мора да играме чесно, да не си играме со

албанскиот фактор. Или ќе играме како што треба да се договориме и не ви даваме и ви земаме. Што ако се бунат сега и им се даде општина Чаир и Бутел. Што ако немаат ингеренции. За што се залагаат сега албанските пратеници, ако немаат ингеренции. Што е тоа. Тоа ќе биде англиска кралица. Нема потреба од такво. Или строго ќе ги дефинираме работите, со строги надлежности, ингеренции или вака си влегуваме во една работа која е недефинирана и која ќе ни создава многу проблеми. Во моментот некој ќе каже не е така. Јас еве ако станува збор, колегите од ДПА велат да се направи општина Кале. Јас сум да се направи општина Водно. Зошто? Ако е таму Американската амбасада, може да биде и тука Американската амбасада. Ако е таму рид и таму е рид. Горе на Водно ќе имаме богата општина, имаме борци, првоборци и секакви. Имаме со многу капитал, барем една општина што ќе функционира. Урбана средина и модерна. Водно ќе биде најперспективна. Таму барем нема да има проблем, нема да газат ни кал, таму се е решено. Дури таму си ги имаат решено и децата за идните генерации. Дајте барем едно ново да направиме. Функционална општина Водно.

Сега се враќаме назад на она што сите меѓу редови сакаме да го кажеме, а тоа е дали треба да размислува законодавецот и дали не е време ние да размислуваме за двостепена локална самоуправа. По сето ова како што се мултиплицираат работите и сите овие говори од колегите пратеници доаѓа дека ние треба да размислуваме а можеби и ние не сме во состојба сега да размислуваме, можеби треба Меѓународната заедница малку да не извлече за уши и да ни текне дека треба да размислуваме за двостепена локална самоуправа. Ако го решиме тоа за многу општини ширум Републиката, ќе го решиме и за Градот Скопје. За тоа, сега што имаме ние. Ние имаме една недефинирана состојба, Грдот Скопје е даден во Уставот се знае како е, а имаме сега меѓу редови двостепена локална самоуправа за Градот Скопје. Какви се тие пренесувања на правата. Недефинирано мислам дека законодавецот треба добро да размисли за Градот Скопје, затоа што морам да спомнам, ако некој ги спомна и условите, тоа е и општина Драчево. Или ќе ги иситниме општините, ќе направиме многу општини, или ќе ги укинеме. Такви какви што се не се функционални. Ако не се функционални зошто ќе служат. Па и да учествуваат на непосредни избори и да добие титула градоначалник. Зошто градоначалник, кога нема никакви права. Да чисти оџаци, како што беше. Тоа помина.

Моја забелешка во нормативниот дел и во делот на членовите би дал свои предлози каде што законодавецот ако сака да ги бележи, а и не мора, да се

направат измени, посебно во членот 1, називот “организациони делови на Градот Скопје” да се замени со “општините на Градот Скопје” што има суштинско значење, бидејќи општините согласно Законот за локална самоуправа имаат статус на правни лица.

Во членот 3, во овој член алинеја 2 треба да се брише, бидејќи со неа се овозможува повторна централизација на Градот Скопје, а ингеренциите а општините дадени во Законот за локална самоуправа се одземаат и се пренесуваат на Градот Скопје.

Во членот 6, треба да се додаде нова алинеја во која ќе стои дека и општините имаат својство на правни лица, а не само Градот Скопје.

Членот 11 и неговата алтернатива да се бришат, а наместо нив да се наведат постоечките општини.

Членот 12 да се брише и наместо него општините во Градот Скопје да се утврдуваат во постојните граници.

Члденот 13 да се брише, бидејќи е повторување на членот 6.

Членот 19 точка 1 алинеја 3, целосно да се брише и наместо него да стои: “донесување детални урбанистички планови за централното градско подрачје утврдено со ГУП на Скопје”. Споменувањето на урбанистичкиот план во оваа алинеја потполно е нејасно, бидејјќи тие воопшто не се донесуваат во процедура како генералниот урбанистички план, туку урбанистичките проекти. Претставува разработка на одделна локација согласно Правилникот за стандарди и нормативи при планирањето. Повторно се поставува прашањето за познавањето на проблематиката, вклучувањето на стручни лица при изготвување на законот.

Алинеја 5 да се брише, бидејќи согласно Законот за градежно земјиште општините и градот Скопје не располагаат со градежно земјиште, па соодветно на тоа и не можат да го даваат под закуп.

Алинеја 6. По алинеја 6 треба да имаме нов став на оваа алинеја 7, која ќе гласи: “обезбедува одводнување и испуштање на тековна индустриска вода”.

Алинеја 7. Во алинеја 7 треба да има нова алинеја 8 која што ќе третира медицински отпад.

Во членот 20, точка 1 алинеја 1, треба да се брише и наместо неа да стои: “донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места”.

Алинеја 2, делот за урбанистички планови и проекти да се брише.

Алинеја 4 да се брише, бидејќи давањето на земјиште како траен закуп, заради поставување на времени објекти и правилникот за начинот и постапката за давање на градежно неизградено земјиште под краткорочен закуп се укинати со одлука на Уставниот суд.

Член 22. Овој член да се усогласи со членот 13 од Законот за Градот Скопје во однос на бројот на советниците во Советот на Градот Скопје, односно да остане делот со кој се делегираат по двајца членови од советите на општините во Советот на Градот Скопје, заради подобрување на компактноста, на комуникацијата и соработката помеѓу сите општини и Градот Скопје.

Член 24. По членот 24 во глава 4 да се напише нов член во кој ќе стои: "за подрачјето на Градот Скопје се именува еден главен архитект кој ги врши своите функции на целото подрачје на градот, како и канцеларија на главниот архитект". Ова е потребно од причини за поголема координација при носење на урбанистичките планови, нивнотоу согласување со деталниот урбанистички план, како и зачудување на повеќестепениот пристап при носење на урбанистичките планови и издавање на одобрение за градба, кои ќе бидат во надлежност на општините.

Членот 33, овој член попатно да се брише бидејќи е регулиран на класичен урбанистички пазар.

Кога станува збор за Градот Скопје, сигурно дека и ние мора да кажеме некои свои видувања и забелешки. Она што треба да се реши е хаосот во градскиот сообраќај. Ова не може да го брани никој, бидејќи Скопје е предимензиониран со бројот на население, сведоци сме секојдневно дека градот се гуши во сообраќај. Ова ќе биде и препорака и аманет на идниот градоначалник да го реши овој хаос. Хаосот во Скопје е невиден. Ајде калта ќе ја решиме, но ако не го решиме сообраќајот во Градот Скопје, во централниот дел и во периферијата, мислам дека не можеме да зборуваме за Скопје дека може да биде некоја модерна метропола. Дали тоа ќе се реши со подвожњаци, надвожњаци, со трамваи, тоа сигурно ќе биде и мотото на кампањата на следните кандидати за градоначалници. Дека Скопје се гуши и во смог и тоа мора да кажеме. И друга работа која не ја третира законот, а би требало да ја третира, тука е министерот да се најде едно оптимално решение, да се изврши легализација на сите дивоградби. Скопје се гуши во дивоградби, државата моли тука, со денови дискутираме непотребно, дали Меѓународната заедница ќе ни даде пет милиона евра се караме, ваков став, таков став, направи ова, направи она, а ние реално само во Градот Скопје да се легализира сигурно би обезбедиле некаде 100 милиона евра. Имаме пари, дајте што може да се вклопи да се легализира. Тука се и

парите и може со она што значи легализација на градот на дивите објекти во Градот Скопје, да се реши и овој хаос што е во сообраќајот.

Добро, јас разбирам дека пратениците реагираат зошто вие од внатрешноста толку ве боли за Скопје, но и ние го чувствуваме Градот Скопје, вие ако не не чувствувате и секогаш не третирате како граѓани од втор ред и не викате селани, но добро, ние сме од таму, а и вашите корени се од село. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен дискутант е госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Расправаме по првата фаза на Предлогот за донесување закон за Градот Скопје.

Првата асоцијација по прочитувањето на текстот беше една трибина што неодамна се одржа во просториите на Градот Скопје, под покровителство на градоначалникот Пенов под наслов, како до компактен град.

Целта беше да се согледа, како во услови на децентрализирана локална власт да се обезбеди ефикасна градска управа, како да се овозможи рамномерен развој на градот од урбан, економски, сообраќаен, еколошки, но и социјален аспект. Како да се постигнат еднакви стандарди на живеење во сите делови од градот, да нема запоставени населби, како што беше спомнато, со колегите се согласувам, како што е улицата Дижонска, Керамидница, Тетовска трошарина и други. Значи на таа трибина се зборуваше како да се постигнат еднакви стандарди на живеење во сите делови од градот, како сите граѓани на Скопје да имаат ист третман во градот, па сходно на тоа да го чувствуваат Скопје за свој град, да го сакаат и да придонесуваат за неговиот напредок. Како да се избегне или надмине онаму каде што веќе ја има сеграгацијата во територијална, социјална, етничка или каква било друга основа.

Резултат на сите овие напори би бил таканаречен компактен град, термин земен од најновата студија за леапод, таканаречен локален еколошки акционен план, од делот за урбан развој која сега е во завршна фаза, па оваа трибина претставуваше истовремено јавна расправа по ова прашање.

Според излагањето на министерот господин Гештаковски концептот на компактен град го имал на ум и законодавецот при подготвувањето на законот.

Јас потпоно се согласувам со неговото излагање. Како што кажа, цитирам, Скоје е посебна единица на локалната самоуправа и претставува единствена просторна, урбана, сообраќајна, општествено-економска, еколошка и административна целина, па со овој закон се изразува отворен цитат "желбата да се придонесе градот да се изградува и да се развива како заедничко место на живеење, со желба да се соработува, независно од политичката, националната или верската припадност", затворен цитат.

Меѓутоа читајќи го текстот на законот, се добива впечаток дека има разлика помеѓу она што се сака и она што се предлага во концептуална смисла.

Со оглед на тоа што ја разгледуваме првата фаза, верувам дека има време и можност за кристализирање на некои работи.

За да може да профункционира еден современ развоен концепт, за кој што се залагам јас, заедно со колегите од ЛДП, потребни се одредени измени во законот.

Придржувајќи се кон исцрпните елаборации на моите колеги ќе ги дополнам со некои специфики што ги сметам за значајни. Од друга страна би дошло како потенцирање на некои сегменти што сметам дека се битни.

Прво, внатрешната поделба на Градот Скопје да биде со административни граници, како што веќе беше кажано со употреба на термини што беа спомнати од повеќе пратеници, како од позицијата, така и од опозицијата. Реални, квартови, а во крајна линија следејќи ја терминологијата од Законот за локална самоуправа, можат да бидат именувани и како градски општини, чија улога ќе биде да се овозможи непосредното практикување на самоуправувањето од страна на граѓаните со битно изменет соодност со градот. Терминологијата сметам дека не треба да биде проблем, впрочем секој закон е менлив, па така и Законот за локална самоуправа.

Втора измена што би требало да ја има е во поглед на надлежностите. Сметам како и моите колеги дека градот треба да има поголеми надлежности, преку кои ќе се овозможи поголема ефикасност, поравномерен развој, а исто така и неговата интегрирачка улога.

Врз овие надлежности Градот Скопје да може подоцна да изгради студија за развој, која покрај останатото, ќе предвиди и ограничен прилив на население, кој внимателно ќе го следи економскиот развој и потребите на граѓаните за повисоки стандарди на живеење.

Впрочем, успешни примери на затворени градови во изминатите децении беа Љубљана и Виена на пример.

Трета сугестија е Градот Скпје да ги има во владение значајните инфраструктурни објекти што се наоѓаат во разни градски и приградски сегашни општини. Тоа се парк шумите Водно, Гази Баба, Градскиот парк, спортско рекреативните центри Сарај, Треска, Матка, но и Старата чаршија која во поранешната верзија беше во општина Центар.

Инсистирам на екстериторијалност на овие објекти и зони, зашто тие се градени со средства од градот, но и за потребите на сите скопјани. Посебно ќе ја истакнам Старата чаршија и Кале, зашто тоа прашање го отворив уште пред да дојде на дневен ред овој закон.

Очигледно, има многу вљубеници во ова свето место за градот. Се работи за споменик на културата од врвно значење, за компактно градско јадро што со векови било срцето на градот, место на испреплетување на различни култури, место на спојување и зближување на граѓаните на Скопје. Не смее да се дозволи да се расцепи ова јадро, да се одвои Чаршијата од Кале, ниту пак да се припојува кон територијална единица што има сосем други грижи и преокупации. Сметам дека само градот може да и пружи соодветна заштита и третман каков што заслужува.

На крајот, сакам да се осврнам на еден настан од минатата недела, на еден необичен марш низ Скопје. Тој е директно поврзан со овој закон и со дискусии на некои колеги пред мене. Тој беше секако маркетиншки потег на една опозициона партија, но тој беше и еден вид провокација. Во вакви случаи човек доаѓа во дилема дали да ја прифати провокацијата и да реагира. Но ние сме во Парламентот, а тоа е по дефиниција место каде што се говори и ние како пратеници сме должни да ги пренесеме и своите ставовите и ставовите и мислењата на граѓаните што не избрале. Од друга страна, ние мораме да разговараме отворено и за т.н.”деликатни” теми, за каква што обично ја сметаме и темата за меѓуетничките релации. Поспокојно е мудрото молчење, но почесно и попродуктивно за нашата заедничка иднина да зборуваме. Затоа сакам отворено да го искажам својот став.

Најпрвин, јас потполно го поддржувам мотото на маршот: “Да живееме заедно со своите разлики”, против гетоизација и маргинализација. Но, ќе кажам дека за мене овие зборови беа во потполна спротивност со другите пароли што ги видов и со самиот акт. Беше кажано дека се чуствуваме дискриминирани зашто во Скопје нема (“наша територија”, “наши училишта”, “наши објекти” -јас не знам што значи тоа почитувани колеги кога има, условно кажано, Ваши пратеници, Ваши министри, ваши високи функционери,кои учествуваат во сите свери од власта.

Сега малку иронизирав со ова наши и ваши, зашто морам да кажам дека мене лично многу ми пречи една ваква поделба на ваши и наши.До каде може да оди едно етничко вакво видување, каква смисла има сево ова.Под мотото да живееме заедно со своите разлики отприлика илјада луѓе од Скопје, како и од други градови и села на Македонија се движеа, цртајќи некакви замислени етнички граници. Дали се запрашале евентуално учесниците на маршот колкава ќе биде колоната ако сите Скопјани, независно од етничко, верско или какво друго потекло, излезат да ги бараат своите граѓански права на мирен живот, спокоен живот, без тепачки по автобуси, без тепачки во училишта, со високи стандарди на живеење во толерантен дух и слично.. Сите треба за тоа да се избориме и да придонесеме.Мислам дека не треба веќе да повторуваме, туку треба да го практикуваме тоа. Знаеме дека сме најбезбедни кога сме заедно измешани едни со други. Па ние во Македонија тоа сме го практикувале со векови, светот учеше од нас во минатиот век. Не е во ред сега, во 21-от век ние да се враќаме назад? Зарем во време на европски интеграции ние во нашата Македонија и уште поситно, во еден град - Скопје, да се сегрегираме по етничка основа? За мене е ова неприфатливо и сум против ова. Наместо да помислиме на еден подруг начин, со друго мото, кое можеби сите ќе го сфатиме на ист начин: во подлистокот на Утрински весник, под името “Европа” има еден убав наслов- “Македонија има сонце за европското знаме”. Јас лобирам за еден ваков приод, за да дојдеме до Скопје како компактен град, како град на сите наши, ваши и други добронамерници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дика, имате три минути.

ЗАМИР ДИКА:

Во името на ДПА, со оглед дека се спомна неколку пати нашиот марш имам обврска да реплицирам.

Добро е што ги следи протестите на ДПА колешката, меѓутоа од друга страна жалам што не ја разбрала пораката на маршот.

Поделбата на Скопје е направена како резултат на дискриминацијата и нетретирањето на еднаков начин на албанците во рамките на Скопје. Скопје дефакто има урбанизиран дел со фантастична инфраструктура, што личи на еден

град и дел со тесни улици, без асфалт, неурбанизиран, без паркови за деца, без рекреативнизони кои личат на село и кои што се во внатрешноста на Скопје.

Затоа доколку вие сакате да помогнете да се интегрираме на содоветен начин првата работа која треба да ја направите е на вашиот претседател на партијата даречете да направи некој таков објект со парите на албанците кои влегуваат во Буџетот на Градот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Поповска.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

И јас се согласувам дека во Скопје има делови кои што се по урбанизирани и помалку урбаизирани. За жал тоа е така и токму затоа и ние заедно со ЛДП бараме поинакви ингеренции на Градот Скопје за да може да се овозможи еден рамномерен развој и правичен развој по сите делови во Градот. Да не зависи развојот на Градот од тоа кој колку е способен како поединечен градоначалник во одредена општина и за да не се прават неколку различни стратегии за развој на одредени делови на Градот.

Инаку, јас се согласувам, има такви делови на Градот. Таква е Дижонска улица, меѓутоа таква е и Керамидница, такви делови се и Шуто Оризари, меѓутоа и Тетовска трошарина, а во овие делови како што може да се види живеат мнозинство албанци, некаде мнозинство македонци, некаде мнозинство роми.

Јас апсолутно не би се согласила дека е правено намерно запоставување на некои делови од етничка основа. Напротив да не заборавиме дека и албанците од Градот Скопје...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Изминаа вашите минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Најголем дел гласаа за градоначалникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господин Хусеинџевад Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Многу ја ценамколешката, но ме изненади во делот кога зборува дека сме имале една добра традиција за соживот, а  јас ја оспорувам дека не било така. Таа добра традиција за соживот доколку беше немаше да ги имаме проблемите што ги имавме. Сета таа дискусија ме потсеќа, со инсистирањето да укажеме нешто егзистентно што е егзистентно. Се потсеќам на сето таа, на слоганот на комунизмот да го сочуваме братството и единствотокако зеницата во окото се додека не постоеше Југославија. Ве молам, сега сме во едно ново  време, една нова етапа што ја прифативме сите, дури и нашиот премиер кој рече дека Македонија од денес понатаму е нешто сосема друго. Значи не е минато. Многу со сериозност треба да разговараме и да говориме. Нашиот успех нема да биде доколку ние вратиме еден лажен некогашен мир. Само тука ја спорам претходната колешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска, една минута.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитуван колега,

Јас благодарам за репликите, затоа што јас и свесно сакав да влеземе во дискусија, затоа што мислам дека треба да разговараме. Јас предлагам за овие теми да се организираат повеќе средби на разни нивоа, каде што навистина ќе можеме сегмент по сегмент да видиме каде се разликуваме и зошто и како различно сваќаме некои работи. Наискрено го велам ова и мислам дека е тоа единствен начин да можеме побрзо да се разбереме. Јас апсолутно не мислам , ниту се залагам за лажен мир, ниту за некои лажни вредности од некое минато време. Напротив ова е време наинтеграции, сите ние  за тоа се залагаме, впрочем вие сте партија Демократска унија за интеграција, така што мислам дека не би требало да се сомневаме во добрите меѓусебни намери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Муминовиќ.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Сакав само да реплицирам на мојата ценета колешка, ја спомна Дижонска. Таа веројатно има слушнато за Дижонска, а дали е била незнам. Дека се водело сметка за сите општини исто тоа е толку, толку некоректно кажано и не држи воопшто

дискусијата. Така да ако веќе дискутираме и реквоме да отвориме дискусија тогаш треба да бидеме искрени едни према други и да кажеме , јас бидејки живеам точно до Дижонска и знам колку е водено грижа и сметка за таа Дижонска, затоа би ја молел колешката ако не можеме организирано јас и она насамо да седнеме и да разговараме.

ЉУПО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прифаќам секаков вид пристојна комуникација, меѓутоа еве сега јавно да ви одговорам и сум била на Дижонска и многу блиску во близина имам и роднини кај кои што редовно одам, така што добро ми е познат теренот. Можеби не сме се разбрале. Јас реков дека со вакво управување на Градот не можеше подеднакво да се даде внимание на сите делови затоа што имаше измешани надлежности со локалните општински градоначалници.

А само каоко илустрација колку градоначалникот Пенов се трудеше, колку може да избалансира во една година беше направена и Водњанска и улицата во Шуро Оризари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да му предложам на Собранието да го усвои заклучокот да видиме дали имаме кворум.

Сите пратеници кои се надвор од салата молам, да влезат внатре.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Ни фалат 3 пратеника, ако се некаде по ходниците нека се појават. Ќе причекаме уште две минути можеби е некој во канцелариите.

Мислам дека нема да дојде ниту еден пратеник, претресот е затворен, а утре ќе го извршиме гласањето по заклучокот.

Значи, денеска ја затварам седницата, а утре продолжуваме во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).